Крсте Петков Мисирков

# За македонските работи

Издава:
**Фондација „Рамковски"**

Скопје, мај 2007

Библиотека:
**Врвици**

Уредиле:
**Георги Барбаровски**
**Гоце Ристовски**

Според редактираниот текст на
академикот Блаже Ристовски

Компјутерска обработка и корици:
**Марјан Делевски**

Коректура:
**Сузана Митревска**

Печати:
**ИПК Родина АД, Софија**

Крсте Петков Мисирков

# За македонските работи

ФОНДАЦИЈА
РАМКОВСКИ
МАКЕДОНИЈА

Prazna

## Кон изданиево

Да си ја сакаме татковината - тоа е патриотизам. Во тоа нема ништо лошо! Напротив. Без патриотизам ниту државата не може да опстане.

Мисирков го направи тоа за Македонија и ни остави скапоцен подарок. Објавувајќи ја „За македонските работи" во 40.000 примероци и делејќи ја бесплатно, ние само го пренесуваме подарокот на Мисирков до младите генерации за да го зачуваме во колективната меморија.

**Велија Рамковски**



Prazna

## Предговор

Секој човек, како член од некоја општина или од некое другарство, има извесен долг и извесни права кон и од нив. Народот не е ништо друго, освен едно големо другарство, основано на крвно родство, на општ произлез, на општи интереси. Паметувањето на тоа родство, тој произлез и тие интереси го натеруваат секој член од некој народ да се одрече од некои свои права и интереси за да му посвети дел од своите сили на општото добро. Тоа е долгот кон народните интереси, за што членот од народноста добива заштита на своите лични интереси таму, каде што не се доста само неговите сили. Долгот кон народот е тесно врзан со долгот кон татковината, зашто поимот народ е тесно врзан со поимот татковина. Долгот кон народот и татковината зависи од историските прилики што ги преживува еден народ и една земја. Тој се применува според приликите. Долгот кон татковината и народот, до неговото исполнување, се вика народен идеал и кон неговото исполнување треба да се стреми секој свесен човек. Народниот идеал се применува според историските прилики, и тоа што денеска било народен идеал-утре, по неговото осаштествување, ќе му отстапи место на друг, за кој понапред малку се мислело. Често пак од еден народ историските прилики бараат или кореноизменување на народните идеали, коренен обрат на идеалите во друг правец, или го загрозуваат него со полно уништожување. Народните идеали, или долгот кон татковината, се разбираат од разни членови на народот различно. Кој најверно го разбрал вистинскиот и најправиот народен идеал се гледа со порамнувањето на разбирањето на народниот идеал од разни лица. За да може да се направи порамнување и оценување на различно разбраните народни идеали, треба тие да бидат искажани усно или на книга. Искажувањето на своето разбирање на народните идеали и критиката на таквите не е празна работа, зашто идеалите се душата на општата народна работа и од здравоста на таа душа зависи и здравоста и плодовитоста на самата општонародна работа. Лошо разбраните народни идеали само ги зголемуваат народните несреќи, без да му донесат полза на народот.

Така разбирајќи го долгот кон татковината, јас се решив, прво, да го изложам моето разбирање на народните идеали на Македонците во еден ред расудувања, прочитани во петроградското Македонско словенско научнолитературно другарство „Св. Климент" , а после и да ги напечатам во оваа книга, каде што се поместени и расудувања непрочитани во споменатото другарство. Со тоа мислам дека исполнувам, спроти моите сили, еден дел од мојот долг кон народот мој и кон татковината моја.

Мнозина од македонските читачи ќе бидат зачудени од појавувањето на таа книга. За зачудување ќе им биде во неа многу. Некои ќе речат: зошто отцепување од Бугарите, кога ние досега сме се велеле Бугари и соединувањето, а не расцепу-

вањето, ја прави силата? Други ќе расудуваат оти со полното отцепување, од една страна, ќе ликуваат нашите непријатели, коишто ги насочуваат сите свои сили да ги ослабнат балканските Словени за да си подготват почва за разделување на балканските земји помеѓу нив, а од друга страна, оти тоа ќе не натера нас Македонците да се откажеме од нашиот прв долг, да се бориме за политичка слободија, да разрушиме се досега направено и да зафатиме се одново, така да се рече, од азбука. Трети ќе најдат оти јас проповедувам некаква надеж за поправување на Турците спроти нас и на европските реформи во нашата татковина, кога досега јасно било докажано оти ни Турција сакала, сака и ќе сака реформи во Македонија, ни големите држави се наклонети да ја принудат Турција за да ни даде некакви, па и најмали реформи. Големите држави, велат мнозина, само играат дипломатска игра со реформи за да не склонат нас да се откажеме од оружената борба со Турција, од која се нарушува нивниот мир, а кога ќе се одречеме од таа борба тие ќе ослабат да бараат од Турција реформи за Македонија.

Тие се најглавните приговори што ги очекувам од мнозина од моите сонародници. Ми се чини оти они не се прави и ете зошто: Во новата книга се зборува, вистина, и за отцепување и за соединување, но за отцепување од тие што сме веќе отцепени и со кои никојпат не ќе ни дозволат да се соединиме, а за соединување со тие со кои сме морално задолжени да се соединиме и со кои соединувањето е возможно. Ако со нашето отцепување од балканските словенски народи го постигнеме соединувањето на сето македонско словенско население во едно цело, ние не ќе ослабнеме, туку ќе се усилиме, така што од исполнувањето на идеите што се развиени во таа книга само ќе се оправда пословицата дека силата е во соединувањето.

Сега се прашува: дали од нашето отцепување од балканските народи ќе се восползуваат нашите непријатели и кои се тие? Сега во Бугарија е мода да зборуваат дека најголеми непријатели на балканските Словени се: Русите и Австро-Унгарците, кои сакаат на почва на македонското прашање да се зафати и да се продолжи една борба меѓу Србите и Бугарите, која ќе ги ослаби силите и на едните и на другите до таква степен што ќе треба да се набркаат во балканските работи Русија и Австро-Унгарија и првата ќе ги завојува Бугарија и Стамбол, а втората Србија и Солун. Јас ќе си дозволам да не се согласам со такво длабоко политичко „далековидување". Може Бугарите и се прави кога мислат оти Русија без Бугарија не може да саштествува, ни политички ни економски, но тоа е бугарска политика, а јас не сум намерен да политикантствувам бугарски. Јас сум Македонец и интересите на мојата татковина ми се претставуваат така: не Русија и Австро-Унгарија се непријателите на Македонија, а Бугарија, Грција и Србија. Само енергичната борба со тие три држави ќе ја избави од погубување нашата татковина.

Борбата со трите балкански држави не им противречи на нашите интереси, кои се достигаат и со револуција и со еволуција, или постепено развивање на нашиот народ во морално-религиозен правец. Револуцијата стана и иако има најужасни последици за нас, пак даде некои благодатни резултати со коишто можат да бидат задоволени нашите борци за национална слободија: тоа се

Мирцштегските реформи, кои ќе бидат раширени спроти нуждите што ќе се покажат со време. Идеите за полно отцепување на нашиот народ од другите балкански народи не се противречје на досегашното работење на нашиот народ за слобода, а само продолжение на неговото досегашно работење, врз еволуциона почва. Досега нашиот народ се интересуваше повеќе само за полна политичка автономија, а во националните наши интереси допушташе башибозучки да му се набркуваат разни неканети гости, како: Бугари, Грци и Срби. По политичката борба иде значи националната. Но борбата со пропагандите во Македонија не е чекор назад, туку напред, зашто и тука имаме работа со борба за слобода, со борба со мрачните сили што не ѝ дозволуваат на нашата татковина сама со свои очи да ги гледа своите интереси, ами ѝ наврзуваат очила што ја замрачуваат вистината и ѝ придаваат бугарска, српска и грчка боја. Време е да ги отфрлиме од очите наши мрежите што ни ги кладоа националните и верските пропаганди во Македонија.

За нашите односи кон Турците јас можам да речам само едно: ние сме задолжени да направиме се што се бара од нас за да ѝ докажеме на Турција оти нејзиното останување како европска држава среќава во нас полно сочувство. Ние сме задолжени да бидеме лојални поданици на Неговото Царско Величество Султанот. Но притоа бараме и ќе бараме од Неговото правителство цел ред реформи, кои ќе ни ги сочуваат најглавните интереси на нашето национално и културно развивање. Јас мислам оти ние треба да бидеме лојални кон Турција, но претполагајќи оти турското правителство и народ ќе разберат најпосле оти интересите на нивната држава во Европа се совпаѓаат со нашите и зависат најмногу од нив, а не си противречат, и затоа Турците први ќе треба да го докажат искреното сакање да се во мир со нас и со тоа да ја заслужат нашата поддршка на нивните интереси. Ако пак тие мислат со нас да не се церемонат и да не лажат Европа и нас со реформи што не ги исполнуваат, тогаш не ќе се зачуди Турција ако и ние ги обрнеме нашите погледи кон Европа и од неа бараме да се воведат во нашата татковина со сила тие реформи што се признаваат од силите европски за вистинска требност за успевањето на религиозно-националното и културното развивање на македонските рисјани. Европа ќе ги обрне погледите на нашите барања, зашто таа е задолжена да го направи тоа со два меѓународни акта: проектот за реформи во Македонија од февруари и Мирцштегскиот проект. Тие два меѓународни акта ни обеќаваат постепено раширување на реформите во Македонија и со тоа ни даваат право да се обраќаме до двете реформаторски држави со меморандуми и по други патишта за да им укажеме на нашите религиозно-национални и економски нужди, како и на тоа што го прави Турција, за да се исполнат тие наши нужди.

Знам многу арно оти мнозина со иронија ќе се однесат кон моите надежи за европски реформи. Но на тие иронии еве со што јас ќе одговорам: Не е вистина кажувањето дека не ќе излезе ништо од усилбите на Русија и Австро-Унгарија да се уредат работите во Македонија. Проектите за реформи и усилбата да се воведат тие не се, како што мислат мнозина, само игра да помине време и да си остане се како што си било. Проектите за реформи на Русија и Австро-Унгарија се

меѓународни акти, неисполнувањето на кои од Турција е насмешка и оскрбување за реформаторските држави и им дава полно право за репресалии против нарушувачот на меѓународното право. Да било така лесно и безнакажано престапувањето на меѓународното право, досега државите денеска ќе примаа на себе разни задолженија и утре ќе се откажуваа од нив. Но не било така.

Реформите руско-австриски, штом се меѓународен акт, ќе им даваат право секогаш на Македонците да настојуваат пред големите сили да се исполнат во целост. Нека не мислат оти тие можат да бидат закопани, како што е закопан Берлинскиот договор со неговиот 23 член за Македонија. Берлинскиот договор вистина е закопан, но не од Европа, а од Бугарија, која го изврши соединувањето со Источна Румелија со насилствен преврат - без согласност на државите што го потпишаа Берлинскиот договор, а со нарушувањето на еден параграф се нарушува и целиот договор. Сегашните руско-австриски реформи многу се разликуваат од Берлинскиот договор со тоа што тие се само меѓународен акт склучен меѓу три држави. Освен нив, важен фактор се јавуваме само ние Македонците. Волјата на двете сојузни држави: Русија и Австро-Унгарија може да сретне противдејство само од Турција и од нас, но најповеќе од нас, зашто со реформите се бараат, не од нас, а од Турција, задолженија и ако ние со нашите работи покажеме оти тие задолженија што се бараат од Турција не нè задоволуваат, тогаш ние само ќе ѝ помогнеме на Турција ништо да не воведе од реформите што се бараат од неа. Турција ќе вели оти таа се што може да направи ќе направи и направила, а повеќе не можела да направи затоа што комитетите не му даваат на населението да се успокои, а во една земја каде што се е во воена состојба сите добри намери на владата се рушат од спротивставувањето на немирното население; а ако воената состојба се продолжи повеќе од една година, реформите ќе застарат по наша вина и ќе се закопаат. Таква една служба ние ѝислуживме на Турција по објавувањето на февруарските реформи. Исто така, ако не сакаме никакви реформи, можеме да ѝ послужиме и за напред. И после, како и досега, пак ќе ја фрлиме вината на големите сили, кои секојпат излегуваат криви за нашите грешки.

Настаните што се развија досега ни покажаа јасно колку ние самите можеме да си напакостиме, мислејќи оти постапуваме правилно.

За да се предупредат жртвите од едно секадешно востание, се изработи февруарскиот руско-австриски проект за реформи, вистина не совршен, но со договор оти тој ќе биде постепено раширен. Поминаа месец, 2, 5, 7 и ништо од него не излезе. Се прашува: зошто? Ќе одговорат нашите: зашто Турција и Европа не сакаат сериозно реформи. Но не е така. Турција може и не сака реформи, но сакаат тие што го изработија проектот. Се прашаше само: кому приликите ќе му дозволат да наддели? А во тие прилики најважен фактор бевме ние. Да се склоневме пред волјата на Европа и четите или да се предадеа или да се оттргнеа во Бугарија, или барем да се направеа некои преговори со реформаторските држави, во кои просто можеше да се рече оти или ќе се оттргнат или ќе се предадат, но нека не го мачат Турците мирното население затоа што може некаде се имаат пушки, тогаш ќе

настапеше во Македонија мирно време кога ќе се бараше од Турција да се воведат во полност реформите и да се оттеглат војските од Македонија. Но што направи комитетот? Тој реши 4 месеци да ги чека резултатите од воведувањето на реформите и после со „чиста совест" го објави востанието. Во време на објавувањето на востанието комитетот можеше да рече оти тој не им пречел на големите држави да ги воведат реформите. Но тоа не е точно. Вистина, четите ги избегнуваа битките, но тоа уште не значи дека не пречеа да се воведат реформите. Тие ги избегнуваа, но Турците бараа битки и успеаја повеќе од комитетот. Комитетот кажуваше дека нема чети, нема противдејство на реформите од негова страна, а пак Турците кажуваа дека има чети, населението дека има оружје и се готви за востание, војската има постојани судири со четите, четите ги убиваат мирните жители што не ги слушаат и му се верни слуги на падишахот. Ако ги земеме новините од времето на публикувањето на февруарските реформи до и по објавувањето на востанието во Битолско на 20 јули и ги прегледаме во нив телеграмите од Стамбол, тогаш ќе видиме оти Портата постојано им претставува на рускиот и на австро-унгарскиот амбасадор списоци од битките на турскиот аскер со четите, списоци од најдено оружје при претресите кај населението, списоци од убиства извршени од четите над мирното население. И најпосле списоци од воведени реформи. Што сакаше да рече Турција со тие списоци е многу јасно: „Јас сакам да воведам реформи во Македонија, но наместо реформи сега-засега ќе воведам аскер и маки, зашто земјата се готви за револуција, подготвувана од престапното работење на комитетите, коишто претставуваат како држава во држава: ќе ми дозволите првин да ја смирам земјата и да воведам мир, а после ќе се воведат нужните реформи". Со други зборови: комитетот ми дава возможност за една година да се извинувам за неисполнувањето на реформите а после не ќе ги воведам, зашто тие ќе остарат. Ете каква услуга ние ѝ направивме на Турција со нашето недоверување кон австро-рускиот проект од реформи. Сакаме ли уште еднаш да не ѝ послужиме на Турција и пак да не ги направиме криви другите за нашите грешки? Јас мислам оти ништо друго не ни останува да направиме, освен да се однесеме со полна доверба кон реформаторските усилија на двете заинтересирани сили и со тоа да ги ангажираме час поскоро да се воведат обеќаните реформи.

Со овие неколку зборови јас сакав да ја појаснам содржината на предложената на македонските читачи книга за најважните за нас прашања. Како следбеник на идејата за полно одделување на нашите интереси од интересите на балканските народи и за самостојно културно-национално развивање, јас и ја напишав на централното македонско наречје, кое за мене отсега натаму има да биде литературен македонски јазик. Нерамностите што ќе се покажат во јазикот на мојата книга се сосем природни и ќе може да се отстранат само при едно подлабоко знаење на централното македонско наречје, со што не можам да се пофалам. Но и притоа се надевам оти за Македонците ваквиот јазик ќе биде попријатен и позвучен од јазикот на нашите соседи, со кои ние сега-засега се дигаме наголемо.

## Што направивме и што треба да правиме во иднина?

Долгоподготвуваното и многуочекуваното востание најпосле излезе на јаве. Нашите земјаци си ја покажаа сета јунаштина и готовност да се пожртвуваат за интересите на својата татковина. Борбата беше и е очајна. Сиот европски свет ги обрна своите погледи на неа. Новините се преполнија со известија од театарот на востанието. Редум со известијата за борбата меѓу четите и Турците, во новините се печатат и известија за турските ѕверства над мирни жители. Европејците се потресоа и се ужасија од тие известија и зафатија да им го укажуваат нужното влијание на своите влади за да се пресече колењето на мирното население и да му се помогне на несреќното македонско жителство. Во Бирмингем ворстерскиот владика направи во црквата молебен за спасението на македонските христијани. Кентерберискиот архиепископ се обрна кон англискиот министер-президент Балфур со молба од името на Англиканската црква да им се помогне на Македонците. Европското општество почнува да подготвува помошти за македонските страдалници. На патувањето на германскиот император му се придава политичко значење, меѓу другото и за македонските работи. Турција, како што се гледа, како да се најде на тесно, па ѝ предложи на Бугарија да се дојде меѓу нив до едно согласување за македонското прашање. Разни влади прават официјални декларации по нашите работи. Од Стамбол телеграфираат во разни европски новини („Стандард") оти англиската и француската средоземна флота добиле повела да се наоѓаат блиску до македонските води. Пак од таму телеграфираат оти војната меѓу Бугарија и Турција е неизбежна. Од Софија телеграфираат оти тамошниот воен министер зел од офицери на разни европски и американски држави предлог да се примат тие во бугарската армија.

Што покажуваат сите овие факти? Дали покажуваат оти движењето ја достигна својата цел? Дали можат раководителите на движењето да се пофалат со успех? Дали принесените жртви за ослободување не се напразно?

Можеби некој, а можеби и мнозина меѓу нас ќе речат оти уште е рано да се суди за резултатот на востанувањето. Главната работа на Комитетот и четите е напред. Досега може не е исполнета ни половината, ни четвртината од целиот план изработен од Комитетот и неговиот Главен штаб.

Да. Секогаш, по секое прашање имало разни погледи. Така ќе биде и во дадениов случај.

Јас од моја страна ќе си дозволам со чистосрдечна жал да видам во сегашното движење полно фијаско. Сите тие дополнувања што ќе се придодаваат кон понапрешниот руско-австриски проект за реформи не само што не чинат 100.000 обездомени души, 3.000-5.000 човечки жртви и полно обескуражување на жителството во Македонија, ами не чинеа ни 100 човечки жртви. Тие придодав-

ки ќе се добиеја и без капка крв.

По резултатите што ќе се добијат од сегашното востание, последново ќе може да се нарече една од најголемите, ако не и најголема несреќа за нашиот народ. Не е рано да се предвидат резултатите и крајот на нашето востание. Тие можеа да се придведат уште пред неговиот зафаток.

Уште во времено на февруарското руско официјално соопштение беше јасно оти Европа никојпат нема да ги задоволи во полна степен барањата на Комитетот. За да се исполнат нашите сакања требаше да се војува со Турција; само по победување ќе можеше да се натера Турција да ги исполни нашите сакања. А се победува Турција не од нас и не од Бугарија, ами или од голема сила или од нас, Бугарија, Србија и Црна Гора заедно, при неутралноста на другите држави. А ни едното ни другото тогаш за тогаш не можеше да се замисли. Комитетот тоа требаше да го знае и мислам го знаеше. Но, неговите раководители мислеа друго: тие во иднината, како и во сегашното, го гледаа само тоа што им е пријатно да го видат. Тие велеа: „Ние не сакаме ни една држава да војува за нас: тие можат просто да ги испратат своите флоти во Солун и да ја принудат Турција да ни даде реформи. Ние сакаме да направат и со Македонија како што направија; со Крит". Не еднаш сме спореле оти има разлика помеѓу Крит и Македонија, оти има држави што се заинтересирани за статус квото и ќе направат сѐ возможно да нема замешување во наша полза. Та и да има замешување, има ли основа да се мисли оти тоа замешување, имено, ќе биде во наша полза, а не на наша пакост? Се покажуваше оти сегашниот момент е најнеблагопријатен за воставање. Но, нашите раководители замижаа пред вистината и востанието се зафати; се зафати славно за да се заврши плачевно и погубно. Не бев јас сам што гледав на предвременоста на востанието. Така гледаа и мнозина други. Но, никој не си го креваше гласот против. Критиката на држењето на Комитетот беше само во домашните кругови. Но, таа беше бесполезна, па и опасна, не само за тие што се критикуваат, ами најпосле за тие што критикуваат: Комитетот беше сесилен; тој ги имаше во своите раце животот и смртта на сите граѓани и не примаше никаква критика на своите постапки. Тие што не се со него, се против него и се негови непријатели што треба да се истребат. Да ги критикува работите на Комитетот можеше само друг комитет што располага со сила. Организацијата пак на контракомитет беше и доцна и бесполезна. Меѓу комитетите тогаш ќе се зафатеше погубна меѓусебна борба.

И така борбата се зафати против барањето на секое благоразумие. Таа даде многу резултати, само не оние што се очекуваа. Меѓу сите појави што го придружуваат движењето најголемо внимание заслужува руското „Владино соопштение" од 11 септември ов.г. По него промеморите од рускиот и од австроунгарскиот пратеник до Портата и во Софија и писмото на англискиот министерпрезидент Балфур до кентерберискиот архиепископ.

„Владиното соопштение" изјавува оти руската влада ќе ги бара за Македонија оние реформи што се изработени во месец февруари од Зиновјев и Каличе и оти тие реформи се само почетокот и ќе бидат развиени понатаму соо-

бразно со нуждите на жителството. Тоа место беше и во февруарското Владино соопштение. Не покажува ли тоа оти пошироки реформи од оние што ни беа дадени ќе можевме да добиеме и без револуција, а само со вешти, мали народни движења? Ако е така, тогаш сегашното востание ни за една јота не ја измени положбата.

Но, во Владиното соопштение има уште едно многу важно место: револуционерните комитети, според изразувањето на руската влада, сакаат да создадат „Бугарска Македонија", а Русија, за којашто се блиски и интересите на другите христијански народности во Македонија, не може да ги жртвува нивните интереси за Бугарите.

Разбраа ли во Бугарија што означуваат тие зборови? Разбраа ли во Македонија? Разбравме ли, најпосле, ние?

Русија отворено ни кажува зошто таа не работи и не може да работи инаку. Дали е права Русија во своите тврдења? Дали може таа да постапи инаку?

Ако се поставевме во положбата на руската влада, и ние не ќе можевме да постапиме инаку.

До 1878 год. сите, па и руската влада, велеа оти Македонците се Бугари. По Берлинскиот договор Србите истапија со своите претензии на Македонија. Прави ли се тие или не, не е важно за дипломатите. Србите во текот на 25 години, особено во последниве 20 години успеаја, ако не да ги направат Македонците Срби, тогаш барем да создадат во европското јавно мислење убедување оти во Македонија има и Срби. Ако селското население и сега си зборува како што си зборувало и понапред и зборува одред низ цела Македонија само на еден словенски јазик, - во градовите, редум со бугарските машки и женски гимназии и основни училишта; насекаде ќе најдеме и српски. Едни села имаат српски, други бугарски училишта. Едни селани со нивните учители и попови ја признаваат Патријаршијата и се под покровителството на српски или грчки конзули, а други го признаваат бугарскиот егзарх и ги слушаат бугарските трговски агенти. Сето се факти за дипломатијата, којашто има да се сообразува со дејствителноста, а не со теоријата за народноста на Македонците. Политиката нема работа со науката. Па и да има работа, зар е докажано, како два и два се четири, оти се Македонците Бугари? До Руско-турската војна имаше само една теорија за нашата народност. Сега се две. Кон нив се придодава и трета - оти Македонците се нешто средно меѓу Србите и Бугарите Приврзаниците на таа теорија пак се подразделуваат: 1. на коишто кажуваат оти тоа средно е еднакво далеку и од Србите и од Бугарите; 2. оти тоа е поблиско до Србите; 3. оти е поблиско до Бугарите; 4. оти дел е поблиско до Бугарите, дел - до Србите. Не е важно за дипломатите каде е вистината. Важен е фактот оти во македонското прашање се заинтересирани етнографски, редум со Бугарите и Грците, уште и Србите. Освен тоа, и политички Србија е не помалку заинтересирана за судбините на Македонија. Последнава за Србија има поголемо значење, отколку за Бугарија, оти Бугарија може да излезе на Егејското Море и преку Кавала и Деде-Агач.

Ако е така, зар можеме да се чудиме на поведението на Руската влада по македонското прашање и на нејзината изјава оти Русија нема да му помогне на Комитетот да се создаде „Бугарска Македонија”?

Некој од нас може наивно ќе забележи: „Комитетот не сака да ја направи Македонија бугарска; тој сака правина за сите Македонци, без разлика на вера и народност”.

Како може комитетот да докаже оти тој работи во таква смисла? Со едни зборови не се докажува. Поведението на самиот Комитет зборува против неговите тврдења. За да се дигне револуција во полза на сите народности во Македонија, треба Комитетот да биде образуван од претставници на сите македонски народности. Инаку, кој му дал право на Комитетот да работи од името на сите Македонци и во полза на сите нив?

Комитетот можеше да работи и од името и во полза на еден огромен дел од Македонците, т.е. од најсилната народност. Но, требаше да има цел ред докажувачки оти работата на Комитетот не е врзана со интересите на соседните држави и народности, а им противречи и е во полза не само на господствувачките, но и на сите други националности.

Ништо слично нема. Организацијата е тесно врзана со Бугарија. Шумот од организационото движење отпрвин се дигна во самата Бугарија. Тоа покажа кој најмногу е заинтересиран за македонското движење затоа го пренесоа центарот негов во Македонија и направија уште еден цел ред фокуси за да се покаже оти брканицата е однатре и е самородна појава. Но, кого го излагаа со таа маневра? Не е ли јасно како бел ден оти брканицата е тесно врзана со Бугарија, со бугарското име и со бугарските пари?

Ќе речете оти народот ги направил најголемите жртвувања во полза на движењето. Тоа е така, но не треба да се заборава оти организаторите на движењето во повеќето случаи беа чиновници егзархиски. Се разбира само од себе оти тие со своето учество во револуционерните работи одеа во расчекор со интересите на Егзархијата; но, при се тоа, тие беа бугарски чиновници.

И така Револуционерниот комитет беше чисто македонска организација по произлез и по неговиот состав, но тоа беше само работа на еден дел од една од македонските националности, врзана по име и по црковно-училишните работи со бугарскиот народ и држава и нивните интереси. Тој комитет, во сушност македонски, за надворешниот свет и за христијаните во Македонија неегзархисти беше комитет бугарски.

Комитетот не може да им докаже ни на надворешниот свет, ни на самите Македонци неегзархисти оти тој не е бугарски.

Радев со својот „Movement Macedonien“ мислеше да ја убеди Европа оти движењето е чисто македонско и нема ништо општо со Бугарија. Истото сакаа да го докажат и „Право” и другите македонски и бугарски весници. Но, ја достигнаа ли тие целта? - Не.

Покојниот А. А. Ростковски не еднаш велеше: „Бугарите мислат оти само тие

имаат ум на светов, а сите други се будали. Кого мислат да го излажат тие со статиите во 'Право' и во другите весници оти Македонците ја сакаат Македонија за Македонците? Знаеме ние многу арно што сакаат тие!" А каков впечаток му правеа на дипломатскиот свет новинарските уверувања на комитетот и на Бугарите за македонското движење? Не треба да се заборава и тоа како се изразуваа во европските весници за битките на четите со Турците: четите се викаа банди и тоа бугарски, а не македонски. За убиените четници не кажуваа: „Убиени се толку души Македонци, ами толку души Бугари".

Се прашува, кого го убедија „Movement Macedonien", „Право", „Автономија" и др. во тоа оти се борат за слобода Македонците, а не оние што се викаат „Бугари" и се од Македонија и Бугарија? - Никого.

Можеби Комитетот успеа во самата Македонија да биде општомакедонски, само не доби признание од надвор, во Европа? - Одвај ли.

Револуцијата треба да биде работа на сите Македонци, или на мнозинството од нив, за да може да се нарече општа. Во самиот Комитет треба да бидат застапени сите, или неколку народности. Интелигенцијата на тие народности треба да си подаде една на друга рака и секоја од нив да земе да ја популаризира идејата во својот народ. А што видовме всушност? Не само интелигенцијата на сите народности, не и на мнозинството од нив, ами па и интелигенцијата на најсилната македонска народност - Словените, не сета беше застапена во Комитетот: србоманската и гркоманската македонска словенска интелигенција беше настрана од Комитетот, па и непријателска. Значи, Комитетот во патријаршиските села и градови, и во делови од села и градови, беше неканет гостин. Патријаршистите Словени можеа и да му сочувствуваат, но затоа што нивната интелигенција беше против Комитетот, нема сомнение оти и самите селани троа му сочувствуваа, но тоа сочувство беше побркано со неувереност и со сомнение во веќавањата на Комитетот. Кон тоа неопределено чувство се присоедини и страв. Селаните се најдоа меѓу два огна: војската и комитетските чети.

Кога едно движење во едни места се распространувало со убедување, а во други со сила, може ли да се нарече општо?

Ние можеме да го велиме како што сакаме, но во дејствителност тоа беше само частично. Тоа беше и е работа на егзархистите, коишто се величаат „Бугари", па следствено, тоа е бугарски маневар за да се реши македонското прашање само во бугарска полза; тоа е да се создаде една „Бугарска Македонија". Може да не е уште јасно оти ако се задоволат сакањата на Комитетот, Македонија и навистина ќе се направи бугарска? Ќе се постарам да покажам појасно како реформите можат да ја побугарат Македонија.

Се прашува: кој јазик ќе биде официјален? Одговараат: јазикот на „мнозинството". - На кое мнозинство? - Тогаш ќе се види.

Не се запрашуваат потаму: како ќе узнаат кое е мнозинството.

Да си претставиме ние сега оти ја каде Митровден доаѓа меѓународен одред и ја окупира земјата. Тој, меѓу другото, ќе треба да го реши и прашањето за офи-

цијалниот јазик, а пак да го оставиме официјалниот, прашањето за јазикот во училиштата.

За некои тоа прашање е многу лесно: нека се признаат неколку официјални јазици, т.е. и турски, и бугарски, и српски, и грчки, и влашки и албански, според населението на областа. Зборуваат притоа: како што беше во Источна Румелија (Јужна Бугарија), а таму ќе се види каде има Грци, каде - Срби, Бугари, Турци, Власи и Арнаути. Некои уште додаваат: и за Источна Румелија велеа оти имало Грци во неа, но по ослободувањето се покажа колку Грци има таму. Со други зборови, дајте им ја вие власта во рацете на Македонците, тоа треба да се разбере на оние од нив што се викаат Бугари, та од неколку години после вие ќе видите оти и во Македонија од другите народности ќе остане тоа што остана од Грците во Источна Румелија, по ослободувањето на последнава. Со други зборови, цела Македонија ќе стане бугарска.

Од тука не е ли јасно оти Бугарија и Комитетот сакаат да создадат „Бугарска Македонија" на штета на другите христијански македонски народности?

Ама зошто бугарска, зошто не српска? Ќе стане бугарска, зашто и е таква; да имаше во неа повеќе Срби, ќе се станеше цела српска и бугарскиот елемент ќе ослабнеше. Сето тоа е јасно и справедливо од бугарско гледиште. Но, нека не се заборава дека има и друго, и притоа многу други гледишта на македонското прашање, како: српското, грчкото, влашкото, руското, словенското, австриското и на другите западноевропски држави. Ако е така, тогаш претполаганиот окупациски одред на чие гледиште ќе треба да застане?

Нема сомнение дека најлесно тој ќе го реши прашањето за јазикот во училиштето и во месната управа во тие места каде што живеат патријаршисти со грчки јазик, Арнаути муслимани и католици и Турци муслимани. Помачно ќе може да се реши прашањето во тие места каде што има: 1. патријаршисти Арнаути, 2. патријаршисти Власи, 3. патријаршисти Словени, 4. Словени муслимани и 5. егзархисти Словени.

Сакајќи да го направат поголемо значењето на словенскиот јазик во Македонија, Словените ќе бараат од окупацискиот одред да се признае за официјален во местата со Словени Муслимани - словенскиот јазик: а самите Словени Муслимани, по религиозни причини, можат да го бараат турскиот јазик. Окупационите власти кого поскоро да го задоволат? Ако постапат правилно без сообразување со религиозните потреби, ќе направат насилство. Истата тешкотија и во уште посилна форма ќе се сретне при решавањето на прашањето - кој јазик треба да се признае за во училиштата и во општинската управа во патријаршиските реони. Романската влада ќе бара за Власите романски јазик, а Патријаршијата со видните парохијани ќе бараат грчки. Ако не се задоволат барањата на романската влада, ќе се постапи неправилно и неправедно; ако пак се задоволи барањето на романската влада, против желбата на парохијаните, ќе се направи насилство.

Патријаршијата ќе бара грчки јазик и за православните Албанци - Тоските.

Самите Тоски немаат дозреано до национално самосознание, затоа Патријаршијата ќе успее. Но другите македонски народности, заедно со другите Албанци, ќе позавидуваат на усилувањето на грчкиот јазик за сметка на другите и ќе организираат партија против грчкиот јазик. Нема сомнение дека тука нема да биде така лесно окупационите власти да се ориентираат.

Но најмачно е прашањето за официјалниот и училишниот јазик во словенските делови на Македонија. Тука се: едни патријаршисти, други егзархисти по вероисповедување, ако не се зборува за католиците и муслиманите. Патријаршистите се признаваат од Турците за Грци-уруммилет, а од Србите и Бугарите за Срби и за Бугари. Егзархистите, сами и од турските власти, се бројат за Бугари, Србите пак ги бројат Срби. И така, Патријаршијата ќе сака во поголемиот дел на Македонија со словенско население да го установи грчкиот јазик за во училиштата и во управата. Во своите пожелби Патријаршијата ќе сретне отпор од Србите и Бугарите. Но последниве, оспорувајќи му го правото на грчкиот јазик во словенските краини, сами не ќе можат да се разберат и да определат каде ќе треба да биде бугарскиот и каде српскиот јазик.

Мисли ли комитетот оти ако тој сака да го игнорира прашањето за јазикот во разни делови на фантазираната, барем сега за сега, автономна Македонија, го игнорираат истото прашање и заинтересираните балкански народности, особено Србите? Мисли ли тој оти Србите му веруваат дека се работи на „Македонија за Македонците", ако се игнорира прашањето за јазикот на Македонските Словени, и дека тоа прашање лесно и праведно ќе се реши со добивањето на автономни права? Ако мислат така, многу се лажат.

Ако автономијата на Македонија се јави како резултат на сегашното востание, тогаш македонското прашање ќе се реши не во полза на Македонците, а во полза на Бугарите, зашто комитетот, како што видовме погоре, работи под бугарска фирма. Тие од Македонците што добија образование во Бугарија ја зедоа иницијативата за ослободување и тие досега ја играа, може да се рече, не само главната, ами и исклучителната улога. Ако нивното работење се овенча со успех, тие, а со нив заедно и бугарските интереси, ќе земат врв над туѓите интереси во Македонија. Ако востанието успее, не е ли јасно оти за него ќе има да се благодари на Бугарите, и затоа таму, каде што сега Србите конкурираат со своите пари и својата пропаганда со бугарските пари и пропаганда, ќе го изгубат секое влијание на своите клиенти? Зар не му мислат Србите оти со успехот на востанието, ако се праша: на кој јазик ќе треба да зборува судијата, да launch речеме, во Тетово? - автономната влада што ќе биде од „мнозинството" ќе одговори: на бугарскиот: истото ќе го одговорат и месните жители, зашто во нивните очи Бугарите, а не Србите излегоа херои. Исто така во полза на Бугарите ќе се реши и прашањето за јазикот во градските и селските училишта. А бидејќи во автономна Македонија ќе нема место за пропагандите, тогаш Србите ќе треба да им отстапат место на Бугарите. Но ќе се согласат ли на тоа Србите? Тие може и би се согласиле да е тетовскиот говор многу близок со бугарскиот литературен јазик. Но тие знаат оти

не е така. Тие знаат оти во тој говор вистина се имаат особини општи со бугарскиот јазик, но исто така се имаат и особини општи со српскиот јазик, па и такви што се немаат ни во српскиот ни во бугарскиот јазик, а им се својствени само на македонските наречја. Се прашува: ќе дозволи ли и може ли да дозволи Србија во тетовскиот говор да се развиваат наместо македонските и српските-бугарски особини, а заедно со јазикот да се развиваат во Тетовско наместо македонски и српски-бугарските интереси? Има ли таа право да протестира против бугаризирањето на Тетовско и да бара заштита на своите интереси таму против бугарските посегнувања? Има ли Русија морално право да ги заштитува нарамно со бугарските и српските интереси?

Оттука јасно се гледа дека прашањето за јазикот, особено за јазикот во областите со словенско население, е едно од најважните при разрешувањето на македонското прашање. Да имаше меѓу Словените во Македонија национално и религиозно единство и да имаше сознание за нив во жителството, досега наполовина ќе беше решено македонското прашање. А до кога едни Македонци се кажуваат патријаршисти, други егзархисти: едни Бугари, други Срби, трети Грци и го бараат покровителството кај различни балкански држави, давајќи им со тоа право да се бркаат во македонските работи, до тогај не може да се мисли за општо востание: до тогај ќе биде само парцијално: со бугарски, српски или грчки, но никако не со чисто македонски карактер.

Тоа нешто е јасно за сите, само не за нас Македонците и за раководците на сегашното востание. Тие раководци ги прават сите усилби да ги покажат мотивите и самото движење како што им се сака ним; ама работата е оти не само ние, ами и другите имаат разум и очи да видат и да разберат како е вистината. Комитетот се срди зошто конзулите не ги осветлуваат работите како што се. Но ако се осветлат тие како што се, тоа не ќе му се бендиса на комитетот. Комитетот, со други зборови, бара европските влади да гледаат на работите во Македонија со македонски очи, т.е. со очите на комитетот: а да беше така работата, немаше зошто европските влади да имаат свои агенти во Македонија.

Но ако имавме ние морално право да бараме од претставниците на европските држави во Македонија точно и непристрасно да ги осветлуваат своите влади и европското општествено мнение за работите во Македонија, тогаш наш морален долг беше да сме и ние осветлени за европските интереси во нашата татковина, особено за интересите на балканските државици.

Ние требаше да знаеме оти против нашето востание ќе бидат: и Каравлашко, и Србија и Грција. Каравлашко не може рамнодушно да гледа на засилувањето на Бугарија со давањето автономна управа на Македонија. На автономијата се гледа како на преоден степен кон соединување на Македонија со Бугарија. Каравлашко не може да го допушти на неговите граници создавањето на една голема Бугарија, која, може, после ќе ја бара од неа Добруџа! По тие политички сообразувања, и да има во Македонија чисто бугарско и само бугарско население, таа не ќе го допушти соединувањето меѓу турски и бугарски Бугари, таа не може да го допушти

во своја штета нарушувањето на територијалната целост на Турција. А Каравлашко е во сојуз со Тројниот сојуз, којшто ќе ги покровителствува каравлашките интереси на Балканскиот Полуостров.

Интересите на Грција во Македонија се уште поголеми. Иако нема многу Грци во Македонија, пак Грција е не помалку заинтересирана во нашите работи од другите балкански државици. Секоја држава се мачи, ако не да прави нови завладувања, политички, економски и културни, тогаш да ги зачува оние што се направени од понапред. Грците со својата Цариградска патријаршија им го имаат наложено грчкиот јазик во училиштата и црквите на многу македонски краишта, каде што нема Грци. Природно е дека ќе ги употреби Грција сите дипломатски патишта за да се задржи во Македонија на тие позиции, каде што се наоѓа од средните векови, особено од времето на турското завладување на Македонија, а грчките интереси во Македонија се бранат не од една Грција, а и од големите сили што не сакаат да се засили словенскиот елемент.

Но, најмногу е заинтересирана во македонските работи Србија. Таа пројавува етнографски и историски претензии на Македонија. Но освен нив, има и политички причини што никојпат не ќе ѝ дадат на Србија да допушти да се реши македонското прашање во полза на една од балканските држави, особено во полза на Бугарија. Автономна Македонија, како пат по којшто ќе се дојде до соединувањето на Македонија со Бугарија, Србија никојпат не ќе ја допушти. Зголемувањето на Бугарија од присоединувањето на Македонија не може да биде допуштено од Србија не само затоа што со тоа ќе се наруши рамнотежата на Балканскиот Полуостров, а најмногу затоа што по неговото извршување Србија ќе се најде помеѓу две посилни од неа држави: Австро-Унгарија и Бугарија таа ќе биде од нив политички и економски задушена и ќе треба да ѝ се потчини или на едната или на другата. Значи, државните интереси на Србија никојпат не ќе допуштат да се образува бугарска Македонија. Нема сомнение оти и српските интереси, како и интересите на Каравлашко и Грција, си имаат свој покровител.

Значи, малите балкански држави, иако на вид и да не играат улога во решавањето на македонското прашање, кое како да е само во рацете на големите држави, всушност имаат најголемо значење.

Големите држави изјавуваат оти немаат непосредни интереси во Македонија, а работат само во името на праведноста. Но таа праведност, како што рековме, се разбира инаку од Грците, Србите, Власите, Бугарите, па и големите држави, покровителки на малите, се јавуваат како претставнички на своевидни праведности. Оттука и не може да се очекува општо работење по македонското прашање. Задружна работа е возможна само во најмали реформи.

Ако е така, тогаш на кого се надевавме во востанието? Не на Русија ли? Но, Русија неколку пати официјално си ги изми рацете пред крвопролевањето. Ние, наместо да им се лутиме на руските претставници И. Д. Зиновјев, А. А. Ростковски и Машков, поарно ќе направевме да се позамислиме за руската политика на

Балканскиот Полуостров. Русија е словенска и православна држава. Таа ги ослободи Србија и Бугарија; таа им помогна на Каравлашко, Грција и Црна Гора да се ослободат. Таа секогаш го покровителствувала православјето и словенството. Ако е така, тогаш што може да направи за нас Русија, кога во македонските работи се забркани неколку словенски и православни народи? Може ли таа за атер на Бугарија да ги навреди другите балкански самостојни православни држави, чија самостојност е извојувана со руска крв и со руски пари и да ги направи тие држави да се одвратат од неа кон другите западноевропски држави и да се направат во нивните раце орудија насочени против Русија? Може ли Русија со својата политика да ги отклони од себе балканските православни држави? И што добива таа за таа загуба? Благодарноста на Бугарија. Може! Но, бугарската благодарност е само еден ден до пладне, а после Бугарите ќе речат оти тоа го направи Русија со свои планови да го завладее Балканскиот Полуостров, спасувањето на кој ќе се наоѓа во Англија, и затоа Бугарите, наместо да се во сојуз со „великата освободителка", ќе се фрлат во скутовите или на Англија или на другите непријатели на Русија и на словенството. Значи, при современата поставка на македонското прашање, ние очекувавме за наш атер Русија со свои непромислени постапки да се откаже од нејзините интереси на Далечниот Исток и заедно со тоа да претрпи пораз на Блискиот Исток. Арно ама, не било така како што мислевме ние.

И така, неуспехот на востанието е јасен како бел ден. Тоа од самиот почеток е поставено на лоша основа: не е општомакедонско, туку е парцијално, и има бугарска боја. Во него имаат раководна улога само Македонските Словени што се викаат Бугари. Интелигенцијата не само на другите македонски народности, ами и на самите Македонски Словени беше без учество во управата на комитетот. Комитетот како трајна организација, се плашеше да пушти кај себе рамноправни членови од другите народности, од Словени србомани и гркомани, или пак и само со српско и грчко образование, од страв неговите тајни да не им станат достапни на балканските државици. Организацијата беше и е завиена во тајна, така што долните нејзини членови се слепи орудија за исполнување само на работи диктирани од горни причини и интерес. Тие причини им се познати само на неколцина, тукуречи самозванци или случајно испливани на површината Македонци. Тие луѓе се вршителите на судбините на Македонија. Нивната дејност не подлежи на критика. Ако се осмели некој да ја критикува дејноста на таквите лица, се решава да загине од Организацијата. И таквата организација се вика идеална! Разбирам оти не сите членови можат да ги знаат сите работи. Но ако и има ограничувања, тие ограничувања треба да бидат разумни. Во Организацијата треба да бидат сосредоточени најдобрите интелигентни сили во Македонија. Треба да има луѓе што можат пошироко да погледнат на прашањето и непристрасно и без занос да ги измерат резултатите на секој еден чекор на комитетските работи.

Има ли нешто слично во Организацијата? Кои се во Бугарија главните претставници на Организацијата? - Татарчев и Матов.

Можеби и едниот и другиот се луѓе со висок патриотизам и знаење на

положбата во Македонија. Но, тие се приврзаници на крајни мерки, без да гледаат на политичката положба. После, како што се гледа, тие ја мислат за единствено правилна гледна точка на прашањето за народноста на Македонските Словени - бугарската; а може си мислат оти прашањето за народноста на Македонците е второстепено и лесно ќе се разјасни со ослободувањето на Македонија. Но, тие треба да ја гледаат во иднината реалноста, а не тоа што им се бендисува.

И сите други раководители, како Радев, Станишев, Карајовов и др. и др., се од истата категорија. Тие си мислеа, доста е едно изјавување оти Македонија ќе биде за Македонците.

Комитетот може да се пофали и со поумерени раководители, но и тие мислеа оти спасението на Македонија е само во духовното обединување, па и господствување на Бугарите во Македонија.

Може тој да се пофали и со луѓе што сакаа духовно да се одделат Македонците од Бугарите. Но, тие луѓе или се ограничија со издавањето на неколку книшки на македонски јазик, или пак се ограничија со зборување македонски дома или со своите земјаци.

И така, бугарската боја на движењето е главната причина за неуспехот. Ако е така, тогаш што се бара од македонската интелигенција за да се олеснат несреќите на Македонците од сегашната несреќна авантура?

Првото нешто што се бара од нас е: да ги знаеме нуждите наши и на нашиот народ.

Не еднаш на митинзите во Софија и во другите градишта се имаат примано резолуции со излагања на нуждите на Македонците. Но тие резолуции се имаат примано во Бугарија, под влијанието на бугарското општество и од македонската емиграција во Бугарија. На тие митинзи не беше претставен сиот македонскословенски народ со неговата интелигенција, затоа резолуциите беа и неполни и еднострани.

Македонскиот народ не толку има нужда, барем сега-засега, за официјален јазик на мнозинството, за генерал-губернатор од народноста со мнозинство и за слободен печат, колку: за отстранување или парализирање на дејноста на националните и религиозните пропаганди; за отстранувањето на непријателството меѓу приврзаниците на разните национални и религиозни пропаганди; за отстранување на таа недоверба и обособеност што е сега меѓу македонската интелигенција воспитана во разни балкански државици и им служи на религиозно-националните пропаганди во Македонија; за официјално признавање на македонската народност и за внесување на името „Македонец" во нуфузите и во другите официјални документи на лицата од словенско потекло во Македонија; има нужда за земјиштен дел, како што на селаните им беше доделена земја при укинувањето на крепостништвото во Русија, Галиција и во др. земји. Тука доаѓаат и цел ред други реформи, во кои влегуваат и оние што беа изработени од рускиот и австро-унгарскиот амбасадор во Стамбол и беа примени од Н.И.В. султанот.

Задачата на македонската интелигенција отсега натаму ќе треба да биде да се одделат нагледно за сите: за самите Македонци, и за Турција, и за балканските држави и за големите сили, интересите на Македонците од интересите на другите балкански држави и народи и да се изучат подробно сите прашања сврзани со избавувањето на нашиот народ и нашата татковина од сегашната голема несреќа и со процветот на нашиот народ во духовен и во материјален однос.

Таа задача е многу тешка и бара големи заеднички усилби. Затоа изучувањето на таа задача и исполнувањето нејзино бараат учество на сите Македонски Словени во неа, без разлика на верска и национална боја. Затоа македонската интелигенција треба да престане да се однесува меѓу себе со недоверба. Од пропагандите во кои служи ќе треба да бара слобода да се наоѓа во постојано општење со интелигенцијата и општеството од другите пропаганди. Во слободните балкански државици, одвреме-навреме, македонската интелигенција, без разлика на пропагандите, треба да организира свои македонски собири, на кои ќе се разгледуваат и ќе се решаваат прашања за духовниот и националниот расцвет на Македонците. Македонската интелигенција секогаш кога е надвор од своите официјални работи треба да зборува меѓу себе на централното македонско наречје /велешко-прилепско-битолско-охридско/, кое ќе треба да се воведе во сите религиозни и национални пропагандни и турски училишта како задолжителен предмет. Тоа наречје има да биде литературен јазик на Македонците.

Ако религиозните и националните пропаганди не посакаат да го воведат нашиот јазик во своите училишта, се разбира дека само таму каде што живеат Словени, и ако им забрануваат на своите учители и попови да другаруваат со македонската интелигенција и општество од другите пропаганди, тогаш македонската интелигенција и народот, без разлика на пропагандите, треба да изнајдат пат со којшто ќе може да се казни таа пропаганда. Ако таа пропаганда се восползува со сплеткарења против нејзините непријатели, тогаш интелигенцијата треба да му го објасни на народот недостојниот образ на работењето на таа пропаганда и да го повика самиот да си ги брани животните свои интереси. Ако народниот протест во верските и училишните работи, во кои општините треба да се признаат слободни, се покаже од заинтересираната пропаганда како бунт со државна боја и се бараат државни мерки против бунтовниците, тогаш народот и интелигенцијата треба да се обрнат кон конзулите, како кон арбитражни судии.

Ако неколку или сите пропаганди се спротивставаат на тие наши барања и настојуваат во училиштата и црквите да се изучуваат и поминуваат само јазиците на пропагандите, тогаш да се преземат општи и енергични мерки против сите и религиозни и национални пропаганди во Македонија.

Слободата на совеста е признаена насекаде; таа е и ќе биде признаена и кај нас. Експлоатацијата на таа слобода се прогонува насекаде и треба да биде прогонувана и кај нас. Језуитите се истерани тукуречи од сите европски земји затоа што ја експлоатираа народната совест. Црковните ордени во Франција се

ограничени во училишните работи, оти со нив злоупотребуваат. Што било насекаде во Европа, може да биде и кај нас, во Македонија.

Секој ќе има право да исповедува и муслиманство и христијанство во трите главни форми: православјето, католиштвото и протестанството. Религиозните потреби и убедувања за сите се неприкосновени. Но религијата никако не треба да биде средство за престапни политички и национални цели, како што е сега во Македонија.

Ако ги разгледаме сега распространетите во Македонија религиозни пропаганди, тогаш таму ќе ги најдеме религиозните пропаганди во повеќето случаи да служат како орудие за национални и политички цели.

Протестантството и католиштвото во Македонија имаат само религиозни цели, оти претставниците на овие пропаганди со уважение се однесуваат спрема сите и најдробни национални особини на сите македонски националности. Ете зошто никој нема право да се спротиви против работата на тие пропаганди.

Православјето - најстарата, најраспространетата и основната религија на сите македонски народности, за сожалување, сосем ја загубило од видот својата главна цел да сее братство меѓу народите, да ги облагородува срцата на верниците. Наместо тие благородни задачи, православјето сее само раздор и омраза. Тоа е сега само најглавното средство во рацете на разни пропаганди со чисто национални и политички задачи. Православјето во Македонија сега до толку е искривоколчено што и не може да станува збор за една православна црква, - сега таму има 3 цркви, но не православни, а: грчка, бугарска и српска. Зошто тоа да биде така? Зар и црквата не треба да биде: Едина, Соборна, Вселенска и Апостолска?

- Да. Црквата треба да биде имено Едина и Соборна, а не српска, грчка и бугарска. Црквата кај нас си ја загубила својата главна цел, па затоа македонската интелигенција и народот имаат полно право да ги употребат сите свои сили за да ја лишат црквата во Македонија од чисто националните цели и да ѝ ги вратат оние цели што ѝ ги заповедал нејзе нејзиниот Божествен Основач: да го проповеда евангелието на сите јазици, т.е. на сите народи и нивните јазици.

Ако религиозните пропаганди се постараат да му попречат на здружувањето на македонската интелигенција и македонскиот народ меѓу себе, тогаш првото нешто што ќе потреба, тоа е да се образува во Македонија: Едина, Соборна и Апостолска црква, т.е. да се востанови Охридската архиепископија што ќе биде „Архиепископија всеја Македонии".

Религиозните пропаганди можат да имаат нешто против здружувањето на македонската интелигенција и народот само од национални причини. Ако е така, тогаш природно е оти со барањето црковна реформа ќе се соедини и барањето училишна реформа, т.е. Архиепископијата ќе ја земе во свои раце училишната работа и ќе се сообразува во неа со народноста на својата паства; во грчките епархии и парохии ќе се учи во училиштето и ќе се служи во црквата на грчки јазик; во влашките - на влашки; во словенските - на македонски.

Тогаш сите национални и религиозни пропаганди, коишто го цепеа народот на разни групи, непријателски една кон друга, ќе се отстранат и ќе настапи мир за народот, за Македонија, за Турција и за Европа.

И вистина, одвај ли има нешто поарно од ваквото свршување на македонската криза: за народот тоа е арно, бидејќи ќе се ослободи и од интригантите од разни народности и ќе се откаже од разни поддупувања што го одвлекуваат од неговите мирни работи: црквата ќе го помири неоснованото непријателство меѓу разните народности.

Таквиот излез од кризата е нешто најарно и за Турција. Турските дипломати се лажат многу ако мислат дека повеќе ќе ја зачуваат Турција во Европа ако се придржуваат според политиката: дивиде ет импера. Додека има во Македонија почва за национални пропаганди, додека не се отстранат причините туѓите држави да имаат во Македонија повеќе влијание од самата Турција, до тогаш Турција ќе има само расход во Македонија, а не ќе има од неа никаква полза, до тогаш секоја минута ќе треба да се плаши да не ја загуби Македонија; а ако се признае официјално оти во Македонија нема неколку словенски народности, ами има само една одделна, ни бугарска ни српска, и ако се оддели Македонија во самостојна архиепископија, наеднаш Турција ќе се ослободи од мешањето во македонските работи од сите 3 соседни држави.

Нашите национални интереси ѝ диктираат на македонската интелигенција и на македонскиот народ да ѝ се помогне на Турција да излезе од отежнатата положба во којашто ја кладоа религиозните и националните пропаганди во Македонија и државите заинтересирани за нив. Нам не ни треба присоединување кон Бугарија, ни кон Србија, ни кон Грција. Целоста на Турција за нас е поважна, отколку за Русија и за Западна Европа. Турција е земјата што се наоѓа во најдобра географска положба. Турското поданство и зачувувањето на целоста на Турција ни дава право на Македонците низ цела Турција да се ползуваме со правото на граѓанство. А тоа право може да ни даде голема материјална полза. Ете зошто македонската интелигенција, ако ги проучи подробно своите интереси, тогаш на прво место треба да постави и за себе и за својот народ: со сите свои морални сили да ја зачува целоста на Турција. Во замена за тоа ние ќе имаме лице и право да се надеваме од нашиот великодушен господар да добиеме полна автономија во црковното и училишното дело и полна рамноправност пред законот и во месната самоуправа во Македонија. Таквата самоуправа никако не е, опасна за целоста на Турција. Напротив, таа ќе ги уреди односите меѓу македонските народи за вечни времиња.

И така, усилбите на македонската интелигенција и на народот треба да се обрнат кон националното обединување на Македонските Словени во едно цело и на обединување на интересите на сите македонски народ.

Националното и религиозното непријателствување треба да станат само еден жален спомен. Солидарната работа на македонските народности треба да се обрне кон зачувување на целоста на Турција. Во замена за тоа Турција ќе ги

прошири правата на сите македонски народности пред законот и во административното управување и ќе го покровителствува националниот развиток на сите македонски народности.

Таквата мирна програма на Македонците ќе сретне поддршка и одобрување кај големите сили заинтересирани за зачувувањето на целоста на Турција. Големите сили ќе ѝ поможат на Турција да се оддалечат сите неправини за македонските народности од националните и верските пропаганди и да се обезбеди нивното самостојно постоење и развивање.

Малечките балкански државици, што се заинтересирани и ги поддржуваат пропагандите, во прво време ќе ѝ се расрдат на Императорската султанска влада затоа што ќе им ги пресече „вековните" привилегии, но ќе помине време и тие ќе се примират со отстранувањето на пропагандите, зашто тоа отстранување ќе биде во нивна полза: ќе престанат да ги праќаат во Македонија своите милиони франкови, од кои за нив никогаш немало и не ќе има никаква полза. Тие милиони не само што се пропаднати досега без полза, но имаат поддржувано непријателство помеѓу балканските држави, кога тие по својата географска близост и еднаквите интереси треба една со друга да го помагаат заедничкото економско развивање.

Погоре, кога зборував за неуспехот на Востанието, јас реков оти неуспехот се должи на неговата парцијалност. Јас зборував оти кога се прави востание од името и во полза на сите македонски народности, тогаш за тоа треба да се има полномоќност и учество на сите народности во организацијата.

Сега, кога зборувам јас за истерувањето на пропагандите од Македонија, за примирувањето и обединувањето на македонската интелигенција и народностите, може некој да си помисли оти тоа обединување ќе ни помогне да се постигне едно општо востание што ќе има поголем успех. Ќе погреши оној што ќе направи таков заклучок.

Јас уште погоре реков оти ние сме заинтересирани за целоста на Турција. И вистина, каква полза за нас од присоединувањето со Бугарија, или со Србија или со Грција? Тие држави се покултурни од нас, а како такви само тие ќе имаат полза од присоединувањето на Македонија кон нив. После, таквото присоединување на цела Македонија кон една од балканските државички не е возможно - другите државички ќе му пречат. Возможен е дележот на Македонија помеѓу малите државички или окупирањето на Македонија од Австрија. Но може ли да има поголема несреќа за Македонците од разделувањето или окупацијата?

Малечките балкански државички без церемонија ќе ги земат во свои раце сите доходи од завојуваните делови на Македонија, а Македонците ќе се обрнат во просјаци, откако ќе си ги загубат првин своите национални особини.

Може ли да се претскаже каква ќе биде судбината на Македонија под Австро-Унгарија: Босна и Херцеговина јасно ни покажуваат оти не ќе поминат ни 10 години од австриската окупација кога ќе зафатат Македонците, без разлика на вера и народност да си ги оставуваат своите катови и да се иселуваат.

А ни присоединувањето кон една од балканските државички, што не е никојпат возможно, ни делењето ни окупацијата не се возможни без револуција однатре. И имаат ли смисла тие револуции кога ќе ни го обезбеди Н.И.В. Султанот националното и религиозното постоење и ќе ни гарантира рамноправност пред законот и во обласната самоуправа со Турците? А има основи да мисли оти Императорската влада е исполнета со добри намери за своите македонски народности. Историјата му помага на секој народ да си ги види грешките што ги има правено и да се чува да не се повторуваат. Сегашното востание е многу поучно, како за нас исто така и за Турците. Јас не можам да допуштам Турците да не се поучат од него: јасно е за секој, па и за Турците, оти Турција не може повеќе да ја зачува Македонија ако продолжува со истата политика кон нас што ја водеше досега. Турција не може да ја зачува таа своја провинција без содејството на месното жителство. Само војската не е доста, како што не е доста ни задоволството на малцинството од населението. Турското господство во Македонија ќе се зачува само тогаш ако во неа има многубројно население што ја гледа својата благосостојба обезбедена само под власта на Турција. Тоа население ќе ја претставува главната опора на турските интереси во Македонија. А поддршката на мнозинството Турција ќе ја добие само ако се погрижи да воведе во Македонија вистински реформи, способни навистина да ги зачуваат националните и религиозните интереси на поданиците, нивните граѓански права и сносното економско постоење. Ако тие потребности на поданиците не се зачуваат и ако Турција продолжува да биде неискрена во прилагањето на реформите, тогаш од тоа ќе: настрада најмногу пак таа: 1/ таа ќе биде принудена со сила да воведе некои реформи, 2/ ако и потоа населението не биде оградено во национално-религиозен и економски однос, тогаш тоа ќе го искористат непријателите на Турција да направат брканица во Македонија за да ловат риба во матна вода.

И така, првото нешто што ќе треба македонската интелигенција да го извојува тоа е: отстранувањето на недовербата меѓу интелигенцијата со разно национално и религиозно образование; обединувањето на таа интелигенција како во самата Македонија така и зад нејзините граници; заедничкото опсудување на општите интереси на Македонците; отстранувањето на национално-религиозната омраза; воспитувањето на Македонските Словени во чисто македонски национален дух; задолжителното изучување на македонскиот јазик и литература во средно-учебните установи во градовите со словенско население; обучувањето во селските училишта со словенско население на македонски јазик. Во словенските села во црквата словенска богослужба. Ако овие барања сретнат отпор од некоја од пропагандите, тогаш да се моли турската влада и големите сили да се оддалечат од Македонија деморализирувачките пропаганди, да се востанови Охридската архиепископија, во рацете на која ќе премине црковно-училишното дело за сите христијански народности во Македонија. Другото нешто што се бара од нас е да се обрнеме кон нашите браќа што војуваат во татковината наша да го положат оружјето за да им се даде возможност на Русија и на другите сили да ги

преземат сите мерки што зависат од нив за да се задоволат сите наши религиозни, национални и економски интереси.

Јасно ми е со какво негодување ќе се однесат мнозина кон овој мој предлог. Може ќе го наречат и предавство. Може да се најдат и луѓе што ќе речат оти треба да се мавнат од овој свет лицата со такви мисли.

Кој како сака нека рече, нека мисли и нека прави против мене. Долгот кон народот и татковината ми диктираат да се искажам во таква смисла. Јас сум еднаш уверен оти во мојата постапка нема ништо предавничко: 1/ оти мислите, не само на приватни лица како мене, но и на сите Македонци од бојното поле и од Бугарија, и мислите, барањата и предлозите на целиот бугарски народ и на бугарската влада не се во состојба да ги изменат погледите на големите сили и на Русија врз потребите на македонскиот народ; 2/ сите усилби понатаму одвај ли ќе го променат поведението на државите по нашето прашање. Најмногу што може да биде тоа е - европска конференција; но таа конференција не може да се зафати порано од пролетта; и тоа тогаш ќе се зафати само ако востанието тогаш биде посилно од сегашното. Но може ли да се предвиди одот на востанието? Пак и да се допушти оти востанието тогаш ќе биде и посилно од сега и ќе ја принуди Европа да свика европска конференција, може ли некој да предрече оти решенијата на таа конференција ќе бидат во наша полза? - Одвај ли.

Европејците досега си имаат направено неправилен заклучок за народноста на Македонците и ете зошто последниве, коишто ги носат на свој грб сите тешкотии и несреќи од сегашното востание, ќе имаат најмалку полза од решението на конференцијата. Треба да бидеме слепи за да не го видиме тоа што е очигледно. На конференцијата ќе се земат цел ред мерки во полза на македонските народности. Но, кои се тие народности? - Турци, Бугари, Срби, Грци, Власи, Арнаути.

Кого треба да го бројат на конференцијата: Бугаринот, Србинот, Гркот? Каде е границата меѓу нив? Најпосле, кој ќе заседава на таа конференција? Кој ќе дава податоци за македонските народности и за нивните потреби? Зар не е јасно како бел ден оти претставници од нас нема да има, оти ќе ги решаваат нашите судбини без да нè прашаат нас што бараме ние, а затоа ќе ги прашаат нашите непријатели што имаат свои држави и свои дипломати и кои ќе ја извлечат сета полза од нашата пролеана крв?!

Не, браќа! Никаква конференција не нè спасува. Многу подобро ќе биде да им се довериме на најзаинтересираните држави за нашите работи, особено на православна Русија, којашто ги знае убаво нашите потреби, а не да се надеваме на самите себе и на некои конференции. Да беше било така лесно и арно свикувањето на конференција, и сега ќе имавме друг начин за третирање на нашите работи и наместо Европа да ги остави Русија и Австрија да го решаваат нашето прашање - сите европски големи сили ќе сакаа во него да играат еднаква улога. А што му пишува англискиот министер претседател на кентербериския архиепископ за политиката на големите сили во нашите работи: „Учеството на сите сили во

разрешувањето на македонското прашање само може да го задржи, наместо да го забрза, неговото разрешување. Во дадениов случај најарно е иницијативата и најглавната улога да е во рацете на најзаинтересираните големи држави, коишто најарно ги знаат нуждите на Македонците". - Да, ние треба да знаеме оти од учеството на сиот „концерт" може да се очекува големо неблагозвучје, помал притисок врз Портата, отколку што може да се очекува од работите на двете најмногу заинтересирани држави. Државите различно гледаат на прашањето, а тоа разногласје пречи за еднодушен притисок врз Портата. Може ли да се мисли оти на конференцијата ќе има поголемо едногласје од она што го гледаме сега во постапките на двете заинтересирани држави?

Сегашната конференција ќе биде во сосем други услови од оние во коишто работеше конференцијата пред последната руско-турска војна.Сегашната конференција ќе изигра само во полза на малите државички што бараат за сметка на Македонците да си ги засновуваат и прошируваат правата на нивните народности. Ако е така, а инаку не може ни да биде, тогаш налет нека му е и конференцијата!

Штом е така, тогаш нема смисла и понатамошното спротивставување. Знаете ли што мислат тие што се за понатамошно спротивставување? - Едно имаат надеж за замешување на силите; друго, се надеваат на конференција, и трето, велат дека ако не биде ни едното ни другото, тогаш ќе направат Турција економски да пропадне со долгото одржување голема војска. Веднаш се гледа оти двете првни надежи не ќе бидат во наша полза. А третата уште помалку. Зошто, ќе прашате?

Европа има интерес да се зачува Турција, ете зошто ќе ѝ дава средства за да се зачува. А кој ќе ги плаќа тие пари и процентите од нив? - Пак ние. Но, да претпоставиме оти турското економско разорување не ќе се одрази на нас. Но, не е ли јасно оти ако Турција ослабне економски - ние ќе ослабнеме неколку пати повеќе? Не знаеме ли ние оти сето време до кога ќе се продолжува борбата со четите, турскиот аскер ќе граби, ќе силува и ќе му прави секакви други пакости на населението? Народот не ќе може да си ја врши својата работа, а, од друга страна, ќе треба да ги рани гладната турска војска и четите?

Борбата има не толку национален, колку религиозен карактер. Како таква, таа е опустошувачка за неколку пати повеќе од обичната војна! Тоа опустошување има смисла ако се има надеж за успех. Сета наша надеж е во европското замешување. Но јасно е оти такво замешување нема да дојде. Ние мислиме оти Европа ќе се сожали над мирното население и заради него ќе се замеша во нашите работи. Но токму нашите сметки не им даваат на европејците можност да му притекнат на помош на мирното население. Европејците кажуваат оти не можат да направат ништо, оти секоја мерка од Европа комитетот ќе ја прими за заострување на неговата агитација.

Значи, до тогаш до кога ќе продолжи движењето им ние не можеме да очекуваме вистинско замешување во нашите работи и до тогаш нашиот народ ќе биде принуден да трпи најголеми бесполезни и бесмислени несреќи.

Во таков случај, има ли смисла понатамошната борба? - По моето мислење,

нема. Ние немаме излишни народни сили за да ги принесеме на жртва за бугарските, српските и грчките интереси, зашто сегашната борба е само во туѓа полза. Нашите народни сили се нужни и за културна борба.

Да го допуштиме и спротивното, дека сегашната борба најпосле ќе ја принуди Европа да се замеша во турските работи и да ја принуди Турција да им даде рамноправност на македонските народи. Дали ние Македонците /Словените/ во таков случај ќе можеме да се поздравиме со успех? Мислам, не. Рамноправноста ќе биде за сите народи, па и за Турците, Грците и др. и др. Значи, нашата крв се пролевала за правата на тие народности што или си седеа мирно во време на борбата или беа против нас. Малку е тоа што ние ја пролевавме крвта на нашиот народ за туѓите, па и за интересите на нашите непријатели, но со нашата крв и со разорувањето ќе се восползуваат нашите непријатели од слободните државички за да продолжуваат со своите религиозни и национални пропаганди да не делат на спротивставени и непријателски лагери: Срби, Грци и Бугари.

По борбата на бојното поле ќе настапи време да се бориме на културна почва, и во тоа време, наместо да имаме можност да ги ползуваме плодовите од пролеаната крв и да напредуваме културно, ние и тогаш, како и сега, ќе треба на наша штета да ги помагаме ту српските, ту грчките, ту бугарските интереси.

При таквата национална раздвоеност и при полното економско разорување бесмислени ќе станат секакви конференции, замешувања и реформи, зашто сите ќе водат кон еден дележ на Македонија.

По сите тие причини, како и по полната убеденост во тоа оти не само бесполезно и невозможно е понатамошното успешно спротивставување, јас мислам дека наш долг е да ја замолиме македонската интелигенција што има влијание врз сегашното движење да го обрне својот поглед кон сериозноста на положбата, да го измисли патот и сите средства колку што може поскоро за да искаже полна доверба спрема постапките на заинтересираните големи сили во полза на Македонците и, откако ќе им даде ветување, да ја прекине понатамошната борба, да ги замоли да му се помогне морално и материјално на пострадаsucceedното население да се поправи; да замоли да се воведат сите предложени реформи и тие што ќе најдат силите за нужно, како проширување на изработениот проект; да се отстранат пропагандите и да се востанови Охридската архиепископија со црковно-училишната автономија; амнестија на емигрантите и на сите четници; признавање на Словените во Македонија за одделна народност: Македонци, и внесување на тоа име во официјалните книги итн.

Со полното прекратување на востанието ќе се востановат меѓу нас и Турците односи што им одговараат и на нашите и на нивните интереси. Тогаш ќе се има можност да се види оти нашите интереси се така сплетени со нивните што со загубувањето на едните губат и другите, а сета полза од нашето непријателствување ја извлекуваат трети, ќе се рече, малите балкански држави. Тоа се гледа особено јасно од можните последици на востанието, кои, за наша и турска среќа, не последуваа. Зборот ми е за делењето на Македонија меѓу малите балкански

државички.

Востанието се дигна и не разори и нас и турската држава. Штетата од него и за нас и за Турција е огромна, но пак помала отколку што можеше да биде. Среќа и за нас и за Турција е што меѓу Бугарија и Србија немаше никакво согласување по македонското прашање. А такво согласување немаше, зашто Бугарија мислеше да си ја присоедини кон себе цела Македонија сама, без помош на другите соседни и на големите држави. Бугарија се излага во сметката. Во тоа се состои нашата среќа и среќата на Турција. Бугарија до сегашното востание немаше политички опит за решението на македонското прашање, ете зошто сите маневри да се реши тоа излегоа јалови. Бугарија досега не знаеше оти решението на македонското прашање не е исклучиво во Софија, ами колку во Софија толку и во Белград, т.е. во согласувањата меѓу Софија и Белград. Тоа согласување досега се сметаше за државно предавство, но откако бугарските дипломати си го испитаа сето бессилие, и при најголемите свои усилби сами да го решат македонското прашање, ќе се најдат цел ред бугарски дипломати што ќе погледнат на тоа согласување како на неизбежно зло. Сегашниот политички опит да беше бил кај Бугарите понапред, ќе се пристапеше прво кон разделувањето на сферите за влијанието во Македонија меѓу Србите и Бугарите, а после, во време на востанието, српските и бугарските војски ќе навлезеа во Македонија. Таков ќе беше излезот од востанието при поголем опит меѓу бугарските дипломати. За наша среќа, овојпат ние се избавивме од дележот на нашата татковина и Турција од загубувањето на една од прекрасните свои провинции.

Востанието не го донесе делењето на Македонија: тоа е позитивниот резултат од него. Но тоа делење среќно е избегнато само од случајната неопитност на нашите непријатели. Делењето нѐ загрозува уште повеќе: во иднина од поголемата опитност на нашите непријатели: Бугарија може да склучи со Србија договор за разделување на сферите за влијанието во Македонија. Таквото разделување на сфери за влијанието неминовно ќе ѝ донесе дележ на Македонија. Ете зошто, еден од најглавните долгови на македонската интелигенција е да се отстранат еднаш за секогаш од Македонија бугарската и српската пропаганда, да се основа во Македонија свој духовен центар за Македонците и тој центар, како и самите Македонци, да нема никакво земање-давање со соседните балкански држави и народи. Во таа мерка се состои предодвраќањето на дележот на Македонија и зачувувањето на таа провинција за Турција. Оттука е јасно оти добро разбраните интереси на Турците и на Македонците им диктираат не да си ги трошат нивните сили во меѓусебна борба во полза на заедничките нивни непријатели, ами да си подадат еден на друг рака и да ги отстранат сите фактори што им пречат во нивните пријателски односи и заеднички интереси.

Со прекратувањето на востанието ќе се започне во Македонија мирна културна работа. Таа ќе бара од нас воспоставување добри односи кон сите народности што ја населуваат Македонија. Нашата интелигенција досега не можеше да воспостави најпожелни односи помеѓу нас и другите македонски народности. Тоа

делумно не зависеше од неа. Така, односите на нашиот народ кон Турците и муслиманите воопшто повеќе зависеше од последниве отколку од нас: ако муслиманите гледаа на христијаните како на луѓе рамни на нив, тогаш нема сомнение оти не само ќе беа најарни односите меѓу христијаните и муслиманите, ами може и да немаше востание. За сожалување, муслиманите и до последно време не можеа да се ослободат од својата стара предрасуда да гледаат на христијаните како на подолна раса од нив. Ќе се надеваме оти турската влада и турската интелигенција ќе се уверат во сета штета што ја причинува таквата предрасуда и ќе се потрудат да ја искоренат и со тоа ќе ги поправат односите меѓу христијаните и муслиманите.

Добрите односи помеѓу Грците и нас Македонците /Словените/ пак повеќе зависат од првите отколку од нас. За да се поправат тие, Грците ќе треба да се „откажат" од „својата "мегали идеја и да ѝ го признаат правото на постоење и на македонската народност редум со грчката во Македонија. Особено Патријаршијата, како установа вселенска, треба да престане да постапува како установа со грчки карактер. Таа треба свето да ги чува правата на сите христијани, а не да ги жртвува правата на едните во полза на другите. Особено е нужно Патријаршијата свето да го чува правото на националното постоење на сета своја паства. Тогаш ќе се избегне конфликтот помеѓу и Грците и Македонците, зашто последниве не бараат тие што зборуваат грчки да имаат во своите цркви старомакедонски јазик а во училиштата сегашниот македонски јазик, ами тоа се бара само за оние што зборуваат македонски. Ако пак Патријаршијата го продолжи прогонувањето на македонскиот јазик меѓу Македонците и наместо него го пропагира грчкиот јазик, со тоа ќе ги натера Македонците да гледаат на неа како на орудие на грчката национална пропаганда. Во таков случај и Грците и Патријаршијата ќе ни се објават за непријатели на нашата народност и наш свет долг ќе ни биде да ги одбиеме сите грчки напади на нашата народност. За таа борба меѓу христијани ние ја симнуваме од себе одговорноста на Грците и Патријаршијата, бидејќи ние во тој случај не напаѓаме, ами се браниме од туѓи напади.

Најарни можат и треба да ни бидат односите со Власите. Нашите интереси никаде не се пресреќаваат со влашките. Власите повеќе живеат во градовите и се трговци, а ние повеќе сме во селата и сме селски стопани. Оние од Власите што живеат во селата, се занимаваат со овчарство. Власите и нашиот народ се разликуваат по јазикот, носијата, карактерот, така што никојпат Власите не можат да претендираат на наши села; исто така никојпат ние не сме кажувале оти влашките села се наши. Меѓу нас и Власите нема никакво историско недоразбирање. Власите никојпат не имале никаква власт над нас и никојпат не ни сториле никаква пакост. Исто така, тие немаат ништо патено од нас. Обратно, уште од средните векови и меѓу нас и Власите имало секојпат согласност. Врз таква почва може да се развие најсрдечна дружба помеѓу нас и Власите. Таа дружба треба да пушти длабоки корени помеѓу двата братски народа за да им

даде можност рака за рака да одат по тешкиот пат на културниот прогрес.

Штом ќе се установат правилни односи помеѓу нас и другите македонски - христијански и муслимански народности, штом ќе се признае нашата народност од владата на Н.Ц.В. Султанот, ќе се внесе во нуфузите името Македонец, ќе се направат првите постапки за нашето национално и религиозно ослободување од пропагандите и ќе се воведат политичките преобразувања предвидени од реформаторските сили, штом ќе се преземат мерки за економското поправување на нашите селски стопани, па и до воведувањето на сите тие подобрувања во нашето национално религиозно и економско живеење, ние - македонската интелигенција ќе треба да направиме уште едно, а тоа ќе биде и најважното: да ги вложиме сите свои физички, интелектуални и морални сили во нашата национална преродба.

Последното востание ни покажа оти овој пат по којшто одевме сега е погрешен и опасен. Тој бараше многу жртви, а даваше малку полза. Револуцијата не компромитира пред нашата влада и не нè претстави во добра боја пред европскиот свет. Но во сето тоа ние сме малку криви. Од една страна, не поддупуваа кон востание, од друга ние сме млад народ и се занесовме со еден незрел потфат. Како младите луѓе што во работењето претпочитаат скокови наместо постепено, но постојано работење во еден ист правец, и младите народи ги претпочитаат скоковите пред постојаната упорна работа во еден ист правец. Досегашното наше работење, особено востанието, беше необмислена младешка работа, но тоа ни се простува, едно, зашто досега ние бевме млад народ што одвај се проникнува со своето национално самосознание, а друго, зашто досега, не живеејќи како одделна национално-религиозна единица, се наоѓавме под влијанието на разни национални и религиозни пропаганди. Но тоа што ни се проштаваше досега, не може да ни се опрости за напред.

Сега ние не можеме повеќе да гледаме на себе и на својот народ како на еден недорастен народ без политички опит. Ние поминавме во своето историско развивање веќе важни стадиуми што можат да претставуваат епоха во историјата на кој и да е народ. А новата епоха ни налага нам нова потреба - културно работење.

Досега работеше народот со интелигенцијата; задружно, но работењето беше распределено нееднакво: народот се јавуваше исполнувач на плановите на интелигенцијата, кога последнава не правеше ништо повеќе од составување планови или организирање револуционерно движење.

Организаторската работа е пак работа, но не може да се рече дека е од тешките. Подготвувањето револуција е работа што можеби бара умствено работење, но тоа работење не е толку мачно и толку ценето колку што си мислат револуционерите - младата наша интелигенција. Подготвувањето на едно востание се продолжува 5-10 години и после сите замешани во него или умираат или пак, ако останат живи, треба да останат без ништо и да си изберат некоја друга работа што ќе треба да ја зафатат одново и за која можеби и не се сосем подготвени. Организаторската работа не е толку мачна затоа што организаторите често, мислејќи оти нивниот живот е поважен од животот на селаните, ги поставуваа на најмачните работи простите работници или

народот. Затоа организаторската работа, од една страна, е работа за еден човек што го претпочита привременото напрегнување на силите пред постојаниот упорен и мачен труд; од друга страна, таа е и неморална, зашто во неа човек не жртвува во полза на општеството, на народот свој или на човештината, а со народот прави опити за своите фантастични планови. Македонска интелигенцијо! Време е да се помисли дека е грешно да се прави опит со туѓи човечки животи за нашите фантастични планови.

Но, со тоа јас не сакам да кажам ние да престанеме да идеализираме и да живееме со народни идеали. Не! Ние не можеме да живееме без идеали: само нашите идеали отсега ќе треба да бидат почисти од понапрешните Отсега ние ќе треба со нашата патриотска работа да искупуваме нашите гревови пред нашиот народ. Отсега ние ќе треба да се жртвуваме за неговите интереси и со тоа да му отплатиме за неговата вера во нас и за неговото послушно и точно исполнување на плановите на организацијата. Како може нашата интелигенција да се оддолжи пред нашиот народ за дадените од него жртви? На тоа прашање јас одговорив кога зборував погоре за борбата со пропагандите и за поставување на нашиот народ во добри односи спрема сите македонски народности.

Но главно, како што напомнав пак погоре, ќе му се помогне на нашиот народ со културно работење, а најповеќе со просветувањето.

Науката и литературата се најважниот фактор за развивањето на еден народ како народ. По степенот на развивањето на науката и литературата кај еден народ се мери неговата култура и по нив се делат народите: на културни и некултурни; културните народи владеат, а некултурните робуваат. Само со знаење и просветување, само со културна работа ќе може нашата интелигенција да ги поправи и да ги искупи своите грешки пред нашиот народ.

Ќе речат некои оти културната работа е возможна само кога има политичка слобода; без неа таа е невозможна. - Вистина, во таа забелешка има еден дел вистина, но само еден дел. Главниот услов за културна работа не е полната политичка слобода, а моралната воспитаност на народот и на неговата интелигенција, сознавањето на моралниот долг пред народот кај секој член на тој народ. Полната политичка слобода не чини за ништо, ако еден човек не сознава оти неговиот човечки долг, неговиот долг пред својата татковина и својот народ е: труд, труд и пак труд. Слободата чини само за ползување на резултатите од својот труд, но не толку за самиот труд. А за да може човек да ги ползува резултатите од својот труд, треба прво да се потруди. Да работи и да се труди може човек и при постеснети политички услови.

За да си ја очистиме совеста пред народот наш за дадените од него жртви, треба, значи, да се зафатиме за културна работа. А при тоа да го цениме своето работење не по надворешниот негов вид, а по неговата вредност, а цената на трудот се мери со потребните за него сили. Ако гледаме така на трудот и ако искрено сакаме да се оддолжиме пред нашиот народ, тогаш не ќе се извинуваме дека нема почва за културно работење. Почва за него има, но нема

сакање. При сакањето, ако не ќе можеме да печатиме многу работи на нашиот јазик, затоа пак нашата интелигенција ќе може да послужи како жива народна енциклопедија во која ќе се имаат точни и проверени информации по сите оддели на науката и литературата.

Но точни и проверени информации се добиваат при многугодишно упорно работење, и тоа кога се работи со свеста дека со работењето се исполнува долгот кон татковината и кон својот народ. А таквото многугодишно упорно работење е пополезно помачно и поморално од революционерното. Тоа е поразумно.

Ползата за народот од научното работење на нашата интелигенција ќе се види од тоа што нашиот народ сам со свои очи ќе може да погледне на себе и на другите народи, ќе ги изучи своите и туѓите достоинства и недостатоци. Еден просветен народ може да се срамни со еден умен човек; затоа наш долг е да ги вложиме сите свои сили со своето работење да го просветиме нашиот народ.

Културното работење е помачно од революционерното, зашто првото е умствено, а второто повеќе физичко. За илустрација земете го изучувањето на класичните и новите јазици и кореспонденцијата на комитетот или распределувањето на четите. Револуционерната дејност е привремена и разрушувачка, а не вечна, соѕидувачка. А културниот човек, за да има право да се наречува таков, треба да гради, а не да руши. За да биде градбата здрава треба темелот да ѝ биде убав. Затоа човек не треба, само за олеснување на својата работа, негативно да се однесува кон многу науки мачни, како старите јазици, но што претставуваат основа за многу позитивни информации и науки. Целта да се добијат позитивни податоци од сите оддели на науката, не само за нас лично, а како народни членови, ќе треба да го натера секого од нас да ги посвети своите сили, сето свое слободно време за изучување на сите тие науки што се најнужни за нашиот народ и што бараат најмногу работа, зашто за полесните секојпат ќе се најдат доста доброволци. Ние ако сакаме да имаме чиста совест пред нашиот народ и пред себе, треба да гиземеме на себе и најмачните научни работи за да му помогнеме, а не да се изговараме, избирајќи го најлесното, дека немаме способности или влечење за оние науки што бараат најмногу труд и желба за работа.

Културното работење е поморално од револуционерното, зашто со првото интелигенцијата се чини вистински слуга на својот народ, а со револуцијата таа се обрнува во немилосрден експериментатор.

И најпосле, културното работење е разумно. Интелигенцијата со него ги разјаснува најважните прашања за себе и за народот. А најважни се тие прашања што се врзани со народното самосознание.

Во последно време ние истапивме со барање политичка слобода, без да се допрашаме дали сме ние дозреани за неа и дали сега тоа ни е најнужното? Нашите последни барања колку се правилни или не, не земам да ги решавам. За мене е поважно прашањето за нашата национално религиозна и економска преродба; а тоа може да стане само со изучувањето на својот народ, прво како одделна единка, после во врска со другите Македонски и балкански народи и најпосле како

член на словенската фамилија народности. Таквото изучување ќе внесе разумност во нашите односи кон сите споменати народи.

Ете приближно какво може да биде најглавното работење на македонската интелигенција за да се поправат сите грешки направени со последното востание.

И така, работењето наше ќе треба да биде врз почвата на народното просветување: мирно, легално, еволуционо; тоа ќе има за цел интелигенцијата да биде вистинска слугинка на народот, а не наопаку. Но за да биде таа служба благодатна, нам ќе ни треба да создадеме народни служители, народна интелигенција што ќе му ги посвети сите свои сили на народното благо. Ни треба интелигенција со јасна свест за моралниот долг на човекот пред неговата татковина и неговиот народ. Ни треба интелигенција морално и умствено совршена.

Сегашната наша интелигенција треба да го посвети сето свое работење над моралното и умственото усовршување на својот народ и создавање на една идеална македонска интелигенција.

Ако овој долг се осознае, ако обединувањето на нашата интелигенција со бугарско, српско и грчко образование се постигне, ако се парализира работењето на пропагандите и се успее тие сосем да се отстранат од Македонија, ако се установат добри односи кон сите македонски народности и се подобри политичката и материјалната состојба на Македонците, тогаш, при сите дадени жртви, ќе можеме, покрај другото, да бидеме задоволни од едно: востанието ни ги отвори очите за грешниот пат по којшто одевме досега, по којшто ќе одевме и за напред, и без востанието сами ќе подготвевме почва за дележ; тоа ни ги отвори очите за многу наши нужди што и не ги претпоставувавме понапред.

Дај боже, сегашното востание да ни послужи како еден урок за нашиот народ, урок за сите нас Македонците, без разлика каде сме се образувале и како досега сме се викале. Дај боже, сега пролеаната крв да послужи како завет меѓу живите, коишто се должни пред таа крв да се заколнат за една заедничка културна работа, за полза и среќа на нашата заедничка многу напатена татковина - Македонија.

## Има ли потреба за македонски национални научнолитературни друштва?

Идејата за образувањето на нашето друштво беше - полното одделување на нашите интереси од бугарските. Со него ние сакавме да им покажеме на Русите оти кај нас во Македонија нема национален антагонизам и е возможно задружно работење од сите македонски народности врз културна почва. Уште повеќе, ние сакавме да им покажеме на Русите дека нема во Македонија неколку словенски народности, а има само една; дека Македонските Словени можат сами да ја разрушат таа преграда што е поставена меѓу нив од пропагандите и од нивното образование во Бугарија, Србија или Грција. Ние сакавме да покажеме оти и покрај нашето образование и воспитание во разни држави или пропаганди, ние претпочитаме сите да направиме отстапки од своја страна за општомакедонските интереси, за да не бидеме орудие во рацете на пропагандите и на нивните цели: за да не се стремиме кон соединување ни со Бугарија, ни со Србија ни со Грција.

Но се најдоа меѓу ланските членови лица што го наоѓаат за излишно постоењето на такво друштво, зашто немало одделна македонска народност во Македонија, а имало само српска и бугарска, и бидејќи во Петроград имало бугарско и српско студентско друштво, немало потреба за македонско.

Имајќи ја предвид таа критика за потребата и целесообразноста на нашево овдешно друштво, ние сме должни да си дадеме точен отчет за причините што го предизвикаа неговото образување. Тоа може да се направи откако ќе се одговори на главните приговори на нашите противници, со кои тие се мачат да покажат дека нема потреба за одделно македонско друштво и дека неговото формирање не е своевремено.

Нашите противници велат оти сега не му било времето да се подигаат национални прашања во Македонија, кога е зборот за едно сносно постоење, на сите народности. Сега не е времето да се одделуваме од Бугарија, кога таа направила толку жртви за нашето ослободување и ќе направи уште за напред. Неумесно и неразумно е да ги одделуваме своите интереси од општобугарските, кога во соединувањето, а не во расцепувањето, е силата. Ако се подигне сега прашањето за националноста на Македонците, тогаш ние ќе треба да се вратиме назад за 30 и повеќе години. Зар е и возможно сега националното обединување на Македонците, кога во Македонија има многу, а не една националност, и кога нема една одделна македонска словенска нација?

Најнапред треба да се рече дека не е вистина тоа што го велат оти сега не му било времето да се подига прашањето за народноста на Македонците. Со игнорирањето на ова прашање ние не правиме ни една стапка напред, зашто ако го игнорираме ние - тоа не го игнорираат сите, и мали и големи држави, освен Бугарија. Ние, значи, просто си ги затвораме очите пред непријатната за нас реалност. Ако, значи, го разгледаме тоа прашање, ние не се враќаме назад, а одиме напред, сознавајќи ја неговата важност. Вистина, со националното прашање ние

ќе се занимаваме 20-30 години, но кривината за тоа лежи во нашите претходници што не ја сознаа сета негова важност и не го кладоа да зрее. Да беа го направиле тоа, немаше зошто ние сега да се занимаваме со него. Ако прашањето за народноста на Македонците има првостепено значење за Бугарите, Србите и Грците и секоја од овие народности го третира по свое, тогаш зошто и ние тоа прашање да не го земеме во свои раце и да го разгледаме сестрано - и од бугарско, и од српско и од грчко гледиште, и критикувајќи ги сите нив да не си изработиме македонско гледиште за нашата народност, а се задоволуваме, според местото каде што сме се учеле, или со српското, или со бугарското или со грчкото гледиште? Да не си изработиме свое, македонско гледиште за нашата народност, убедливо и справедливо за сите Македонци, значи дека ние не сме во состојба самостојно, без туѓо влијание, да се изучуваме самите себеси. Јас не можам да го допуштам последново и го сметам навредливо за мене, ете зошто и не се откажувам на прво место да си изработам свој самостоен поглед врз прашањето за мојата народност и врз онаа на моите сонародници. Значи мое гледиште, нашето друштво по прашањето за нашата народност не прави никаква нетактичност и само им укажа извесна услуга на духовните интереси на Македонците.

Сега ќе треба да одговараме на приговорот дека неумесно е и несвоевремено да ги одделуваме нашите интереси од општобугарските, зашто, од една страна, силата била во соединувањето, а од друга, Бугарија направила толку жртви за нашето ослободување и ќе направела и за напред.

Овој приговор е многу сложен, затоа ќе треба да му се одговара на секој дел поодделно.

Првото нешто што може да се рече тоа е дека ние не сега се одделуваме од Бугарија и со тоа раздрбуваме едно создадено цело, туку сме одделни и живееме веќе одделно повеќе од 25 години. Други не разделија и создадоа од нас и Бугарите различен живот, разни потребности, нерамна положба. Други и не ни даваат да се соединиме. Од македонско гледиште соединувањето на цела Македонија со Бугарија, или со Србија или со Грција не е пожелно, но не е ни страшно. Значи, нема зошто да се бориме со него. Но таквото соединување не ќе го допуштат ни малите балкански, ни големите европски држави. Значи, ние не сакајќи да ги мешаме нашите интереси со бугарските ја даваме својата согласност и го озаконуваме постојниот ред. Се поставува прашањето само, дали тоа озаконување е во наша полза, зашто велат оти Бугарија ни направила многу добрини и ќе ни направела уште. Да видиме што арно сме виделе ние досега од Бугарите?

Бугарите го зголемија буџетот на Егзархијата од појавата на српската пропаганда: со други зборови ја засилија нивната пропаганда и нивните интереси во Македонија. Кладоа тие неколку владици и отворија неколку трговски агентства, го поддржаа со пари востанието во Македонија и прехранија во Бугарија мнозина, обездомени Македонци избегани во Бугарија. Тие се арнотиите што ги видовме од Бугарите.

Како ви се чини: дали се доста? дали се многу? дали се повеќе од добрините

што ни ги направија Србите? -Ако не бидеме бугарски шовинисти и пристрасно не гледаме на работите, не можеме да не констатираме оти во Македонија Бугарите не направија за нас Македонците ништо повеќе од тоа што го направија Србите. Пак и смело може да се рече оти направија помалку од Србите. Горе изброените бугарски добрини не се направија во полза на самите Македонци, а на интересите на Бугарија во Македонија. Затоа, бугарските милиони за Македонија немаат поголемо значење од српските за таму. Бугарите ни кладоа владици во Македонија; имајте на ум оти тие владици во повеќето случаи и на најважните места се Бугари, а не Македонци. Преку владиците Бугарите сакаат да истребат се што не им е пријатно, а најмногу црковно-општинската самоуправа. Но таква услуга со српски владици сакаа да ни укажат и Србите. Што се тие криви што ние претпочитавме да сме орудие на Бугарите, наместо да сме орудие на Србите? - Бугарите отворија во Македонија трговски агентства! Но за чии интереси? Се разбира оти не за македонски, а за бугарските. Србите им ги предадоа своите интереси во Македонија на свои конзулства и генерални конзулства. Ако бугарските трговски агентства во Македонија се благодејание за нас, тогаш српските генерални конзулства се уште поголемо. - Бугарите ни го поддржале востанието. И Србите го поддржуваа. Бугарите го поддржуваа повеќе, зашто нивните интереси тоа го бараа, а не за атерот наш. Србите го поддржуваа да не останат поназад од Бугарите; но да беа српските интереси така врзани со востанието, тогаш Србите стопати ќе ѝ објавеа досега војна на Турција без да чекаат од некаде помош, без да гледаат дали ќе биде излезот за нив благопријатен или не. - Бугарите хранат обездомени Македонци, но истото го прават и Србите.

Тоа е сета арнотија што ја добивме од Бугарија. Сега да видиме со што плативме ние за таа арнотија, или колку не чини таа?

Ако ги погледнеме настаните од последната руско-турска војна досега ќе видиме оти секоја арнотија од Бугарија за Македонците не е ништо, освен една компензација за глупостите што ги има направено Бугарија по нашето прашање. Македонското прашање во рацете на бугарските дипломати и народ е ред глупости направени само на македонска сметка и наречени меѓународни победи на бугарската самостојна политика. Тие глупости на бугарскиот народ се за нас Македонците како прародителски грев што ќе поминува од поколение на поколение.

Еве во што се состои тој прародителски грев:

Бугарите се ослободени од Русите. Во тоа време руското општество се занесувало со словенофилство. Тој занес им зеде околу 250.000 души војска и милијарди рубли. Но каков беше резултатот од таа војна? Русите и понапред војуваа со Турција и ги ослободија со своја крв скоро сите балкански државички. Но никогаш до тогаш Русите не се разочаруваа така како што се разочараа во времето на последната војна. Тоа дојде до таква степен што Русите сакаа да кладат крст на своето понатамошно занесување и ослободување на Словените на Балканскиот Полуостров. Последните сокови од занесот на Русите, и со тоа и надежите на

Македонците на Русија, беа голтнати од Бугарија. Поведението на бугарскиот народ кон руската војска и на бугарската интелигенција кон руските власти и дипломати беше такво што Русите илјада пати се каеја за своето занесување со „братушките". Тоа раскајување е влезено длабоко во душите на сите Руси, кои сега не сакаат ни да чујат за некакви „братушки", а особено за Бугарите. Кој плаќа сега за поведението и грешките на Бугарите, ако не ние Македонците?

Занесувањата на Русија родија една Бугарија, но со нејзиното, родување Русија умре за нас. Сите надежи кај Македонците поминаа на недоносчето - Бугарија. Ние помисливме дека тоа недоносче штом ќе порасне, ќе окрепне и ќе ни подаде рака и ние со него да заживееме слободен живот. При имањето една слободна Бугарија ние мислевме зошто ни е Русија. Нашите надежи се поддржуваа од Бугарија и како да се зафатија да се реализираат. Бугарија, како покојниот српски крал Александар, се објави самата за полнолетна и зафати самостоен ред глупости што се наречуваа од неа самостојна политика:

Ги разруши арните односи со Русија и го повика Стамболова тој да ја предаде Бугарија во рацете на Тројниот сојуз и Англија, и да ја направи нивно орудие против Русија. Таа нова ера во историјата на Бугарија, таа самостојна политика се започна од присоединувањето на Бугарија со Источна Румелија и од нарушувањето на Берлинскиот договор од Бугарија врз којшто почиваше и правото на Македонците на автономија со христијанин генерал-губернатор. Нарушувањето на Берлинскиот договор и стамболовскиот режим крстени „самостојна национална" политика на Бугарија, на тоа политичко, каприциозно, неполнолетно недоносче, е втор удар за политичката слобода на Македонците. Европа и Русија настојуваа да се изработи план за реформи во Македонија и во 1882 година тој план беше веќе готов и ќе се настојуваше да се воведе, кога „новиот политички фактор на Балканот" го кажува своето вето и наместо реформи - сака за Македонија бугарски владици. Бератите за владици се дадоа и ние заслепените Македонци ѝ поверувавме на Бугарија оти таа со нејзината „самостојна" политика ништо друго не прави, туку одржува политички победи и не облагодетелствува нас Македонците. - Арно ни ги замачкаа очите. - Но не поминаа ни 5-6 години кога се отрезнаа Бугарите од своето занесување во „самостојната" политика. Се убедија со напредувањето на српската пропаганда во Македонија оти тие не се единствениот фактор во македонското прашање, а оти има, освен нив, и други и оти успехот при конкуренцијата ќе биде таму каде што ќе биде поддршката на Русија. Бугарите пак станаа русофили, но тоа го направија не со чисто срце, а за да ја направат руската влада орудие на своите интереси во Македонија. При надворешното пријателство на Русија, тие не можеа да се примират со мислата зошто руските конзули во Македонија да ја поддржуваат српската пропаганда таму. За таа причина некои од политичките партии ја клеветеа Русија како непријателка на Бугарија и на се бугарско, најмногу за поддршката на српската пропаганда од страна на Русија. Бугарските политиканти не можеа да видат оти поведението на Русија е плод на нивните глупости што се викаат „самостојна" и „национална" политика. Кога таа

„самостојна" и „национална" политика е орудие на непријателите на Русија, против интересите на последната на Балканскиот Полуостров, можат ли да бараат тие бугарски политиканти од руската влада да биде таа совршено безучесна во настаните на Балканскиот Полуостров кога тој Полуостров бил грижата на Русија цело столетие и повеќе? Таа треба да си ги зачува своите интереси таму, па и ако тоа зачувување не ќе биде по вкусот на „самостојната" и „национална" политика. Бугарите во својата надворешна политика станаа русофили и Русите ја изменија малку политиката спрема Бугарите. Но бугарското русофилство беше со сметка и не беше трајно, значи, и руската политика немаше да се измени конечно штом не се знаеше до колку е искрена и трајна бугарската надворешна политика. Бугарите беа незадоволни од руската политика во последно време, особено поради прашањето за ракополагањето на Фирмилијана66а а и за македонското востание. Тие велат: во тоа време кога министерството на Данев ја предаде надворешната политика на Бугарија, во рацете на Русија, последнава, наместо да ни помогне, направи да се ракopoложи Фирмилијан во Скопје, и друго, не направи ништо за Македонија. Бугарија да беше водела „самостојна" и „национална" политика, таа не ќе го допуштеше првото и ќе го решеше македонското прашање со поголеми реформи.

Тие се расудувањата на Бугарите. Но ние, ако застанеме на самостојно македонско гледиште, ќе треба да го речеме следново: Бугарија со нејзиното русофилство не им направи никаква услуга ни на Русија ни на Македонија. Но од русофилството таа се воспoлзува со заемот, направен при руско содејство, а друго и најглавно, не ги поарчи позајмените милиони за воени потреби и со тоа ги остави полни државните каси. Бугарија и да водеше „самостојна" и „национална" политика, т.е. да беше орудие на Тројниот сојуз против Русија, пак немаше да направи нешто, зашто сега ги нема тие натегнати односи помеѓу нив што беа при Стамболова. Сега членовите од Тројниот сојуз имаат одделни спогодби по меѓународните прашања, работат заедно по нив и ги парализираат сите каприци на малите држави, кои со тие каприци сакаат да ја изменат политичката рамнотежа во нивна полза. Сега нема место за стамболовска политика. Преродувањето на стамболовскиот режим во Бугарија сега не се оправдува со ништо и претставува еден нов обид на политичкото недоносче да покапризничи. Но од тие каприци не него, а нас Македонците ќе не боли главата, како што и не боли веќе. Но новите управници во Бугарија ни велат: тоа е Русија крива; Русија се плаши од една голема Бугарија и затоа: таа го кладе Фирмилијана, таа сега не сака да ѝ даде на Македонија автономија, таа не нѐ остави нас да се подготвиме и да војуваме со Турција.

Другари! Таквите тврдења не се ништо друго, туку една лага, една клевета фрлена на ослободителката Русија од еден ослободен ропски народ што уште не е слободен од неговите ропски инстинкти со кои се ползува за да ја оправда својата глупава „самостојна" и „национална" политика. Тој народ, којшто е првата и последната причина за сите наши несреќи, со своите глупави постапки нѐ наведе

во една нерамна борба со Турците во најрешавачкиот момент нѐ остави на произвол на судбината. Тој го направи клањето во Македонија, како што го направија во Ерменија Англичаните, и со тоа го загуби своето влијание во Македонија. Но тоа влијание му е нужно, ете зошто, од една страна не уверува оти до кога ја има слободна Бугарија македонското прашање не е закопано, од друга страна, за да го оправда своето егоистичко поведение, сета вина за несреќите кај нас ја префрла на Русија.

Браќа! Зар не е апсурдно да се мисли оти Русија се плашела од голема Бугарија и не го сакала нашето ослободување и оти поради тие причини не го сакала нашето ослободување и помагала да се ракоположи Фирмилијан?

Прво да видиме кој е крив за сегашното востание на кого паѓа најголемата одговорност за него?

Не еднаш Русија ни има речено оти таа не ќе пролее ни една капка крв и не ќе ни даде ни најмала материјална помош ако ние Македонците подигнеме востание. Русија по македонското прашање толку пати има објавено владини соопштенија, толку пати се правени претставки до бугарската и до турската влада по нашето прашање. Во сите нив направо ни се велеше: седете си мирно, оти ако направите брканица - не можам и не сакам да ви поможам. Со други зборови, таа си ги изми рацете за сите несреќи од едно востание во Македонија. Можеме ли ние по тоа да ја обвинуваме Русија во неискреност и поддупување? Зошто тогаш да ѝ се лутиме на Русија?

Ако не се лажам, Комитетот и Организацијата очекуваа помош не од Русија, а од Бугарија, зашто во Македонија, според разбирањата нивни и на Егзархијата бугарска, живеат Бугари. Руси таму нема. Значи, Бугарија требаше да им помогне или најкатегорички да рече: не чекајте од мене ништо. Но Бугарија не го направи ни едното ни другото: не го направи првото, зашто Бугарите се сметкаџии и се готови да си ја земат Македонија ако им ја подари некој, а инаку - ако сака нека биде запустена. Никој друг од балканските народи немаше така спокојно да гледа на запустувањето на еден крај, каде што има негови сонародници. Да беше иницијативата во востанието грчка или српска и да знаеја тие народи оти востанието ќе биде така силно, не гледајќи на никакви неблагопријатни прилики, ќе објавеа војна, па макар таа војна да се свршеше со полн пораз нивни. Но Бугарите не се од таа категорија: тие ќе објават војна само тогаш ако има некоја држава што да им ги обезбеди плодовите од војната. А бидејќи таквото обезбедување никојпат не е сигурно, без да се ангажира една од големите држави или неколку од нив со оружје в рака да го поткрепат тоа обезбедување, тогаш од Бугарија не можеше да се очекува замешување во македонските работи. Но ако беше така, тогаш Бугарите можеа да им кажат јасно на Македонците, да не се надеваат на нив и можеби не ќе се добиеја тие резултати. „Далекувидната" политика на кнезот и на неговите „самостојни" и „национални" помошници требаше да предвиди се и да ги предупреди несреќите. Но тие тоа не го направија. Оставија да стане востанието, мислејќи дека ако не „самостојната" политика, тогаш крвта на Македонците ќе ја

натера „великата ослободителка" да си ги остави своите работи и да дојде да војува за нас, за да ја повикаат после во Берлин и да ја загуби Манџурија и влијанието во Персија. Тоа беше престапничко поведение кон македонските работи и главен престапник во нив се јавува официјална Бугарија и бугарскиот народ, којшто не можеше да ја натера својата влада да се застапи за своите македонски клиенти. И за тоа престапно поведение се прави сега виновна Русија, и тоа официјална Русија што немала ништо заедничко со нејзиниот народ. Ослободените „братушки" сега не сакаат да си ги признаат своите грешки; ете зошто изјавуваат дека тие се сите русофили, и дека го милуваат рускиот народ, но не ја милуваат руската влада, која не ги изразувала народните чувства кон Македонците и негативно се однесувала кон секоја искажана од народот симпатија кон нив. За докажувањето на последново покажуваат „тајни" циркулари од владата да не се печатат веќе статии за македонските работи.

Кај нас во Македонија и во Бугарија на таква владина распоредба можат да ѝ придадат неправилно значење, ете зошто ќе треба да се кажат овде неколку зборови и за неа. Најпрвин треба да се каже оти по македонското прашање нема никаква разлика помеѓу погледите на руското општество и народот, од една страна, и владата, од друга, а има само разлика во степенот на интересот за него: општеството и народот многу помалку се интересираат од владата што се гледа од помоштите за Македонците. Ако се споредат тие со помоштите за Бурите /Трансвалците/, тогаш ќе се добие голема разлика, зашто за борбата на Бурите се интересираа многу повеќе од нашата борба. А тој слаб интерес е резултат на разочарувањето на Русите од „братушките". Значи, и за тоа треба да им речеме на Бугарите: Сполај ви! Руската влада секогаш му дава полна слобода на рускиот печат да печати статии по сите прашања до тогаш до кога некое прашање се разгледува и не е примено никакво решение по него. Откако прашањето ќе биде исцрпено и по него е примено некакво решение, се испраќаат циркулари дека прашањето е исцрпено. Но тоа се прави не за да се лишат весниците од слободата да пишуваат, а затоа што на Балканскиот Полуостров им придаваат големо значење на сите статии што се однесуваат за балканските работи и мислат оти владата под влијание на печатот ќе ја измени својата политика. Владата просто сака да не избави нас од празни надежи.

Ако е сето тоа така, тогаш со што може да се објасни политиката на Русија по прашањето за Фирмилијана? - ќе се запрашаат некои. - Јасно е оти таа е србофилска. - Да видиме дали е толку јасно.

Причините за ракополагањето на Фирмилијана уште еднаш јасно ќе ни покажат каква несреќа за нас Македонците е носењето на името Бугарин. Од нив ќе се види оти политичкото недоносче - Бугарија не е во состојба да ги заштитува не само нашите, но и неговите интереси.

Бугарија нема дипломати, а уште помалку - во странство. И тие што се од последните, не се да го чуваат и да го подигаат значењето на Бугарија, а да го намалуваат и да го исмејуваат, и себеси и својата држава. За потврдување на тоа доста е да се потсетиме на тројцата: господата Бешков, секретар и герант на

Трговското агентство во Битола, Цоков, дипломатски агент во Лондон, и Станчев, таков во Петроград.

За г. Бешков попрашајте кого сакате во Битола, било тоа од персоналот на тамошните конзулства, било од бугарските учители, било од влашките, било од граѓаните или најпосле од Циганчињата со кои има разговарано г. Бешков, постојано одејќи по градот без работа, и сите ќе ви кажат кој е г. Бешков. Затоа Србите имаат во Битола прекрасен претставник што се ползува со полно уважение кај конзулите. Тоа е г. Ристиќ.

Сета своја дипломатија си ја искажа г. Цоков во разговорот негов со кореспондентот на „Ројтер".

Но најинтересен е г. Станчев, едно, како приватно лице, друго, како дипломат и, трето, како дипломат на најважното за Бугарија од сите дипломатски места. Првото нешто што бие в очи тоа е што г. Станчев си останува на истото место во сето време откако знам за него /има околу 9 години/. Тој факт на вид е многу утешен, зашто тој како да покажува постојанство во политиката на Бугарија. Српските посланици вистина седат во Петроград по неколку години со ред, но по 4-5 години се менуваат. Но тој утешен факт е утешен само на вид. Уште во првата година на моето студентство мене ме запрашаа: каков човек е г. Станчев? Јас за него не знаев ништо, затоа реков оти малку го познавам. Тогаш ми дадоа една германска книга со наслов Die Wahrheit uber Bulgarien. Јас замолив да ми ја дадат да ја прочитам дома. Ми ја дадоа и така јас се запознав првпат со г. Станчев и со бугарските работи, особено со положбата и авторитетот на бугарскиот претставник во Петроград. После јас чув уште некои слухови за г. Станчеви од нивниот живот во Петроград, слични на пасажите за нив во споменатата книга. Од разговор со журналисти јас чув оти г. Станчев правел обид да повлијае на нив, но неуспешно. Воопшто, сите тие со кои имав случај да се видам или да зборувам г. Станчев или не го знаеја или лошо се одзиваа за него. Но во последната година г. Станчев, кажуваат, се спуштил толку долу, така ниско го спуштил бугарскиот престиж во Петроград како што не ќе можеше да направи и најголемиот непријател на бугарските интереси.

А знаат ли Бугарите оти во тоа време кога тие го имаат во Петроград еден Станчев, Србите го имаат таму еден Пашиќ, или еден Груиќ или еден Новаковиќ? Овие дипломати последователно се или во Петроград или во Стамбол; и на едното и на другото место тие остануваат по неколку години со ред. Во Петроград тие имаат широки познанства и се ползуваат со многу арен дочек од горните слоеви на руското општество и имаат големо влијание на него. Тие се знаат со дипломати, професори, редактори и издатели на весници. Тие зборуваат убедливо и со длабоко знаење на работите. Додадете кон тоа дека српската надворешна политика е установена, како и тоа дека имаат тие и цел ред други, освен споменатите дипломати, и ќе разберете зошто ракополагањето на Фирмилијана е победа на српската дипломатија и пораз на бугарската; победа добиена со свои, т.е. српски сили, а не нешто наврзано од Русите; поразот пак на Бугарите е резултат на

немањето бугарски дипломати што да ги разбираат бугарските интереси и да ги заштитуваат со авторитет и знаење.

Ама г. Зиновјев им помагал и им сочувствувал на Србите. Тоа може да биде вистина, но тој го прави тоа не зашто ги мрази Бугарите, а зашто српските посланици во Стамбол се логични, ги знаат арно нивните интереси и можат да ги заштитуваат. Исто така, можеби руските конзули ги заштитуваат српските интереси во Македонија, не за атер, ами едно, зашто и Србите како и Бугарите се Словени, а друго, зашто Србите поарно ги имаат разбрано и знаат да ги бранат нивните интереси.

Значи, бугарската надворешна политика не издржува никаква критика. Таа е главниот извор на сите наши несреќи. Затоа не може и да се зборува за некакви арнотии од Бугарија за Македонија. Арнотија ли е материјалната помош од Бугарија за востанието, кога таа поддршка само нè натера да си ги расфрлиме народните сили, со кои ние бевме силни, а сега сме ништо? Арнотија ли е ранењето на избеганите во Бугарија Македонци, кога Бугарија е првата и последната причина да им се разорат куќите? Арнотија ли е тоа што прима таа на своја служба Македонци, кога последниве со службата, или заради неа, ја заборавaат својата татковина и нејзините интереси ги жртвуваат на бугарските? Зар не се Македонците што се на служба или кандидати за служба тие што го изопачуваа меѓу населението во Македонија значењето на руските владини постапки и ги толкуваат пред него стамболовски и го тискаа да востане, против советите на Русија за благоразумност? Македонци! Време е да се убедиме оти лошиот демон за Македонија не е никој друг освен Бугарија. Ете зошто час поскоро треба да си ги одделиме нашите интереси од бугарските. Тоа го бара од нас благоразумноста.

Од сето гореречено се гледа оти бугарските арнотии за нас Македонците ни најмалку не се разликуваат од српските, но затоа пак нè чинат стопати повеќе:

1/ за бугарското име што ни го подари Егзархијата ние ги зедовме на себе сите добрини што се врзани со него и со кои се украси тоа име во најновата историја на Балканскиот Полуостров.

2/ за бугарските училишта и бугарското „покровителство” на нашите интереси ние немаме никакво сочувство од страна на Русите, не затоа што тие ги мразат Бугарите, а по тие причини што тие толку многу направиле за Бугарите, колку за никој од словенските и православни народи: излегува оти тие и за нас Македонците направиле многу и немало зошто уште нешто да очекуваме од нив. Руското покровителство станува ненужно кога ние си имаме „самостојно” и „национално” бугарско покровителство.

3/ За бугарските владици што ни ги подари Стамболов ние платившме со немањето на автономни права, предвидени со Берлинскиот трактат. Таа арнотија добива уште поголемо значење со тоа што таа беше причината да се образуваат комитети, организации, чети, востанија, да има убиства, грабежи, колења и др. и во сето тоа Бугарија ни помогна и со пари и со трпење на комитетите на своја земја.

4/ верата во бугарското чувство кон нас си ја платившме со востанието, од

кое Бугарија вистина не нè задржа и не ни помогна, но... го испрати Начевича да преговара... Исто така Бугарија со својата искусна дипломатија не поддржа...!

5/ за хранењето на избеганите Македонци во Бугарија и како најголема награда за името Бугарин што го насадија кај нас, ни покажаа барем да знаеме кој е причината за сите наши несреќи, а тоа била... Русија. И така, значи, Бугарија ни ги направи досега веќе сите арнотии, остануваше само и кај нас да развие класа „самостојни националисти" што ќе разберат најпосле каде е коренот на секое зло во нашето национално развивање, т.е. Бугарија реши и кај нас да насее русофобство, та и ние да ја изгубиме секоја вера во православна Русија. Мисијата на Бугарија е прекрасна, само, за жал, ние тука во Петроград сме далеку од Бугарија, та русофобското семе не може да ни западне длабоко во душата и да даде арни плодови.

Од сите преброени факти се гледа големата штета за нас Македонците од тоа што ние, или барем мнозина од нас, ги изедначуваме досега нашите интереси со општобугарските. Ние се викавме Бугари. Со тоа, од една страна, сакавме тоа име да ни послужи како центар околу кој ќе можеме сите да се згрупираме, без да бараме за таа цел некој друг, а можеби и сосем нов, од друга страна, ние мислевме оти вистина во соединувањето со Бугарите е нашата сила.

И вистина, од нашето викање дека сме Бугари ние имавме право да очекуваме за нас добрини, а не зла: ние можевме да очекуваме од Бугарите поддржување на сите наши духовни нужди. Бугарија е слободна држава. Таа располага со пари, просвета, државни мажи и дипломати. Таа треба да ги сознае нејзините и нашите национални интереси и моќно да ги брани. Но видовме дека сме горко излагани во нашите надежи и дека наместо арнотии ние видовме само лошотии.

Тие лошотии ги надминуваат сите очекувања. Се поставува прашањето: кој е во сето тоа крив? - На тоа прашање јас не можам да одговорам. Не е моја работа да барам дали некој зол демон на Бугарија ни ги има направено сите лошотии бугарски нам на Македонците. За мене е јасно само тоа дека голем дел од сите наши несреќи се должат на бугарскиот народ. Не е кнезот крив за тоа, да речеме, што немаат Бугарите арни дипломати. Ако, на пр., г. Станчев е претставник на кнезот, а не на Бугарија, тогаш не се такви Цоков, Бешков и др. Не е извинение за бугарскиот народ и тоа што недостојните дипломати ѝ припаѓаат на оваа или на онаа партија и кнезот се ползува со повикувањето на власт, по лични наоѓања, ту една ту друга партија. Главната несреќа за Бугарија и за нејзините интереси е не во тоа што има многу партии и не сите ги знаеле арно народните интереси, ами во тоа што Бугарите малку се проникнати со народните интереси, особено со надворешните. Кај Бугарите нема национални идеали што да бидат општо достојание и светиња за сите Бугари. Тие идеали се изработуваат од историјата на народот, но се изработуваат во еден долг историски период. Долго време членовите од еден народ треба да се занесуваат од едни исти народни идеали, општи и свети за сите членови на народот. Тие идеали треба да бидат изработени од највидните

претставници на народот и усвоени од сите негови членови. Идеалите народни требаше да бидат една програма, кон реализирањето на која ќе требаше да бидат насочени сите сили на народот. Народните идеали не може да бидат реализирани сите одеднаш, но нивното реализирање од треба да биде само резултат на општата и самопрегорна народна работа. Тешкотиите за достигањето на народните идеали служат само како школа во која се закрепнува народниот дух и се готви за уште поголема борба. Во замена за тоа, ако еден народ добие политичка слобода или се исполни нешто друго важно за народниот живот, без негово или со мало негово содејство, тогаш кога кај него нема уште изработени народни идеали или ако се изработени не се усвоени од сите членови на народот, тогаш, во таков случај, народот не ги цени народните идеали и, како човек без определена цел и програма за работење, се фрла ту на една ту на друга страна, правејќи го тоа не затоа што е убеден оти така треба да биде, ами затоа што гледа дека има околу него луѓе што постапуваат така или инаку.

Што гледаме ние во најновата бугарска историја? Бугарија добива политичка слобода, највcovажното нешто во народниот живот, уште тогаш кога кај нив немаше народни идеали, кога и самите не знаеја што сакаат. Слободата ја добија Бугарите со најмали жртви и усилби; неа им ја подарија Русите. Ослободувањето направи една голема пропаст помеѓу поранешната бугарска историја и живот, и новата. Во првата Бугарите видоа само еден мрак, затоа тие се одвраќаа од неа. И така Бугарите во новиот слободен живот се јавија како народ без традиции, народни идеали, свест за народните и државните интереси и историско наследство. Значи, Бугарија се јави како држава во вид на историско недоносче. Со усилбите на Русија тоа недоносче закрепна малку, но при првото осеќавање на своите сили најавува претензии за самостојна политика - извор на несреќи за Македонците.

Но не само во таа самостојна политика се заклучуваат нашите несреќи, а следствено и причината за одделувањето на нашите интереси од бугарските, па и причината за одделувањето на Македонците овде во македонско друштво.

Тоа одделување си има и други причини, а имено-употребувањето на нашите умствени сили за изучувањето на себеси, како членови на една татковина и еден народ. За да се достигне таа цел требало да се состави одделно друштво од лица за кои изучувањето на Македонија во етнографски, географски и историски однос има првостепено значење; а такви лица сме ние Македонците.

За да се достигне таа цел ние треба да се одделиме од другите балкански народи и самостојно и критички да погледнеме на самите себе и на нашите интереси, како и на балканските народи и нивните интереси. Постапувајќи така ние ќе се ослободиме од грешките што ги прават другите балкански народи.

За да биде појасна ползата од таквото одделување наше од другите народи доста е еден критички поглед врз работењето на тукашниве студентски друштва: бугарското и српското.

Бугарските студенти имаат големи претензии да се претставници на најновите течења на човечката мисла. За нив нема никакво значење национализ-

мот што се смета за нешто што си го има оджывеано својот век. Тие се интернационалисти. Тие се најнапред луѓе, па после, ако им остане за тоа време, се Бугари. За нив човештвото има поголемо значење од Бугарија и затоа повеќе ги интересираат нив Швајцарија, Соединетите Американски Држави и нивната историја, отколку Бугарија со нејзините национални интереси. Бугарската младеж овде ги употребува сите свои сили и средства да се покаже напредничава, т.е. социјалистичка: долги и бесмислени говори, долги коси и убаво исчешлана брада, црвена или сина руска кошула и др. Со национални прашања не се занимаваат и со голема досада слушаат реферати на тема по етнографијата, па и по каква и да е друга наука, освен политичката економија. Но затоа секој смета за свој долг да критикува сè што ќе му допадне. Со научни прашања не сакаат да се занимаваат, но затоа се убави организатори: можат да организираат лотарии, да пропагандираат некоја работа, да организираат некоја вечеринка со добротворна цел, без да му гледаат многу многу оти со неа ќе се оскандалат и себеси и идното поколение од бугарски студенти во Петроград. Воопшто, тие се готови да се занимаваат со работи што бараат малку труд, но даваат голема популарност и самоувереност. Македонија ја признаваат за бугарска во етнографски однос, но мислат дека е излишно да си ги трошат силите за да научат нешто за таа земја, затоа ништо не знаат за неа ни од историјата ни од географијата и етнографијата нејзина, освен дека има таму чети и востание, на коешто треба да му се помогне само со лотарии и не со самите себе. Тоа платонско и само платонско и евтино сочувство кон Македонците, тоа неразбирање на националните интереси, тоа отсуство на национални идеали и таа жед за популарност со приврзаност кон социјализмот е одраз на духовната состојба на бугарскиот народ и неговото општество. Оттука многу јасно се гледа колку Бугарите не се во состојба да ги бранат не само нашите, но и сопствените интереси.

Српските студенти прават сосема друг и спротивен впечаток. Србите не се интернационалисти, а сите буквално, без разлика дали е некој од Србија, Босна, Херцеговина или Црна Гора, сите се националисти. Тие знаат дека тие се првин Срби, а после луѓе. Секој знае и се интересира за српството разместено во разни земји. Тие ја знаат нивната историја и историјата на соседните народи и земји. Тие се интересираат сите главно за културно-историските науки и ги изучуваат. Ги изучуваат како средство за достигнување српски национални цели. Со цел да ги заштитат српските интереси пред Русите, тие преведуваат или составуваат на руски книги со историска содржина. Таков утилитарен, тенденциозен и шпекулативен однос кон науката не е за одобрување и е причина и резултат на национален шовинизам, но последниов е резултат на тие историски прилики во кои попадна српството, особено по Берлинскиот договор. Србите можеме да ги обвинуваме за шовинизам; но тие не се поголеми шовинисти од Бугарите. Србите се националисти со арно сознаени народни идеали и интереси, кои што со труд, наука, перо и дипломатија сите како еден човек одат по еден општ за сите пат и затоа постигнуваат победи над Бугарите на секој чекор. Србите се шовинисти; тие се очаени во

борбата со своите непријатели за заштита на нивните национални интереси. Но ако го спoредиме српскиот шовинизам со бугарскиот национален индиферентизам и ги разгледаме од македонско, па и од општочовечко гледиште, тогаш ќе треба да признаеме дека српскиот шовинизам, како резултат на основно изучените народни интереси, стои многу повисоко, и многу погоре од бугарскиот национален индиферентизам, којшто е резултат на отсуство на секакво разбирање на бугарските државни интереси. Во тоа време, кога Србите од кралот и министрите до последниот српски амал се националисти и наоѓаат за нужно сите да се сплотат во едно за да ги достигнат со општи сили народните идеали, Бугарите се цепат на социјалисти и секакви други - исти, кои најмалку сакаат да ја оправдаат пословицата дека соединувањето ја прави силата. - Туку сето тоа е резултат на политичката зрелост на народот: Србите во текот на цел век ги изработуваат националните идеали и ги изучуваат националните интереси, а пак Бугарите го прават тоа само во 1/4 век.

Како и да е, но одделувањето наше од Бугарите ќе ни даде можност критички да се однесуваме кон бугарските работи, а не слепо да ги копираме и да насадуваме во Македонија, наместо национализам, социјализам, како што го правела тоа Внатрешната македонска револуционерна организација. Значи, одделувањето на нашите интереси од бугарските, покрај другото, ќе нè избави од положбата како мајмуни да ги копираме бугарските непромислени постапки и на вера да ги примаме бугарските уверувања дека Бугарија е нашата арнотворка, а Русија нашиот најголем непријател; тоа ќе развие во нас критички однос кон нашите и кон туѓите постапки.

А од тоа одвај ли може да има поголемо оправдание за постоењето и програмата на нашето друштво. Ако е така, тогаш не ни останува ништо друго, освен да му се помолиме на Господа да ги умножи македонските друштва, слични на Петроградското - „Св. Климент” насекаде каде што живеат Македонци.

## Националниот сепаратизам: земјиштето на кое се има развиено и ќе се развива за напред

На првото заседание на Бугарското студентско друштво во Петроград од оваа година јас реков неколку збора за резултатите од сегашното востание во Македонија. Тие резултати јас ги резимирав во два пункта: 1/ Македонија по Востанието е загубена за бугарската народност и 2/ Македонците ќе си ги сознаат грешките што беа причина за несреќите од воставањето, ќе се откажат од досегашната насоченост на нивното национално самосознание и ќе им отворат систематска борба на сите национални и верски пропаганди во Македонија, вклучително и на бугарската, за да можат со одделувањето на своите интереси од интересите на пропагандите да го постигнат националното обединување помеѓу себе.

Јас реков тогаш дека таква е вистината, којашто не ќе им се бендиса на мнозина, но јас не можам да го зборувам она што ќе му се бендиса на некого, туку она што е свршена работа, со која порано или подоцна ќе треба да сметаат Јужните Словени, па затоа е нужно да се знае новото течење сред Македонците за да се определат јасно односите на Јужните Словени кон него и да се избегне бесполезната и штетна борба помеѓу нив.

Мнозина ќе речат оти моите утврдувања за некакво ново течење во развивањето на националното самосознание сред Македонците е само мистификација на неколцина Македонци, но дека таа мистификација нема под себе земјиште и затоа како што се имаат скоро појавено на белиот свет, исто така скоро ќе исчезнат од него.

За да се увериме во тоа дали моиве заклучоци за резултатите од востанието се правилни или пак приговорите на моите противници се правилни, ќе треба да се разгледаат тие настани од најновата историја на Македонија во кои најсилно се пројави националното самосознание, а имено, ќе треба да се разгледа: преродбата на Македонците, настаните што послужија како причина да се разбуди народниот дух на Македонците, какви размери и каков правец зеде тоа разбудување? Во какви односи станаа Македонците со нивното национално разбудување кон балканските народности и дали позицијата што ја зазема сега Внатрешната револуционерна организација по прашањето за народноста на Македонците Словени е таква од која не може да се оди понатаму, или пак треба од неа да се направи уште еден чекор и Македонците да се јават приврзаници на националниот сепаратизам со примањето на централното македонско наречје за општ македонски литературен јазик? И најпосле, ако Организацијата и македонската емиграција во Бугарија, особено оној дел од неа што има или државна служба со убави плати или се занимава со журналистика и со тоа има убави доходи и големо влијание на бугарските работи, така што се јавува со кандидатура за министерски места во

Бугарија или си има други згодни потфати, -дали, велам, и без помошта на таа наша колонија е возможно некакво особено пројавување на нашата преродба, а имено во таква смисла како што ја спомнав, т.е. во полно одделување на нашите интереси од оние на балканските народи и во развивање меѓу македонската интелигенција и народот македонско народно самосознание?

Површен поглед на настаните што изврвеа пред Востанието ни докажува оти најсилниот поттик за националното разбудување на Македонците ни послужи зафатокот на српската пропаганда во Македонија. До тоа време нашето национално самосознание беше разбудено само на половина. Специјално со прашањето за нашата народност никој не се занимаваше. Се викавме вистина „Бугари" и „христијани" во национална смисла, но зошто тоа е и дали е навистина така - ние не се запрашувавме многу- многу.

Врските наши со Бугарите станаа многу тесни со општата положба во Турција: ние бевме браќа по својата судбина и бевме во еднакви односи кон владата и фанариотското духовенство. Опшноста во судбините наши ни го закрепи општото име Бугари уште до ослободувањето на Бугарија, коешто си остана по традиција во Македонија и по ослободувањето на првата. Врз таа основа Бугарите ги поставија своите претензии на Македонија и Македонците очекуваа ослободување од Бугарија.

Но конкуренцијата со Бугарија од страна на Србија по македонското прашање од политичка и национална страна ги извика на политичката сцена и самите Македонци. Македонците фатија усилено да се интересираат за прашањето на нивната народност и нивната судбина.

Одот на тоа национално разбудување, како и резултатите до кои доведе тоа, се претставуваат приближно во овој вид:

Србите и Бугарите фатија да си ги оспоруваат еден на друг правата врз Македонија: и едните и другите велат оти цела Македонија била нивна. Едните си викаат како сведоци за справедливоста на нивните претензии едни, другите други авторитети.

Среде тој бескраен спор помеѓу двата братски соседни народа македонското словенско население, заради кое тие се караат, малце по малце зрее во националното самосознание и сака да се ослободи од покровителството на соседните народи за да може само да си биде вршител на своите судбини.

Македонците бараат национално обединување помеѓу нив, но притоа сакаат тоа обединување да стане не врз нова почва, не да се зафати одново, зашто таквото обединување ќе бара многу време, а обединувањето беше важно како средство за постигнување политичка слобода. Затоа обединувањето беше зафатено врз почвата на тоа што Македонците се викаа Бугари.

Мислата за национално обединување на Македонците, иако под маската бугарска, се зафати во 1890 г. Во крајот на 1889 год. се префрлија во Бугарија 30-40 души ученици и студенти Македонци од Белград во Софија. Тие ученици се душата на сите настани во Македонија оттогаш досега. Тие беа запознаени со

Србија и Бугарија, со нивните култури и цели во Македонија. Тие и ја сознаа опасноста за дележ на Македонија помеѓу тие две држави - ако Македонците самите не се вооружат за да си извојуваат сами, со свои сопствени сили и средства слобода и со тоа да го предупредат дележот на Македонија.

По нивна иницијатива во почетокот на деведесеттите години се образува едно национално сепаратистичко движење со цел да се одделат интересите на Македонците од бугарските со издигнување на едно од македонските наречја на степен на литературен јазик за сите Македонци. Орган на тоа сепаратистичко движење на Македонците во Бугарија беше списанието „Лоза". Но тоа духовно движење на Македонците не ѝ се бендиса на бугарската стамболовска влада, којашто забрани да се издава „Лоза" и фати да ги гони Македонците сепаратисти. Од тоа време уште побегна Дамјан Груев, којшто беше во бројот на Македонците ученици што поминаа од Белград во Софија и во бројот на сепаратистите.

Немајќи во Бугарија почва за национален сепаратизам, Македонците што пребегаа од Белград во Софија, се зафатија со образување на револуционерни организации во Бугарија и во Македонија. Видните Македонци револуционери сепаратисти, како Делчев, беа само ученици на првото поколение Македонци ученици српски и бугарски. Исто така и Сарафов и другите подоцнежни револуционери се јавија само како нивни продолжувачи и следбеници, но не иницијатори на револуционерната организација.

Од самиот зафаток на револуционерната организација Македонците во Бугарија, или со бугарско образование, работеа под маската Бугари, едно затоа што така се викаше голем дел од населението, а друго, што по тој пат можеше да се добие поддршката на бугарската влада, на бугарскиот народ и на бугарската егзархија.

Играта одиграна од нив имаше позитивни и негативни резултати. Меѓу првите треба да се однесат: 1/ Македонците со своето обединување за преследување на интересите на својата татковина станаа важен фактор што навидум влезе во сојуз со бугарскиот народ и со сите негови официјални претставници за достигнување навидумни општобугарски интереси во Македонија, а всушност со тоа го направи бугарскиот народ и неговите официјални претставници и установи орудија за свои сопствени чисто македонски цели и интереси; 2/ Македонците од сојузници со Бугарите во решавањето на македонското прашање станаа господари на тој сојуз, во кој Бугарите фатија услужливо, а понекогаш и со горчина во душата да ги исполнуваат барањата на Македонците.

Потоа и Македонците фатија да изјавуваат оти тие сакаат „Македонија за Македонците", оти тие сакаат автономија на Македонија, а не соединување со Бугарија. Бугарите „скрепја серце" можеа да чујат таква новост што не можеше да им биде пријатна. Но Македонците ги успокојуваа Бугарите: Чекајте вие, нека ни дадат нам автономија, па ќе видите оти по неколку години таа Македонија ќе биде бугарска, зашто повеќето од македонската интелигенција го доби своето образование во Бугарија. Надворешниот свет пак го уверуваа оти историјата со

Источна Румелија не може да се повтори и со Македонија, зашто во Македонија има многу народности, а не две-три, оти сите тие народности, како и сите соседни балкански државички и големите држави, ќе можат да го спречат соединувањето на Македонија со Бугарија. Најпосле изјавуваа: Каков интерес имаат Македонците да се соединуваат со Бугарија, кога од тоа соединување ќе има полза повеќе Бугарија отколку Македонија?

Македонците не се запреа на таа двојна игра со различните изјави пред Бугарите и пред Европа. Тие го пренесоа центарот на Револуционерната организација заедно со сите национално-политички прашања во Македонија за да бидат слободни во своите постапки од бугарската влада.

Во комитетите во Бугарија фатија да пропагираат целосно одделување на интересите на Македонија од интересите на Бугарија.

Се зафати енергична работа на Сарафов, заедно со комитетите претседателствувани од него. Сарафов, како претседател на Врховниот комитет во Софија работеше сосем не сообразувајќи се со бугарската влада. На Сарафов не му сочувствуваа бугарската влада и кнезот, со други зборови: Комитетот, на којшто му претседателствуваше Сарафов, по македонското прашање се придржуваше според една таква програма, тогаш за тогаш само политичка, изработена уште од понапред, на која не ѝ сочувствуваа оние што се повикани да ги бранат бугарските интереси, ами сочувствуваа оние што ја составуваа толпата, со други зборови, бугарскиот народ. Оттука е јасно оти Бугарите ја голтнаа пилулата и доцна е да си ја исправат грешката.

Владата направи усилби да го поврати изгубеното, но уви! - било доцна. Врховниот комитет во Софија се стави под претседателството на ген. Цончев, Бугарин, љубимец на кнезот. Но Македонците во Бугарија го убедија бугарското население во правината на нивната програма за полно одделување на интересите на Македонија од интересите на Бугарија, ја покажаа политиката на владата, на кнезот и на „генералскиот комитет" или Комитетот на Цончев-Михајловски како егоистичка и добија во Бугарија поголема власт над „генералскиот комитет" и над владината политика по македонското прашање. Таа сила се поддржуваше главно со полната солидарност на „Станишевскиот врховен комитет" со „Внатрешната организација".

И така комитетите, а заедно со нив и воопшто Македонците, се ослободуваат од влијанието на бугарската влада, создаваат своја независна програма за работа, таа програма ја пропагираат во Бугарија и со неа добиваат влијание врз бугарскиот народ, а преку него и врз владата. Откако се вкорени така македонското „дело" во Бугарија, Македонците фатија да одат и во Србија и таму да им ја излагаат својата програма на владата и на српскиот народ. Сарафов, Радев, Јанков уверуваа оти тие се борат со девизата „Македонија за Македонците", за сите Македонци без разлика, и оти никогаш Македонија нема да се соедини со Бугарија. Не е ли јасно и од тие постапки на македонските водачи оти Македонците зедоа самите да ги решаваат судбините на Македонија и оти тие во

својата дејност се готови да се судираат и да ги усогласуваат интересите на својата татковина не само со Бугарија, но и со другите балкански државички, откако ќе им се дадат на тие државички некои обврски од страна на Македонија за укажаната помош?

Од дотука реченото е јасно оти борбата помеѓу Бугарија и Србија за влијание во Македонија како резултат го даде развивањето на свеста дека судбините на Македонија треба да се во рацете на Македонците. Македонците се организираат со сознавање на своите права на својата татковина и својот долг пред неа. Со своето организирање Македонците станаа главниот фактор во решавањето на македонското прашање како во своите очи, така и во очите на Европа. Од Востанието со нас се церемонат; до него на нас гледаа како на една неопределена маса.

Тие се сите резултати од досегашното наше самосознавање. Со постепеното одделување на македонските интереси од бугарските, со земањето на македонското прашање во свои раце и најпосле, и најмногу со сегашново востание Организацијата како резултат го постигна тоа што не го претпоставуваше: наместо слобода да бараат, сега во Македонија мнозина се убедени дека ни треба полно пресечување на врските со сите балкански народности и култивирање на сè што е во Македонија оригинално и свое: јазикот, обичаите, историјата, писменоста, народната литература итн.

Тоа нешто не се предвидуваше, зашто се мислеше оти името „Бугарин" ќе ни донесе сè што очекувавме од народното движење. Но во пресметките се излагавме. Заедно со добрините за интересите на Македонија, изброени погоре, името Бугарин донесе и негативни резултати за револуционерното „дело": Името Бугарин и нееднаквите уверувања пред Бугарија и пред Европа за судбината на Македонија по нејзиното ослободување создадоа полна недоверба кон нашето „дело" од страна на Европејците, мислејќи го за итрина - не македонска, ами бугарска - за маневар на бугарската влада да се реши македонското прашање поскоро. Сиромашката бугарска влада се најде во небрано лозје во македонското прашање: Македонците ја изиграа и ја употребуваа како средство за своите цели, а Европејците ја обвинуваа за итрини од коишто таа сиромашката беше далеку. И така Бугарин присвоено од комитетите и Организацијата за Македонските Словени, и соединувањето на нашите интереси со интересите на Бугарија во агитацијата на комитетите кај Бугарите, беа причина сета македонска работа да ѝ се припише од Европа на Бугарија и на Бугарите како бугарска надворешна појава да не се поддржува.

Малку тоа: името Бугарин што ги тераше Европејците да се однесуваат со недоверба кон работата на Организацијата, гледајќи во неа желба на Бугарија со револуција да ја наруши рамнотежата на Балканскиот Полуостров, и непостојаноста на бугарската надворешна политика, насочена сега против Русија сега со неа, послужи како причина за да се согласат Русија и Австро-Унгарија заедно, со заемна согласност, да ги решаваат балканските прашања. Тоа согласување од 1897 год. беше насочено против Бугарија како божемна поттикнувачка на Македонците, но неговите

резултати беа штетни не за самата Бугарија, зашто во бугарските внатрешни работи никој нема право да се меша, а за нас Македонците. Тоа е негативната страна на првиот период од нашето национално самосознавање; тоа е причина за неуспехот на нашето востание. Неуспехот значи се должи главно на името Бугарин, усвоено и пропагирано од револуционерите.

Востанието направи епоха во животот и националното самосознавање на Македонците Словени. Тоа ќе го натера нашиот народ и неговата интелигенција да погледнат назад на своите слабости од коишто произлезе неуспехот на Востанието. Тоа ќе ја натера македонската интелигенција со различно образование да се сплоти во едно за да го обедини нашиот народ, но веќе не врз таа основа што си ја покажа сета своја неодржливост, а врз друга, врз чисто македонска. Востанието ни покажа оти ние Македонците не можеме да очекуваме помош од никоја од балканските државички, оти решението на нашето прашање е сето во рацете на големите сили и затоа нам и не ни треба да ги соединуваме и да ги замешуваме нашите интереси со чии и да се словенски интереси на Балканскиот Полуостров. Нам ни треба внатрешно обединување меѓу себе: не ни требаат во Македонија ни Срби, ни Бугари ни Грци, зашто не сме ни едното, ни другото ни третото; не ни требаат патријаршисти, егзархисти, зашто ние сме само православни христијани. Делењето е вештачки создадено од балканските државички со намера да ја делат Македонија со стекот на околностите. Но Македонците на сегашниот степен од нивниот национален развиток не се материјал во рацете на малечките балкански државички, ами се силен етнографско-политички фактор од којшто повеќе зависат судбините на Македонија отколку од малечките балкански државички. Тие Македонци што покажаа таква способност во своето национално-политичко организирање, што покажаа такво примерно жртвување на своите интереси во полза на интересите на својата татковина, не со помалечок успех ќе можат да им организираат секакви пречки на националните и религиозните пропаганди што го цепат денеска нашиот народ на делови непријателски еден кон друг.

Организацијата и Македонците досега на далеко растојание ги оддалечија интересите на Македонија од бугарските. Од таа положба до полното отцепување од Бугарија и до објавувањето на Македонија за одделна од Бугарија и од Србија етнографска област има еден чекор. Тој чекор е неопходна последица од неуспехот на сегашното востание. Тој е наполу направен. Полното отцепување на Македонија од балканските државички во етнографски однос ќе исплива најаве со успокојувањето на Македонија.

Замешувањето на Бугарите и Србите во Македонија беше предизвикано од некои околности: Македонците одеа рака за рака со Бугарите во црковното прашање: оттаму проширувањето на власта на Егзархијата во Македонија. Србија се замеша во Македонија откако изгуби надеж да си ја присоедини Босна и Херцеговина.

Но сега и за нас Македонците настапија нови околности што ќе нѐ потресат и ќе ни кажат нови патишта по коишто ќе треба да одиме во иднина. Претензиите на

Србија и Бугарија, од една страна, ни покажаа оти само конкуренцијата на тие две држави не остава да робуваме уште на неопределен рок; од друга - тие претензии ни ја потврдија и без тоа познатата вистина оти во цела Македонија има само една, а не неколку словенски народности. Значи делењето е вештачко и од борбата со него најнапред ќе треба да се зафати нашата нова работа во понатамошниот развиток на нашето национално самосознавање.

И така имињата: Србин, Бугарин и Грк си ја ислужија својата служба во Македонија и за низ таму нема веќе место. Време е да ги замени едно општо за сите Македонски Словени име - името „Македонец". Таа смена е само логична последица и се бара од околностите. Таа смена делумно веќе е настапена и не е далеку тоа време кога таа ќе триумфира.

При сè што беше речено погоре за новото течење во развивањето на националното самосознавање кај нас, ми се чини оти мнозина од вас во моите мислења и зборови ќе видат само една мистификација. Можеби мнозина ќе се запрашаат: 1) ако досега комитетите имаа играно двојна улога: на Бугарите им имаат велено оти Македонците се Бугари и еден ден Македонија како и да биде ќе се соедини со Бугарија, а на Европејците им велат оти тие бараат автономна Македонија само за Македонците, оти немаат никаква мисла за соединување со Бугарија, тогаш од каде јас знам оти комитетите ја лажат Бугарија, а не Европа? Може да биде сосем спротивното на тоа што го реков јас погоре за комитетите, т. е. тие се готови да ѝ дадат на Европа секакви гаранции Македонија да не се соедини со Бугарија, но тие никојпат не ќе се согласат да се упразни во Македонија бугарскиот јазик и бугарското име во полза на централното македонско наречје и името „Македонец", со други зборови, тоа што го реков јас дека имало само еден чекор од таа положба што Македонците и македонските комитети по македонското прашање се држат кон Бугарија, па до полното отцепување на Македонија и Македонците од бугарските национални интереси, не е право, зашто не еден чекор, ами цела пропаст го одделува едното од другото, и комитетите ќе покажат најсилно спротивставување на новото течење; 2) ако се допушти оти комитетите никојпат нема да се согласат со упразнувањето на бугарското име и јазик од Македонија, а заедно со нив против новото течење ќе биде и целата македонска интелигенција со бугарско образование, тогаш од каде ќе црпи сила за себе новото течење? Кои ќе бидат теоретиците на новото течење, каде тие теоретици ќе ја развиваат својата дејност, каде и каква ќе биде нивната аудиторија, од каде ќе се земаат средствата за пропагирањето на идејата, како ќе проникне таа во народот и како ќе се поддржува во него? Од каде ќе се најдат средства за нови учебници, кој ќе ги подготвува, од чии средства ќе се издржуваат училиштата со македонски јазик? - Очигледно, штом комитетите и македонската интелигенција во Бугарија ќе почнат да му се противат на новото течење, или, ако не му се противат, просто не го поддржуваат, јасно е оти од него нема да остане ништо: фантазиите на неколцина Македонци ќе бидат исмеани и ништо повеќе.

Така ли е всушност? Да разгледаме колку можат да бидат основани таквите претпоставки и разлози?

Прво ќе го прегледаме прашањето: во каков однос ќе станат комитетите и македонската интелигенција кон едно ново национално течење сред Македонците, коешто бара не само политичко, ами и национално и религиозно ослободување на Македонија, т.е. кон едно течење што прокламира „Македонија за Македонците" против сите претенденти на Македонија, во тој број и против Бугарија и Бугарите? Да си претставиме оти тоа ново течење е незначително. И во тој случај треба да се реши прашањето за односот кон него. Ако новото течење од гледиштето на комитетите е нешто опасно и непожелно, тогаш тоа треба да се искорни уште при самиот зафаток; ако тоа само по себе нема почва, тогаш треба да се остави само од себе да исчезне; а ако е полезно за Македонија, тогаш ќе треба да се поддржи од нив.

Прашањето дали новото течење има иднина или не, ќе се разгледа подолу, од каде што ќе се види оти тоа, ако се остави само на себе и се игнорира, ќе се развива само, а не ќе опаѓа. Затоа, имајќи предвид оти новото течење само од себе ќе расте, треба да се разгледа прашањето дали комитетите ќе се борат со него или пак ќе го поддржуваат?

Прво се поставува прашањето: дали комитетите, расудувајќи логично, можат да му објават војна на новото течење? Може да се допушти оти таква војна може да се очекува, зашто во комитетите има членови не само Македонци, ами и Бугари, и последниве никојпат не ќе се согласат со новото течење, зашто со него ќе се закопаат бугарските интереси во Македонија; исто така има и меѓу Македонците членови на комитетите лица што ќе расудуваат вака: Сега на старост ние не можеме да учиме нов јазик: бугарски знаеме и бугарски ќе зборуваме, - ние сме Бугари.

Малку тоа. Мнозина, па и најголемиот дел од македонската емиграција во Бугарија, ќе се противат на новото темење од чисто егоистички причини. Повеќе од 5.000 души Македонци има на државна служба само во Софија. Не помалку има кандидати за служба. Меѓу таа македонска интелигентна емиграција има мнозина или што имале или имаат високи должности, пак и коишто се претенденти и кандидати за нив, во тој број и за министерски портфељ. Се знае оти сите тие господиновци си ги имаат најгоре од се своите лични интереси. За нив интересите на Македонија се едно средство да добијат служба и да се одржат на неа. И интересите на Бугарија не господ знае што означуваат. Но за да се исполнат нивните егоистички планови за убава служба, тие се готови да се покажат повеќе Бугари од самите Бугари, да играат улога на бугарски шовинисти, со неа да ги експлоатираат и бугарскиот кнез и интересите на Македонија, и на бугарскиот народ и на европското општествено мислење, со еден збор, да лажат и на десно и на лево, под вид дека исполнуваат некаков патриотски долг, а всушност да добијат служба, власт и популарност. Штом македонската интелигентна емиграција се состои главно од такви лица што си ги имаат соединето своите интереси со Бугарија и се

оближуваат околу бугарскиот кнез, којшто по ќефот си ги клава и си ги симиња министрите и којшто може да постави за министри не само луѓе што имаат малку популарност сред бугарскиот народ, но и такви што воопшто немаат партија и се „независни”, т.е и „тука го клаваат и таму го клаваат”, - штом имаме луѓе што мислат оти главното достоинство на човекот е не чесно да му служи на својот народ, ами да итрува, т.е. да лаже и десно и лево, - тогаш природно е оти новото течење во развивањето на националното самосознание на Македонците нема да сретне поддршка во нашата емиграција во Бугарија.

Нема што да се зборува и за учените Македонци во Бугарија: тие едногласно ќе речат оти новото течење е просто апсурд, оти никојпат немало македонска народност и сега ја нема; оти Македонците се Бугари и сл. Секојпат и насекаде бивало така и така ќе биде сега и кај нас. Учените, аристократијата, интелигенцијата и воопшто општествените класи, каде што се имаат лични интереси, стари традиции и предубедувања, се борат со новите течења, каде што се наоѓаат вистината и правината. Тие течења се вкоренуваат првин во долните класи и воопшто кај луѓето без предубедување, готови да се борат со тие предубедувања во заштита на новите идеи, од чие реализирање ќе зависи не само нивната, туку и среќата на нивниот народ. За илустрација на одот и на резултатите од борбата меѓу стари и нови течења доста е да се потсетиме за борбата на христијанството со паганството, реформирањето на Русија од Петар Велики, преродбата на Чесите, Литовците, правописната реформа на Вук Караџиќ итн.

Туку, да го оставиме излезот на борбата помеѓу старото и новото течење, да се задржиме на прашањето за односот на комитетите кон новото течење. Јас погоре реков оти поголемиот дел од членовите на комитетите ќе бидат за борба со новото течење. Но како ви се чини, дали таа борба ќе биде победоносна за нив? - Не. - Таа само ним ќе им го ископа гробот. Таа ќе ја компромитира и бугарската политика во Македонија. И еве зошто.

Досега комитетите му велеа на надворешниот свет оти тие работат само за „Македонија за Македонците” и се готови да им дадат секакви гаранции да не стане присоединување на Македонија со Бугарија. Бугарија ја искажува истата политика по македонското прашање. Комитетите велат оти се готвеше и стана општо македонско востание од сите македонски народности заедно, а не само од „Бугарите”. А кога им велите: штом востанието е општо од сите македонски народности, тогаш зошто Комитетот заседава само во Бугарија, а не и во Србија, Влашко и на друго место, тие одговараат вака: Од тоа што комитетите заседаваат во Бугарија погрешно е да се прави заклучок дека македонските комитети се бугарски; за македонските комитети Бугарија не е ништо повеќе од една држава што им укажува гостопримство на Македонците и им дава слобода да работат слободно до колку таа работа не ѝ нанесува штета на државата, т.е. Бугарија во македонското востание ја игра само улогата на Каравлашко во бугарското востание. Бугарија го кажуваше истото. Европејците, се разбира, не веруваа во тоа. Ами сега колку лажовни ќе излезат тие уверувања и на македонските комитети и на Бугарија, ако

и едните и другите, од пасивен однос кон едно ново течење што бара „Македонија за Македонците", а не за Бугарите, или од иронизирање со него, стапат во борба со него? Таа борба ќе им ја симне маската и на едните и на другите и ќе ги востанови симпатиите на европската јавност и на европските влади во полза на новото течење и против лажливците. А без Европа и Русија ни комитетите ни Бугарија не можат ни за јота да ги изменат судбините на Македонија.

А штом е така, комитетите од ироничен и пасивен однос кон новото течење ќе треба непосредно да преминат кон неговото поддржување. Ете го одговорот на прашањето: каков може да биде односот на комитетите кон новото течење?

Сега да поминеме на другото прашање: од каде новото течење ќе зема сила ако македонската интелигенција и комитетите во Бугарија зафатат борба со него? Со што располага тоа?

За одговор на тоа прашање треба во неколку црти да се одбележи улогата на Србија во македонската национална преродба. Да ја пренебрегнува човек положбата што ја има заземено Србија во македонското прашање и нејзината улога во македонската национална преродба е лекомислено. Дури може да се рече дека во најновата историја на Македонија Србија изигра поголема улога од Бугарија. Кога Бугарија со шум сакаше да го реши македонското прашање, водена за носот од македонската емиграција, Србија тихо, со голем успех работеше во Македонија наполно согласно со српската поговорка: „Тиха вода брег рони". Имаше време кога улогите на овие две држави беа обратни, т.е. Србија шумеше, а Бугарија работеше.

Да бидеме појасни.

До Српско-бугарската војна во 1885 г. Бугарите тихо работеа во Македонија. Сливница им покажа на Србите оти ако една Бугарија со Источна Румелија може да ѝ покаже на Србија еден сливнички пораз, тогаш соединета Бугарија, заедно со присоединетата кон неа Македонија, во идно време може и сосем да ја победи и да ја пороби Србија. Сливница ја натера Србија да почне една нова борба со Бугарија за Македонија. Најнапред таа борба беше на хартија: Србите докажуваа со громки и плитки фрази оти тие имаат поголемо право над Македонија од Бугарите. Од тоа поминаа пак на громка, но безрезултатна пропаганда во Македонија: им изнаветија на Македонци, млади ученици од бугарски и грчки училишта златни гори за во Србија. Патриотското пропагандно друштво „Св. Сава" од 1888 година отвори пансион за своите ученици стипендијанти. Во 1889 година бројот на стипендијантите на тоа друштво се зголеми, за да се намали по неколку месеци: во ноември месец на таа година околу 40 души ученици Македонци едни тајно, други јавно и демонстративно, поминаа од Белград во Софија за таму да учат (се разбира, со бугарски пари). Тој неуспех не ги обескуражи одважните Срби: Друштвото „Св. Сава" отвори патриотска потписка во Србија за изградување нова зграда на друштвото за пансион и за свое пропагандно училиште. Во 1890 год. се издигна голема трикатна зграда во која од јануари 1891 год. се отвори пропагандната „Богословско-учителска школа", за да се затвори по половина година. Но затоа Светосавското друштво за таа половина

година направи доста шум: во неа, освен науките, имаше и воена гимнастика и маршеви на учениците со музика по Белград и неговата околина и патување во летото по Србија, каде што се произнесуваа громки здравици. Со тоа се сврши шумот во Србија и Србите фатија да работат тихо и упорно: пропагандата помина од патриотското друштво во рацете на Министерството за надворешни работи. Министерството прво ги праќаше своите стипендијанти во српските провинцијални градови за да учат, а после ги собираше во Белград во специјални школи или на Великата школа.

Работењето на Србите не остана без резултати при решавањето на македонското прашање. Србите со своите училишта во Македонија успеаја да создадат илузија во европското и во руското јавно мислење дека има Срби во Македонија. Штом една таква илузија поминува пред владите на големите сили за факт, тогаш е јасно оти при решавањето на македонското прашање треба да се имаат пред очи и барањата на српската влада. Следствено, Србија при таа борба постигна повеќе од Бугарија, која со шумот што го подигна остана со загуби, а не со добивка. Ако не се јавеше новото течење во развитокот на националното самосознание меѓу Македонците, коешто ќе ги прирамни загубите на Србија со загубите на Бугарија, тогаш може позитивно да се тврди оти од Востанието бугарските интереси во Македонија само пострадаа, а српските само се зголемија.

Но српската пропаганда, освен илузијата за српска народност во Македонија и попречувањето да се реши македонското прашање во полза на Бугарите, има и други резултати.

Во почетокот на нивната пропаганда Србите и не мислеа да ги прават Македонците Срби; тие сакаа просто да создадат во Македонија редум со бугарските и српски интереси, така што во времето на решавањето на македонското прашање да добијат колку што се може поголем дел од неа. Таа цел се достигнуваше едно со најавување историски и други права и сообразувања, а друго и главно, со инакво поставување на прашањето за народноста на Македонските Словени. Последниве можеа да се истават или како нешто средно помеѓу Србите и Бугарите, т.е. ни Срби ни Бугари, а просто Македонци или Македонски Словени, или како Срби. Првата теорија имаше помалку следбеници и беше предназначена за пред европското јавно мислење. Но на таа теорија и беше затворен влезот во Македонија, како и во сите тие средини од каде што излегуваа пропагандистите. Таа теорија беше опасна за српските интереси во Македонија, зашто ќе ја повлечеше по себе согласноста на Србија да се образува одделна македонска држава и со тоа Србија не ќе добиеше ни еден дел од неа. Втората теорија, т.е. сите Македонски Словени се исто такви Срби како и Босанците, Црногорците итн. се вкорени во Србија. Со тоа Србите ги лажеа не само европското јавно мислење и Македонците, туку и самите себеси: тие фатија да ја пропагираат истата идеја и сред Србите со помошта на училишта и книги. Последниве беа и се сите тенденциозни по прашањето за народноста на Македонците. Илузиите на европското јавно мислење за српски интереси ги донесоа своите плодови. Илузиите на самиот српски народ пак не се безрезултатни: во случај на војна за Македонија со кого и да е, Србите

како еден сите ќе се нафрлат на непријателот, -српската војска со најсилно патриотско чувство ќе се бори за Македонија.

Српските усилби да се прегледа од научно гледиште македонското прашање се овенчаа со успех. Бугарите можат да се утешуваат дека прашањето за народноста на Македонците е решено во нивна полза. Тие можат да му турат нему крст. Но не го прават тоа другите учени. Сега веќе има претставници на науката, како професорите И.А. Бодуен де Куртене, П.А. Лавров и В.Јагиќ, коишто гледаат на македонските наречја како на одделен претставник на словенската фамилија јазици. Тоа прегледување и таквото решение е српска научна победа.

Србите направија преврат и во сфаќањата и стремежите на Македонците, преврат вистина не и во нивна полза, но уште помалку во бугарска. Тие сакаат да ги направат Македонците Срби, забранувајќи да се обраќаат пропагандите со нив инаку, освен како „прави" и „чисти" Срби. Тоа не стана. Македонците фатија да се задлабочуваат во прашањето за нивната народност и интересите, и дојдоа до заклучок дека не се тие ни Срби ни Бугари; дека нема за нив ни бугарски, ни српски ни грчки интереси, а дека има само македонски. Србите не ја достигнаа крајната граница на нивните стремежи, но достигнаа таква граница од којашто вистина не може да се оди понатаму, но којашто може да ги успокои поумерените елементи во српското општество и народ.

Одот на српското влијание во развивањето на народното самосознание кај Македонците и неговите резултати се претставуваат во овој вид:

Во 1889 год. во Белград во пансионот на Светисавското друштво на Космајска улица имаше околу 50-60 души млади Македонци. Меѓу нив немаше „Старосрбијанци", а сите беа само од Македонија и по нивното образование, до доаѓањето нивно во Србија, во бугарски или во српски училишта, се делеа на: „бугараши" и „гркомани". Меѓу нив „србомани" немаше.

Старите „бугараши", заедно со новопристигнатите таа година и со некои „гркомани", на број околу 30-40 души, едни тајно, други јавно и демонстративно, заминаа во Бугарија. Тие млади Македонци, воспитани во Србија во народен, т.е. во дух да ја сакаат најнапред својата татковина и својот народ, па после човештвото, заминувајќи во земјата каде што нема национално самосознание, а наместо него полн индиферентизам кон народните интереси, внесоа во неа нова струја од национално воодушевување и работење за ослободувањето на Македонија. Тие ја составија во Бугарија основата на работењето во полза на Македонија.

„Гркоманите" во Белград од година во година се зголемуваа со нови „гркомани" и „бугаромани" но и едните и другите внатре во Србија мачно се преобрнуваа во „србомани". „Србомани" се правеа тие само со заминувањето во Македонија како српски чиновници и органи на српската пропаганда. „Србомани" Македонци имаше само за надворешниот свет и за другите пропаганди во Македонија. Органите на српската пропаганда во својата душа никогаш не се чувствуваа како „Срби" или „србомани", особено во првите 10 години, иако имаат тие живеано во Србија.

Живеењето на млади Македонци во Србија секогаш имаше многу добро влијание врз интересите на Македонија. Тука тие се заинтересируваа за прашањето за нивната народност, за српските филолошки и историски аргументи за нивната народност, за српскиот патриотизам и за неговото крајно изразување во вид на шовинизам или слепо претпочитање на своето пред туѓото, за причините на српскиот шовинизам, за улогата на Србија во сегашно и во идно време во македонското прашање и за многу други важни и интересни прашања.

Вештачкото создавање српски интереси во Македонија беше јасно за сите. Но исто така Македонците сознаваат дека Србија е држава што располага со војска, дипломатија, еден народ и една интелигенција што ќе ги бранат српските интереси во Македонија со примерна преданост и краен фанатизам.

Борбата со српските интереси во Македонија е претешка не само за Македонците, коишто не располагаат со држава и државен буџет, војска, дипломатија и др., но и за слободна Бугарија. Затоа Македонците во Србија се откажаа од една јавна борба со Србите, но со тоа тие не се откажаа од интересите на нивната татковина.

Од избегувањето на првата група македонски ученици во 1889 година, за коешто спомнав, се до 1895/6 учебна година избегуваа кое по мали групи од 5-10 души, кое одделно од по 1-2. Но поголемиот број Македонци остануваа во Србија и бараа пат како ќе се може да се работи во полза на Македонија без да се влегува во отворен конфликт со Србите.

За да се изработи една таква програма, македонските ученици во Белград во 1893/4 учебна година, во времето на инспекторството над нив на директорот на Третата гимназија Ѓуро Милијашевиќ, решија да состават македонско друштво во Белград. Целта на друштвото беше неговите членови да се запознаат и да си изработат една програма што ќе ја реализираат во Македонија тајно од српската пропаганда. Јавната цел на друштвото беше изучувањето на Македонија во етнографски, географски, филолошки и историски однос.

Се разбира оти од тоа друштво не излезе ништо, зашто Србите не им веруваа на Македонците и фатија да праќаат во него „Старосрбијанци", Црногорци, Босанци, Херцеговци и др. Особено таа недоверба и наплив од Срби во македонското друштво настапи во ИИ година од неговото постоење при инспекторот гимназискиот проф. Јуришиќ. Но со растурањето на друштвото не се измениja чувствата и стремежите на Македонците во Србија. Тие фатија да ја следат Револуционерната организација, создадена од Македонци со бугарско-српско образование, како и односот на Србите кон неа. Тие си дадоа отчет од улогата на Србија во македонското прашање досега и за иднина, затоа и ним им припаѓа честа да се создавачи на националниот сепаратизам сред Македонците. Тие се и главните негови следбеници. Меѓу нив има луѓе со висок патриотизам и со здраво разбирање на националните македонски интереси.

Тие македонци и им дадоа израз на своите убедувања за македонското прашање со издавањето на весникот „Балкански гласник" во Белград во 1902 год.

Издавањето на овој весник не можеше да им се бендиса на српските шовинисти, затоа српските весници подигнаа шум против издавањето на „Балкански гласник" обвинувајќи го неговиот редактор за сочувство на македонските комитети, како резултат на кое тој беше протеран од Србија.

Такви се резултатите од српската пропаганда меѓу нејзините воспитаници и органи, родум од Македонија. По прашањето за народноста на Македонците Србите пред Македонците се придржуваа кон втората од споменатите две теории, т.е. дека Македонците се Срби, и токму затоа кај нив се добија спротивни резултати. Србите сакаа да ги направат Македонците да им служат на српските интереси, т.е. самите да се мислат и на своите сонародници да им велат дека се Срби. Но наместо тоа Македонците фатија да гледаат на себе како на Македонци, со свои одделни цели, и сакаа не да служат како орудија за српски цели, туку да ја употребат српската политика како средство за постигнување чисто македонски цели.

Ни еден српски воспитаник, особено ако тој има живеано во Србија, не само што не им верува на Србите дека тој е Србин, туку и ги мрази за нивниот шовинизам и ги лаже за да си ја достигне само целта, да добие образование. По свршувањето на учењето може да биде и чиновник на пропагандата, но притоа тој ги мрази и си ја проколнува судбината што е орудие на една пропаганда, којашто си има свои цели, совршено спротивни на интересите на неговата татковина - Македонија.

Таквиот Македонец обично до стапувањето во српското училиште бил и во бугарско или во грчко или и во едното и во другото. Тој си спомнува како во едното училиште го уверувале дека тој е Грк, во другото - дека е Бугарин, а тука - дека е Србин. За него е прашање - каде е вистината, зашто сите имаат свои аргументи. Спротивните аргументации не даваат можност да се најде која е најправата и затоа Македонецот решава дека сите се лажни и дека има само една непобитна вистина: Македонците Словени се Македонци и Словени, следствено, треба секој Македонец да ги чува интересите на својата татковина и на својот народ, а не интересите на пропагандите.

Да укажеме и на друг тип Македонец со српско образование. Тој можеби се смета Бугарин и по проживувањето во Србија 4-5 год. Откако ќе го сврши тој своето образование во Србија, каде тој треба да оди: во Бугарија или во Македонија? И во едната и во другата што ќе прави? Бугарија и Егзархијата во Македонија си имаат чиновници повеќе отколку што им се нужни. Пак и да има место, нема да му го дадат на еден што свршил во Србија, туку на еден свој кандидат. Да го допуштиме уште и тоа, тој да добие бугарска служба. Но ќе се чувствува ли тој на неговото место? - Не. Тој во времето на поминатите негови години во Србија се наоѓал под влијание на цел ред околности што отсуствуваат во Бугарија и затоа неговите погледи се разликуваат од погледите на оние што се образуваа само во Бугарија и се слободни од цел ред преземени мисли и предрасуди. Најмалку, во новата општествена средина тој ќе се чувствува не на своето место.

И така, Србија со своето замешување во македонското прашање направи огромен успех и треба да си признаеме дека тој не е толку во нејзина колку во наша

полза. Таа отвори училишта, кладе конзулства, го ракоположи Фирмилијана и со сето тоа му даде нов правец на нашето прашање. Таа во европското јавно мислење и во самата Србија создаде илузија дека има Срби во Македонија и таа илузија во очите на европејците минува како факт. Таа натера одново да се прегледа прашањето за народноста на Македонците и да се реши ни во полза на Бугарите, ни во полза на Србите, а во полза на одделна македонска народност. Таа воспита цело поколение Македонци што имаа, имаат и ќе имаат најрешавачко значење во новата историја на Македонија. Српските воспитаници играат важна улога во македонското прашање, без да се обраќа внимание на тоа дали тие работат под бугарска, под српска или под македонска фирма, како и без разлика дали се тие во морален однос луѓе високи или не. Српски воспитаници има од сите тие категории и во сите нив српското влијание се покажува благодатно за Македонија. Српските воспитаници што работеа под бугарска фирма ја создадоа и ја поткрепија македонската револуција; на нив се должи и политичкиот сепаратизам. Националниот сепаратизам се должи на српски воспитаници идеалисти што работат под српска маска, а во душата своја се признаваат за Македонци; српските воспитаници, со своето образование во Србија, се образуваа во национален дух, наместо во национален индиферентизам во Бугарија, иако некои од нив целосно не престанаа да се викаат Бугари, но меѓу нив и Македонците со чисто бугарско образование и самите Бугари се отвори една голема пропаст: тие со своето образование застанаа на средината меѓу Бугарите и Србите, т.е. викајќи се по традиција Бугари, тие престанаа да се такви во својата душа: тие станаа Македонци. Најпосле најдолните, најочаените органи на српската пропаганда, родум Македонци, пак се полезни за Македонија: од нив се образува класа од недоволни од српската пропаганда за коишто нема пат кон Бугарите; тие ќе ја зголемат класата од националните сепаратисти.

Значи, ако и ние се лажеме во претпоставката оти националниот сепаратизам ќе биде поддржан од комитетите, од Организацијата и од македонската интелигентна колонија во Бугарија, тогаш, и во таков случај, доста е една силна српска пропаганда во Македонија за да земе најголеми размери националниот сепаратизам.

Но новото течење среќава и ќе среќава најдобар прием уште во неговиот зафаток и кај најдобрата, најинтелигентната и непродадената македонска интелигенција, како и што е резултат на умствениот и моралниот развиток на последнава. Има и ќе се најдат множина интелигентни Македонци што се готови да си го дадат животот за интересите на својата татковина и својот народ, коишто ќе се запрашаат: што е поважно за нас Македонците - општобугарските, општосрпските, општогрчките или македонските интереси? И ќе одговорат дека интересите на татковината секогаш се погоре од интересите општонародни и дека последниве се само средство за првите, а не наопаку. Мала набљудателност треба за да се убеди човек во таа вистина. Најнапред, од секого се знае оти ние ги милуваме нашата татковина Македонија и нашиот народ, зашто секој ден ги гледаме и ги изучуваме со своите органи на чувствата. Во неа и сред него сме родени. Од

детинството сè што им е мило ним и нам ни е мило; на се што се радуваат тие и ние се радуваме; тие плачат и ние плачеме; тие се смеат и ние се смееме. Општата радост и жалост, општите преданија и обичаи не прават сите нас едно цело - еден народ. Но штом ќе ја поминеме границата на Македонија, или на југ или на североисток или на север, т.е. во Грција, Бугарија, Србија, наеднаш ќе почувствуваме оти на нас дува веќе друг ветер; ќе почувствуваме дека ние таму сме само неканети гости. И оти ако сакаат таму да ни се покажат браќа, тоа го прават за да не ограбат нас и да не експлоатираат. Грците, Бугарите, Србите сите заедно не уверуваат нас дека ние сите сме само од нивната народност и оти нашиот спас е само во соединувањето на цела Македонија, или барем на еден голем дел од неа, кон нивната држава. Секој од нас ќе забележи оти тие луѓе, за кои ние знаевме само од книга и ги знаевме како луѓе што сакаат да ни поможат да се ослободиме, ни се покажуваат нам за пријатели и сонародници и ни се присторуваат за наши покровители, не затоа што сме ние Грци, или Бугари или Срби, не зашто се грижат за некакви општонародни интереси во кои влегуваат и нашите, не зашто сакаат да поможат и да не избават нас, а само со чисто егоистички цели, т.е. тие го експлоатираат тоа што ние се викаме со нивните народни имиња и сакаат, врз основа на постоењето на тие народни имиња во нашата татковина, да ја зголемат својата татковина, да ги обезбедат своите интереси со завладувањето ако не на цела Македонија, тоа барем на голем дел од неа. Не ни покажува ли тоа оти малите држави, па и секоја една земја, со гонењето општонародни цели гонат не хумани цели, ослободувањето на поробените, ами чисто материјални и егоистички цели, т.е. зголемувањето нивно за свој интерес, без да се гледа дали ќе настапи подобрување во судбината на Македонија или не. Значи, месните интереси се јавуваат главни, а општонародните второстепени; првите се цел, вторите - средство. Имињата: Бугарин, Србин, Грк во Македонија се средство на малите држави за да не заробат нас. Ако и ние ја сакаме нашата татковина и самите себеси, тогаш и ние треба да ги претпочитаме нашите месни македонски интереси пред општобугарските, општосрпските, општогрчките. Ние треба да создадеме таква положба - да нема во Македонија ни бугарски, ни српски ни грчки интереси, зашто таму нема Бугари, Срби и Грци, ами има само Македонци од словенско потекло и некои други македонски народности. Нашите интереси треба да си ги изучиме и да си ги заштитуваме сами, а не да ги даваме во туѓи раце за да ги експлоатираат малите балкански државички.

После, националниот сепаратизам ќе има место и кај луѓе што гледаат од практично гледиште на работите, без да се занимаваат многу со теоријата за нашата народност. Така, тие ќе расудуваат: ако една Канада може да ѝ се лути на Англија затоа што последнава, за да си биде во добри односи со Соединетите Американски Држави, им ги пожртвувала ним интересите на Канада и последнава сега сака да се ослободи од Англија и сама да си ги брани своите државни интереси, зашто подобро си ги разбирала, - тогаш зошто Македонија да не ѝ се лути на Бугарија затоа што таа не може да ги брани македонските интереси, ами само ги експлоат-

ира нив, и зошто Македонија да не рече: Јас пролевав крв од мои синови, нека ги бранат моите интереси тие самите, а не твои Начович, Цоков, Станчев и тн.

Исто така мнозина ќе забележат оти малите држави се однесуваат со таква недоверба кон улогата на Бугарија во Македонија како што се однесуваа големите сили кон улогата на Русија во бугарското ослободување. Последниве се плашеа од една „С.-Стефанска Бугарија", зашто мислеа оти Русија ќе си ја присвои. Исто така, малите држави мислат сега оти Бугарија сака да се ослободи Македонија за да си ја присвои. Но кога видоа западните држави оти се излагани и оти Бугарија раѓа такви луѓе како покојниот Стамболов и живиот Свирчо, се успокоија и зедоа против волјата на Русија да го прават тоа што самите го расипаа во Берлин. Не ќе се најдат ли и кај нас луѓе што ќе разберат оти довербата на малите држави кон нашата татковина ќе зависи од наши стамболовци и свирчовци, но коишто ќе ја видат опасноста за нашите национални интереси не во Русија, ами во Бугарија? Повеќе од за верување е оти ќе се најдат и такви. И тие ќе бидат крајните сепаратисти.

И најпосле, мнозина ќе забележат оти најголемата наша несреќа се крие во тоа што кај нас нема местен македонски патриотизам. Да беше кај нас тој, ние кај и да сме ќе мислевме и ќе работевме само за Македонија. А сега едни од нас гледаат на себе како на Бугари и ги соединуваат нашите интереси со бугарските и наместо да ја изучуваат Македонија во секаков однос, наместо да ја изучуваат историјата на Македонија во сите времиња, ги изучуваат бугарските интереси и бугарската историја и не честопати оние периоди од неа што немаат никаков однос кон Македонија. Така на пр., г. Баласчев, охриѓанец родум, наместо да се занимава специјално со историјата и интересите на Македонија, ми ги изучува бугарските интереси и „материјалната култура на бугарското ханство" нешто што го има за Македонија истото значење како и историјата на Абисинија до покрстувањето на Абисинците. Други од нас се во Грција и ги проучуваат грчките интереси и грчката историја. Друг охриѓанец, Димица, се подвизува во Грција и за него има значење историјата на Македонија само до нејзиното завојување од Римјаните. Други Македонци во Србија се прават српски патриоти и работат наместо за Македонија - за српските интереси. Така, еден богат кожарски трговец по име Коста Шуменковиќ по смртта своја пожртвува 500.000 франци за српските училишта. Доста се таквите жални резултати од врзувањето на нашите интереси со туѓите за да се убедат мнозина дека нашиот спас е само во националниот и религиозниот сепаратизам.

Во луѓето со такви убедувања, како и сите Македонци незадоволни од пропагандите ќе биде во прво време силата на новото течење. Но така ќе биде само во почетокот. Бројот на приврзаниците јавни и тајни ќе расте, не по дни, а по часови. Важно е тоа што до кога што ќе има во Македонија бугарска пропаганда, ќе има и српска. И двете пропаганди се држат само со бугарски и српски пари. Незадоволните од втората до Востанието беа повеќе. По Востанието бројот на незадоволните од обете пропаганди ќе се израмни со зголемувањето на незадоволните од бугарската пропаганда. Но и да не биде тоа, една српска пропаганда е доста за да создаде превосходна почва за новото течење. Сите Македонци од српската

пропаганда ќе бидат на страната на новото течење: органите на пропагандата ќе сочувствуваат тајно, а неплатените Срби ќе ја исповедуваат својата македонска народност јавно.

Најпосле, и мнозина Македонски Словени со грчко образование ќе се признаат за Словени. Сега тие не го прават тоа, зашто треба да се викаат Бугари, а името Бугарин кај Грците се става многу долу. После, сите, од Македонците се готови да направат отстапки од своја страна за обединувањето во едно национално цело, но ни еден од следбениците на трите национални пропаганди нема да ја изневери својата пропаганда за да капитулира пред друга. Националното обединување на Македонците може да стане само со компромис помеѓу нив, а не со капитулирање на едните пред другите. А кој компромис и е новото национално македонско течење.

Оттука е јасно оти ако новото течење и не добие некаква поддршка од многубројната интелигентна македонска колонија во Бугарија, пак ќе се развива, само ќе се развива веќе како течење насочено специјално против бугарските интереси во Македонија. При големиот развиток на новото течење и при силниот отпор од Бугарија, може да се очекува за него поддршка од страна на Србија. Колку и да се покажува тоа недобро и опасно за Србија, сепак тоа не им противречи на српските интереси. За Србија е важно Македонија, ако не биде српска, да не биде и бугарска. Штом ќе се види оти таа никојпат нема да биде српска, Србите ќе можат да се одвратат од своите утврдувања дека Македонците се Срби и ќе ги признаат за одделно словенско племе, еднакво блиско до Србите и до Бугарите.

И така, македонската национална преродба е историски процес што настапува и има под себе јака почва и голема иднина. Таа се должи главно на конкуренцијата помеѓу Бугарија и Србија по македонското прашање. Како преодни стадиуми кон полното одделување на македонските интереси од бугарските и српските, т.е. кон националниот сепаратизам, служат политичките револуционерни организации и политичкиот сепаратизам пропагиран од нив. Како главен извор за зголемувањето на бројот на националните сепаратисти ќе служи зголемувањето на конкуренцијата помеѓу бугарската и српската пропаганда во Македонија и бројот на лицата незадоволни од тие пропаганди. Националниот сепаратизам ќе се зголеми исто така и од лицата што ја осознаваат сета штета од националните и верските пропаганди, кои под вид дека ги бранат нашите интереси, безбожно ги експлоатираат нив, и коишто ќе се решат на борба за националното обединување на Македонците против сите тие пропаганди. Борбата со него е опасна не за него, а за неговите противници. Од таа борба тој ќе излезе победник, уште повеќе што реформите во Македонија ќе ѝ дадат нејзе можност да се ослободи од туѓите влијанија и да го пренесе центарот на преродбата внатре во неа.

## Составувала ли, составува ли и може ли Македонија да составува од себе одделна етнографска и политичка единица?

Во трите гореизложени статии јас ги разгледав најважните за мене, па ми се чини и за сите искрени патриоти прашања. Мислам оти читателот без коментари ќе разбере што сакав во нив јас да речам.

Но, се што реков јас во нив ќе си остане без добар фундамент ако не се разгледаат некои теориски прашања, од чие правилно поставување ќе зависи успехот во нашето општо работење во полза на нашата татковина и нашиот народ.

Мнозина ќе се запрашаат: За каков национален сепаратизам овде се зборува? Не се мисли ли да се создава сега нова македонска народност? Но, тоа нешто е вештачко и како такво ќе трае ден до пладне. Ами каква нова, т.е. македонска народност, кога ние, нашите татковци, дедовци и прадедовци се викале Бугари? Дали Македонците во нивната историја пројавувале некаква општа работа политичка и духовна? Како се однесувале тие кон другите балкански народности и обратно?

Во оваа статија јас ќе се потрудам да одговорам на тие и на многу други слични прашања и со тоа, според мојата сила, да ги разјаснам научните основи на националниот сепаратизам, како и да покажам на неправилноста на тие приговори што се поставуваат од неговите противници, коишто со тоа сакаат да го компромитираат него како нешто вештачко.

Едно од првите прашања што ќе го постават противниците на националното обединување и преродување на Македонците ќе биде: Каква македонска словенска народност? Никогаш немало македонска народност, ќе речат тие, па и сега ја нема. Во Македонија секогаш имало, па и сега има две словенски народности: Бугари и Срби. Значи, некаква македонска словенска национална преродба е просто празна работа на неколку фантазери, коишто притоа немаат никаков поим за јужнословенската историја.

Македонија, после ќе речат нашите противници, не претставува ни географска, ни етнографска ни историска целина. Таа никако не повлијаела врз судбините на соседните народи, а била арена на политичка и културна борба меѓу разните балкански народности. Истите размислувања за нашата татковина може ќе ги чуеме и од некои од нашите сонародници - Македонски Словени што се викаат Бугари, кога ќе се исцрпат сите други средства за борба со македонското национално обединување. Во Македонија нема јазик, ами има многу наречја различни меѓу себе, но сите сродни со бугарските наречја и со нив составуваат една целина - бугарскиот јазик. Други од македонските наречја се поблиски до српскиот јазик, ќе ги продолжат своите приговори нашите противници.

Колку и да се основани сите наведени приговори на нашите противници против опшноста на Македонските Словени и нивната припадност кон една самостојна словенска целина, пак ми се чини дека можат да им се направат и не помалечки кон-

траприговори, од кои ќе се види дека националното самосознание и преродба на Македонските Словени е нешто многу обично и разбирливо.

*
*    *

На првата забелешка од нашите противници, оти никогаш немало македонска словенска народност, може многу просто да им се одговори: што немало понапред - може да се стори подоцна, доста е да се имаат различни историски услови со свои одделни барања.

Некогаш сите Индоевропејци составувале еден народ со еден јазик што го востановуваат сега лингвистите преку споредување на старите и новите индоевропски јазици. Но исчезнаа тие историски услови во кои Индоевропејците се разбираа помеѓу нив и настапија други историски услови во коишто започна цепењето на јазикот, на општото национално самосознание, со заеднички јазик, верувања, ќуди, преданија и др. Но тоа делење пак беше на големи делови или народни групи, како, на пр., индоиранската или ариската, германско-словенско-литовската и др. Тие групи со стекот на подоцнежните историски услови се подразделија на јазични фамилии, како: индиската, иранската или персиската, ерменската, грчката, трако-илирската, италската, келтската, германската, словенската и балтиската или литовската. Словенската, приближно од околу раѓањето на Исуса Христа, се раздели првин: на источнословенска или руска, на западнословенска и на јужнословенска група. И само од последнава се оддели бугарскиот словенски народ, со името Бугари, наврзано на бугарските Словени од несловенските Бугари.

Ако сега нашите противници го допуштаат образувањето на помали етнографски целини од поголема, како последица на историска неопходност, и ако тие досега гледале на Македонците како на Бугари, тогаш зошто сега тие не можат и не сакаат да го допуштат образувањето од таа голема етнографска целина што ја викале сите, па и тие, бугарски народ, две помалечки целини - бугарска и македонска? А сегашните историски околности тоа го сакаат, како што го сакале некогаш образувањето на бугарскиот, српскохрватскиот и словенечкиот народ од Јужнословените или полскиот, чешко-словачкиот и лужичкосрпскиот од западнословенската група.

Формирањето на Македонците во одделна словенска народност е најобичен историски процес, сличен на процесот на образувањето на бугарскиот и српскохрватскиот народ од некогашните Јужни Словени.

Да ги споредиме овие два процеса.

Едни историчари и филолози тврдат оти Јужните Словени уште до доаѓањето на Балканскиот Полуостров се разликувале помеѓу себе, т.е. составувале два одделни народа: Словени /Бугари и Словенци/ и Србо-Хрвати. Така тврдеа Копитар, Миклошич и Шафарик.

Други историчари, особено лингвисти /јазикознајци/ тврдат оти сите Јужни Словени во времето на своето преселување на Балканскиот Полуостров зборувале на разни дијалекти /наречја/ од еден јазик и сите се викале со едно општо име: Словени. Словени се викале и Србо-Хрватите. Имињата Срби и Хрвати се носеле од малечки јужнословенски групи и биле племенски, а се сториле народни само кога нивните носители, т.е. племињата Срби и Хрвати образувале големи држави. Сите Словени, поданици на српската држава, се викале наместо Словени - Срби, а на хрватската држава - Хрвати. Така учи проф. Јагиќ, а заедно со него и неговите ученици. Тој и на сегашните јужнословенски јазици не гледа како на три целини, точно разграничени, туку како на синџир дробни наречја што се слеваат едно во друго, како што влегуваат колцата во синџирот од една страна во едното соседно, а од друга страна - во другото соседно колце.

Ако се довериме на првата теорија, т.е. дека Бугарите и Србо-Хрватите се преселија на Балканскиот Полуостров како готови одделни целини, тогаш се поставува прашањето до каде се простираа тие народности во времето на преселувањето и дали сите дојдени бугарски Словени останаа и досега такви или некој дел од нив се посрбија? И дали сите дојдени Србо-Хрвати останаа како такви или дел и од нив се побугарија? При допуштањето да се доселија готови јужнословенските народности на Балканскиот Полуостров совршено неосветлено останува прашањето за границите меѓу Бугарите и Србите, особено прашањето со какво население беа населени средновековните: Морава, Кучево и Браничево, или, со други зборови, денешното Кралство Србија? За нив, врз основа на византиските историчари, особено на Константин Порфирородни, Шафарик вели дека тие беа населени со бугарски Словени што бидоа посрбени во 13 и 14 в. Ако се допушти за верна таа теорија, ќе биде јасно оти еден народ не секогаш може да устои против притисокот од туѓи соседни народи, а губи еден свој дел во корист на посилниот сосед, и друго, од неа се гледа оти народите можат да се состават од два блиски народа, слеани во едно, како последица на историска неопходност.

Што има бидено во средните векови, зошто да не може да биде и сега? Бугарскиот народ ја загубил скоро цела денешна Србија во корист на Србите и се помирил со мислата за таа загуба и не сметајќи ја за таква. Зошто тој не може да се помири и со мислата за загубувањето на Македонија, кога тоа загубување е исто така неминовна неопходност, како што беше неминовна неопходност и загубувањето на Србија? Историските околности неминовно водеа до загубувањето на Србија за Бугарија во корист на Немањиќевците и на српството, прво во политички, а после и во национален однос; а историските околности создадени од Берлинскиот договор направија Македонија да биде загубена за Бугарите, прво во политички однос, а после и во национален.

Уште една паралела со историјата на Србија: да беше Србија незадоволна од својата судбина во државата на Немањиќевците, таа ќе правеше обид да се ослободи и да им се спротивстави ним со стремежот да се присоедини кон Бугарија; но обидот ќе беше направен и ќе доведеше до саканите резултати само ако

дозволуваа историските околности; но последниве не го дозволија тоа и Србија се помири со околностите и беше загубена за Бугарија. Истото е и ќе биде и со Македонија. Македонија направи обид најнапред да се ослободи од Турција, но, за жал, обидот излезе неуспешен. Можеби по ослободувањето ќе се мислеше и за соединување со Бугарија. Но, оваа година ни покажа оти историските околности никојпат не ќе дозволат да се соедини цела Македонија со Бугарија; сега за Македонците и Бугарите останува едно од двете: или делење на Македонија меѓу балканските државички и со тоа загубување на 2/3 од Македонија за Бугарите и Македонците, или полно пресечување на врските со Бугарите и поставување на македонското прашање врз наполно неутрална, чисто македонска основа. Кога така го поставува неопходноста прашањето, тогаш јасно е оти секојпат и од секого ќе биде претпочитано второто. И вистина, зар ќе се реши еден искрен патриот Македонец да ги жртвува: Костур, Лерин, Битола, Охрид, Ресен, Прилеп, Велес, Тетово, Скопје и др. за соединувањето на Македонија до левиот брег на Вардар со Бугарија? Зар има поголема близост помеѓу еден Македонец од Источна Македонија и еден - рушчуклија или еден Македонец од Источна и Западна или Северна и Јужна Македонија? Кога историската неопходност категорички ни изјавува: Македонци, или соединувајте се меѓу себе и отцепете се од другите балкански народи или гответе се за дележ на нашата татковина! - сите искрени патриоти Македонци ќе го примат првото. Па тоа им го налага на Македонците и човештината: зар е човечка сегашната состојба во која ја имаат доведено Македонија пропагандите? Во една куќа таткото е од една народност, едниот син од друга, другиот од трета народност и еден Господ знае до кога ќе продолжи да биде така! Човештината бара од нас да се искорени во нашата татковина таа ненормална состојба и да се примират брат со брат, татко и деца. Таквото обединување е неопходност, а не ни е нужно семејно непријателство за некакво обединување со Бугарија што никојпат не ќе биде допуштено ни од малите балкански ни од големите држави.

Значи, во сегашните политички околности има не помалку основа за загубување на Македонија од страна на Бугарите, отколку основата за нивната загуба на денешна Србија во средните векови. И како што загубувањето на Србија во политички однос го повлече по себе загубувањето нејзино и во национален однос, исто така раздробувањето на С. - Стефанска Бугарија во политички однос ќе го повлече и раздробувањето нејзино во етнографски однос. Околностите создаваат културна и национална близост меѓу луѓето и околностите ги раздвојуваат роднинските елементи.

Такво сопоставување може да има помеѓу првата, т.е. теоријата за населувањето на Балканскиот Полуостров од Јужни Словени формирани во две народности строго разграничени во етнографски и географски однос и постепеното изменување на етнографската карта на Балканскиот Полуостров, од една страна, и процесот на современото национално обособување на Македонија од друга.

Сега да видиме дали од гледиштето на другата, т.е. Јагиќевата теорија за

образувањето на јужнословенските народности може да се објасни со настанувањето, при сегашните политички околности, на една нова македонска словенска народност?

Јагиќ ни вели дека јужнословенските јазици се и биле синџир од наречја; исто така дека сите Јужни Словени до образувањето на бугарската, српската, хрватската и словенечката држава се викале со едно име -Словени. По должината на тој синџир од јужнословенски племиња и наречја како да се образувале 4 јаки јазли, што ќе рече, 4 држави со разни имиња, т.е. словенечка, хрватска, српска и бугарска држава. Тие јазли, т.е. држави, според силата што ја имаа кога се образуваа, си ги разделија меѓу себе сите колца - племиња и наречја на јужнословенскиот етнографски синџир и ги крстија со нивното име. Јазлите како свој центар си го имаа носителот на националното име; со зголемувањето или смалувањето на политичката моќ на носителот на националното име и последново се раширува или се смалува. Така станале имињата Србин и Хрват народни од племенски, така се присоединиле механички кон нивните носители соседните племиња со своите наречја и составиле со нив еден народ, постепено асимилирајќи се со своите покорувачи или присоединувачи.

Ако образувањето на јужнословенските народности е механичко-политички процес, тогаш истиот не е нешто невозможно и во сегашно време. Во јужнословенскиот јазичен синџир има неколку колца надвор од српскиот и бугарскиот политички јазол: тоа се македонските наречја. И вистина, тие колца, бидејќи помеѓу себе се најблиски, имаат некои црти на исток блиски со бугарските и на север со српските колца. Тие колца во разни времиња беа со разни имиња бојадисани, додека во 4-та четвртина на 19 век боите не фатија да се ставаат една врз друга и не се парализираа една со друга. И едната и другата боја не се држеше јако за колцата и малку по малку боите фатија да се рушат и под нив фати да сјае нивната природна боја „словенска" со одблесок „македонски" од географската област во која се распределени. Носителите на тие колца-наречја некогаш се викале „Словени", а после ту Бугари ту Срби, додека конкуренцијата на овие две имиња не ги направи обете туѓи за Македонските Словени и тие не фатија да се именуваат со старото географско име на својата татковина. Името Македонец првин се употребуваше од Македонските Словени како географски термин за покажување на своето потекло. Тоа име им е општо познато на Македонските Словени и сите со него се именуваат. Штом е така и штом образувањето на народноста е политичко-механички процес, тогаш се имаат сите нужни услови за одделување на Македонија во самостојна етнографска област: Македонците имаат општа татковина, последнава постепено со реформи се одделува во самостојна политичка целина, во неа има „неколку колца од јужнословенскиот јазичен синџир", тие колца многу лесно се обединуваат со општото признавање на средното од нив за општо орудие во искажувањето на литературната реч за сите интелигентни луѓе во Македонија и за во книгите и во училиштата. И така, сите услови за националната преродба на Македонија се имаат на лице, па и таа преродба и од гледиштето

на втората историска теорија за образувањето на малите етнографски единици од една поголема на Балканскиот Полуостров е совршено логична.

Тоа може да им се забележи на оние што велат оти никогаш немало македонска народност. - Немало, ама ја има сега и ќе ја има за напред.

*

*     *

Сега да се запрашаме друго: дали ќе биде точно да се вели дека во Македонија има две народности, и ако има една, тогаш дали таа народност може да биде наречена српска или бугарска?

Во Македонија, како и во секоја друга земја, има многу наречја, блиски едно до друго. Таа блискост на едно наречје се пројавува, од една страна, кон сите други македонски наречја во општите фонетски или звуковни, морфолошки или формени и лексички или зборовни особини; од друга страна, секое наречје е најблиско до неговите соседни наречја, имајќи со нив општи особини што се немаат во пооддалечените од него други наречја, и тоа западниот дел од наречјето е поблиско до неговиот западен сосед и со него тукуречи се слеваат, источниот до источниот итн. и така наречјата како да се врзани едно со друго како колцата во еден синџир. Сега се поставува прашањето: кои колца од нашиот синџир наречја ќе се наречат српски, а кои бугарски и врз која основа?

При решавањето на ова прашање не треба да се забораваат и следниве прашања: кои наречја од српскиот и од бугарскиот јазик се признаваат за најтипични за овие јазици и кои нивни особености се признаваат за најкарактеристични за едниот и за другиот јазик? Дали тие најкарактеристични црти се имаат во сите македонски наречја? Дали македонските наречја имаат свои општи карактеристични особености што се немаат ни во српскиот ни во бугарскиот јазик? Дали во македонските наречја поодделно преовладуваат македонизмите пред србизмите или бугаризмите или обратно? Најпосле, дали особините на крајните или периферни македонски наречја и говори ни дозволуваат да ги сметаме за поблиски до средното и најтипично македонско наречје велешко-прилепско-битолското или до централните наречја на српскиот и бугарскиот јазик?

Како најтипичен и раширен српски дијалект се јавува босанско-херцеговското или јужното српско наречје што од времето на Вук Караџиќ е литературен јазик на Србо-Хрватите. Централното или велешко-прилепското македонско наречје никојпат не може да биде по своите особини однесено кон српскиот јазик, зашто меѓу него и централното српско-хрватско наречје или сегашниот српско-хрватски јазик има исто таква разлика како и меѓу чешкиот и полскиот јазик. Ќе се рече, во средината на Македонија Срби нема. Од сегашното признавање на постоење на Балканскиот Полуостров само три словенски народи: Словенци, Србо-Хрвати и Бугари, со негирањето на Срби во центарот на Македонија, како индиректно да се признава имањето таму Бугари. Но дали денешното гледиште е правилно? Нема

Срби, значи има Бугари. Но немањето Срби дали навистина значи дека има Бугари?

Во централното македонско наречје, меѓу другото, се имаат вакви фонетски особини: старомакедонските гласови ъ и ь, во оние места каде што се имаат зачувано, преминуваат во о и е, на пр., денот од старомакедонското *дьнь*т̄*ъ* преку *дьнъ*т̄; сонот од *сьнь*т̄*ъ*; наместо старото *т̄ј* и *д̄ј* имаме *ќ* и *ѓ* или *јќ* и *јѓ*, на пр., врејќа и туѓа; наместо *нј* имаме *јњ*, на пр., *којњ* наместо *конј*, наместо он - а, на пр., рака и др. Сите тие особини не се српски, но не се ни бугарски. Тие се немаат во главното бугарско наречје - источнобугарското што служи и за литературен бугарски јазик.

Ако источнобугарското наречје се признава за најтипично, тогаш многу е јасно оти самата географска далекост на македонскиот центар од него е доста да покаже дека последниов не може да биде бугарски.

На источнобугарското наречје сега се гледа како на најтипично и најчисто од туѓо влијание бугарско наречје. Тоа во споредба со западнобугарското е пораспространето. Во последново има голема разлика од источното наречје, но, покрај неговата оригиналност, се признава во него српско влијание. Македонските наречја имаат пак свои оригинални особини, а бидејќи се наоѓаат во соседство со Србите се признаваат пак за не чисти од србизми. Освен тоа, тие се на крајниот запад. Поради сите тие причини, а најглавно затоа што Македонците за своето ослободување од грчкиот патрик и од Турција до последната руско-турска војна работеа заедно со Бугарите под името Бугари, а местата за таа борба беа околу Бугарија, т.е. во Стамбол, Влашко, Југозападна Русија и Србија, кои (места) помагаа во ослободителната работа најмногу да бидат застапени Бугарите, - помогнаа да се објави источното бугарско наречје за литературен јазик на Бугарите и Македонците.

Сега да допуштиме да се и Македонците Бугари и особините на македонското централно наречје да се исто: толку бугарски колку и источнобугарските. И во таков случај не може да се зборува за етнографска целост меѓу Бугарија и Македонија. И да имало некогаш таква целост, таа може да се наруши од одот на историските околности. Во секој случај општите интереси можат да се поддржуваат со заемно согласување меѓу членовите на Целината. Интересите на целината треба да се еднакво скапи за сите членови што ја составуваат: од неа треба да имаат сите еднакви згоди и во нејзина полза сите треба да прават еднакви жртви. Ако тоа го нема и ако од неа едни - имаат голема полза, не правејќи никакви жртви, другите прават големи бесполезни жртви, целината се разделува. Националната бугарска целина, во која се однесуваа Бугарија, Тракија и Македонија, не може да се зачува, зашто нема таков етнографски центар што може здраво да ги соедини тие три земји, како што се соединети српскохрватските земји, нема среде тие земји едно најраспространето и еднакво оддалечено од сите нивни краишта наречје што да ги привлекува околу себе периферните наречја и да распространува општо национално сознание меѓу сите што зборуваат на тие

наречја. Во таков случај секој ќе беше свесен оти не само Македонците, ами и Бугарите од Бугарија и од Тракија прават еднаква со нив отстапка во полза на центарот.

Сега пак случајот го издигнал за литературен јазик на Бугарите источното бугарско наречје што се наоѓа на крајната спротивна страна од Македонија. Тоа не може да служи за заеднички литературен јазик на Бугарите и Македонците, зашто не може духовно да ги обедини врз еднакви права сите три спомнати области. Таа задача би можело да ја исполни западнобугарското или шопско наречје, да не беше малку распространето и со многубројни оригинални особености што се немаат во другите наречја во Бугарија, Тракија и Македонија. Најпосле, за зачувувањето на националната целост меѓу Бугарија и Македонија првата нема да се согласи за општ литературен јазик на Македонците и Бугарите да се избере македонското централно наречје наместо источнобугарското. Ете зошто, прашањето кое наречје треба да биде општ литературен јазик за Македонците и Бугарите, ако првите и за напред ќе се викаат Бугари, коешто прашање сега не се поставува на дневен ред, зашто умовите на сите Македонци сега им се зафатени со револуционерното движење, еден ден неминовно и без други причини ќе поведе кон едно расцепување меѓу Бугарија и Македонија, со создавањето од страна на последнава свој литературен јазик.

А создавањето, редум со српскиот и бугарскиот, одделен македонски литературен јазик не е ли рамносилно со одделувањето на Македонците во одделна, ни српска ни бугарска, ами македонска словенска народност? Бугарите можеби ќе речат оти новата словенска народност со свој литературен јазик ќе биде пак бугарска, само со друго име. Ние Македонците, се разбира, нема да имаме ништо не само против Бугарите ако не признаат нас за Бугари, но и против Србо-Хрватите, ако последниве не признаваат нас за чисти Срби или Хрвати.

И така, централното македонско наречје е еднакво далеку и од српскохрватскиот и од бугарскиот литературен јазик и може да се разгледува како нешто одделно од нив. Тоа значи дека најдовме едно неутрално колце на синџирот од наречја. Сега останува да се реши дали тоа неутрално колце стои осамотено со одделна боја од другите колца или има и други колца со истата боја или со поблиска до неа отколку од една страна со централното македонско наречје, од друга со источнобугарското наречје или со српскиот јазик кај Вук Караџиќ, ќе видиме оти сите македонски наречја се поблиски до централното македонско, а не до централните наречја на другите Јужни Словени.

Значи, во Македонија има општо словенско, ни српско ни бугарско население.

Тоа го признаваат и српската и бугарската пропаганда, иако за надворешниот свет и едната и другата зборуваат оти во Македонија имало божем две народности: српска и бугарска.

Српската пропаганда е раширена низ цела Македонија без Костурско, Серско, Петричко, Драмско, т.е. без крајниот југ и крајниот исток. Во Костурско Србите

немаат пропаганда не затоа што костурци не се Срби, ами доброволно ѝ ги отстапуваат на грчката пропаганда. Истокот на Македонија Србите великодушно и го отстапуваат на Бугарија.

Бугарија е не помалку великодушна по македонското прашање кон Србија: Бугарија признава Срби на с.-з. од Шар Планина; сета друга Македонија е бугарска, според Бугарите.

Значи, двете пропаганди не спорат само за земјите на с.-з. од Шар Планина и за оние делови од Серскиот санџак што се крај бугарската граница. Во првата живеат едногласно Срби, а во втората - пак едногласно-Бугари. Но великодушноста на Србите е само затоа да ја покажат умереноста на својот апетит и справедливоста на нивните барања: Ете, не го сакаме тоа што не е наше. Истото е причина за бугарската великодушност спрема Србите. Бугарите дури излегоа потолерантни: земјата зад Шар ја признаа за „Стара Србија".

Но, откако ќе се исклучат тие две покраини, сета друга Македонија Србите ја крстат српска, Бугарите -бугарска.

Причините на претензиите на Србите и на Бугарите се, се разбира, чисто политички, но освен нив има уште една: македонските наречја стојат едно до друго така блиску, едно во друго се слеваат толку незабележливо што, ако се признае едно од нив за српско или за бугарско, ќе треба да се признаат за такви едно по друго и сите соседни со него. Заклучокот од тоа е - дека самите пропаганди признаваат оти во Македонија има само една словенска народност; значи, утврдувањето дека Македонија не претставувала етнографска целина противречи на нивните постапки.

*

*   *

И по сето горечено ќе се најдат мнозина што ќе речат: Можеби вистина е дека ако немало досега македонска словенска народност, таа може да биде создадена од времето, особено од сегашните историски околности; вистина е оти Македонците по својот јазик не можат со право да бидат наречени ни Бугари ни Срби, ами се нешто одделно, т.е. претставуваат одделна етнографска единка, но пак - како ние сега можеме да се викаме Македонци и да создаваме одделна македонска народност, кога ние, нашите татковци, нашите дедовци и прадедовци сме се викале Бугари? Ние не можеме да се откажеме од тоа, зашто тоа име ни е свето како и верата.

Да видиме дали е тоа така.

Ние се викаме Бугари, како што еден човек се вика со едно име, да речеме Петар. Се поставува прашањето: кој ни го клал името, што сакал да означи тој со него кога не крстил и што разбираме ние под името Бугарин кога се наречуваме со него? На тие прашања ќе ни одговори крстувањето на човекот и значењето на неговото име за другите и за самиот него.

Некој што го носи името Петар не си го клал самиот името, туку му го клале други. Нунковците му клаваат едно име на кумчето за тоа со него да се разликува од другите луѓе, деца, жени, моми. Кога ќе го викнат Петар - нема да се ѕвсе Иван, Лазар, Велика и други. Значи, името на еден човек не е толку важно за самиот него, колку за другите, затоа тој не се крстува самиот, туку го крстуваат него други. Тој сам и не се вика Петар, туку се вика: „јас" Се ползува со неговото име само кога треба да се различи од многу други луѓе слични на него.

Исто така, еден народ долго може да биде без народно име ако наблизу до него нема друг народ од којшто ќе треба тој да се разликува со одделно народно име. Но, тоа народно име не си го измислува народот сам за себе, ами со него го вика соседниот народ и тој од него си го зема. Значи, најприродно е народното име за еден народ да се појави кај еден соседен со него народ. Соседните народи еден спрема друг, значи,се јавуваат во вид на нунко и кум.

Според мислата на проф. И.А. Бодуен де Куртене, Словените се крстени со тоа име од Римјаните. Словенските имиња најчесто се завршуваат на - слав: Светис-лав, Венцеслав, Борислав и др. Словените служеле кај Римјаните како робови и гладијатори, а кај тие робови и гладијатори најмногу се повторувал зборот „слав", затоа тој збор фатил да означува, од една страна, човек што ги работи најтешките работи, т.е. роб, а бидејќи најмногу робови се земале од Словените, тогаш, од друга страна, Словените биле крстени од Римјаните со името „слави" коешто тие си го позајмија од нив и го преправија на СЛОВ-Е-НИ, т.е. Словени. Тоа крстување на нашите прадедовци стана уште кога тие одвај влегоа во однос со покултурните романски народи. Со тоа име ќе се наречеше некој од Словените ако требаше да се различи себеси од некој Романец или Германец, и тоа не секаде само тоа се употребуваше. Како и да е, важно е само тоа дека тоа не господ знае што означуваше за да не може да биде заменето со друго.

И така, прво наше народно име ни има станато името Словен. Но за тоа име, како за наше народно, ние најмногу знаеме не по некакви свои традиции или од Романците, ами по византиските историчари.

Главната причина да зборуваат Византиските историчари.

Главната причина да зборуваат Византијците за Словените, значи и за нашите прадедовци, беа нивните војни со Византија. Опустошувањата што ги правеа нашите прадедовци во Византија беа такви факти за кои не можеше да се молчи; а заедно со прикажувањето за опустошувањата се прикажуваше и за опустошувачите, спрема кои Византијците се однесуваа со гордост и презир, како спрема варвари.

Византијците зборуваа само за опасните за нив варвари. Колку еден варварски, т.е. негрчки народ беше пострашен за нивната држава, толку повеќе омразата кон него беше поголема и толку неговото име добиваше подолно, попрезриво значење.

Нападите на Вестготите, Остготите, Хуните, Аварите, Антите, Словените, Србо-Хрватите, Бугарите на Византија се сменуваа еден по друг и поради таа причина

византиските историчари зборуваат за сите тие народи, па и за Словените и Антите. Притоа треба да не се заборава оти вестготските, остготските, хунските полчишта се состоеја не само од Остготи, Вестготи, Хуни, Словени, но дека во нив господствуваше едната народност, а имаше примеси и од другите. Важно е дека Византијците ја одбележуваат господствувачката народност, а за другите молчат. За Словените повеќе зборуваат од сите други народи, освен Србо-Хрватите и Бугарите, зашто сите други вистина поминаа преку Балканскиот Полуостров, но и си отидоа од него. Но Словените добро се утврдија на целиот Полуостров, а особено во Македонија, каде што образуваа уште во 6. столетие силна држава, против која Византијците упатија силна војска.

Но, Византија најмногу настрада од народот Бугари, од монголско племе, што опустошуваше се што ќе му допадне во Византија. Во полчиштата на тој народ имаше и Словени што се сметаа од Византијците пак за Бугари. Најголем удар доби Византија од Бугарите, коишто заседоа од неа голем дел нејзини земји населени со Словени и од нив образуваа една голема и силна држава, која од 18 век до идењето на Турците на Балканскиот Полуостров скоро постојано ѝ нанесуваше еден удар врз друг.

Бугарската држава беше повеќе со словенско население, но со името на нејзините образувачи, т.е. монголските Бугари.

Словените од Бугарија и од Македонија најнапред беа само сојузници на Бугарите во војните со Византија. Но, сојузните со Бугарите словенски полчишта во очите на непријателите, т.е. на Византијците, беа пак бугарски. Значи, Византијците фатија да ги прекрстуваат Словените уште од времето на Аспаруховата орда. Постојаната борба рамо за рамо со Бугарите ги направи нив еден народ со бугарско име, но со словенски јазик. Бугарското име меѓу Словените беше популаризирано од Грците и тоа првин ги означуваше само Бугарите - Монголите, после нивните воени сојузници, после бугарските поданици и најпосле стана етнографски термин за бугарските Словени. Но тоа име во очите и устата на Грците имаше уште специјално значење: најомразени за нив варвари, луѓе необразовани, груби, коишто граничат со ѕверовите. За Грците се словенско беше грубо и бугарско.

Со името Бугари нѐ крстија Грците и нас Македонците. Но тоа прекрстување не е единствено. Од Србите ние бевме прекрстени во Срби. Во втората половина на 12 век, во времето на српскиот жупан Немања и бугарските цареви Асеновци или Асановци, Византија беше нападната од крстоносците и од разни други непријатели. Тогаш Бугарите се подготвија да востанат и склучија договор со Србите против Византија. Последнава беше заеднички нивен непријател и двата народа решија да удрат на неа и секој да си земе што ќе може да откачи. Во Византија немаше бугарски и српски земји, како што немаше и некакво национално самосознание кај Јужните Словени. Врз основа на тој договор Бугарите нападнаа на источниот дел на Балканскиот Полуостров, т.е. на Тракија, а Србите на западниот, т.е. на сегашна Србија, Западна Бугарија и Македонија и малку по малку си ги

разделија помеѓу нив. Во текот на два века српските кралеви присоединуваа кон српската држава византиски земји. Но, тие секогаш се викаа само кралеви на Србите. Цар Душан се нарече: цар на Србите, Грците и Албанците, а не и на Бугарите. Титулата на цар Душан се објаснува вака: тој признава на Балканскиот Полуостров две словенски држави: Бугарија и Србија и една несловенска - Византија; Србија со завојувањето на византиски земји сака да ја наследи Византија, но со тоа зема земји што можат да бидат и српски и бугарски и коишто не се бугарски.

Македонското население не се однесувало со омраза кон Србите. Уште од времето на паѓањето на Самуиловото Царство Македонците не еднаш правеа силни востанија против Византија, многу посилни од Бугарското во времето на браќата Асановци, но не можеа да се ослободат, зашто кај нив се други географските услови, а кај Бугарите други. За да се ослободат Бугарите во Горна Бугарија, што се одделува од Долна со Балканите, доста е да се истепаат византиските гарнизони во неа и да се фатат од нив дервените за да не пропуштаат нова византиска војска. А во Македонија работите се сосем инакви. Тука нема таков ѕид што да ги брани востаниците, како Балканите во Бугарија. Тука имаме многу високи планини што имаат разен правец и образуваат котлини, одделени една од друга. Планините го отежнуваат соединувањето на сите Македонци за заедничка борба со непријателот, а пак им ја олеснуваат работата на Византијците, зашто со разместувањето гарнизони во нив тие можат да ги држат Македонците во послушност. Освен тоа, на Византија ѝ помагаа да ги држи Македонците во послушност и џадињата или друмиштата што се направени за воени потреби уште од Римјаните и ја пресечуваат Македонија од исток на запад, т.е. од Белото Море кон Јадранот и од југ кон север крај Вардар, т.е. од Белото Море кон Дунавот. При таквите географски услови јасно е оти Македонците не можеа да се ослободат од Византија и готови беа да му бидат сојузници на секој непријател што ќе војува против Византија. Таков сојузник до 10 век беа Бугарите, а од 13 в. беа Србите.

Македонците станаа сојузници на Србите и со тоа се ослободија од Византијците. Тие се присоединија кон Србија, но тоа присоединување не беше присилно, а врз основа на договор помеѓу македонските големци и српските кралеви. Тоа беше резултат на еден компромис помеѓу првите и вторите, компромис погоден и за едните и за другите. Македонија под српските кралеви, особено под Душана, имаше полна самостојност во внатрешните работи и тоа таква со каква што не се ползуваше ни еден друг дел од големата империја на Душана. Тоа се гледа од титулите што ги носеа македонските големци и од нивното влијание во империските работи. Тоа се гледа и од големата приврзаност на Македонците кон царскиот трон. За да се убеди човек во тоа нешто, доста е да ја прегледа историјата на Немањиќевата држава од времето на цар Душана до смртта на Волкашина, особено периодот на распаѓањето на Душановата Империја. Одовде ќе се убеди човек оти центарот и најголемата улога во таа империја ѝ припаѓаше на Македонија. Од секаде од периферијата на Душановата Империја по неговата

смрт отпаѓаат областите една по една. Македонија го крепи Урошевиот престол и македонскиот големец крал Волкашин е главниот советник и десна рака на Уроша. Сите го мразат Волкашина за неговата улога и влијание врз Уроша, но царот му верува, македонските големци: 70 кралеви и банови, според народните песни, му веруваат и му даваат 70.000 војска со нив да умре на Марица за царот и „српското име".

Седумдесет илјади души војска од 70 кралеви и банови! Како се викаше таа војска? Чие име го носеше и кој ѝ го кладе? Сите се викаа „Срби", но во нив имаше толку Срби, колку што во војската на цар Симеона имаше Бугари-Монголи; па ми се чини дека ги имаше и помалку. Значи, во 14 век Македонците официјално го носеа името Срби, коешто немаше зошто да го презираат и да се лутат на него. Во тоа име тие не наоѓаат ништо лошо.

Србите беа главната воена сила против Византијците. Нашите прадедовци беа нивни сојузници. Византијците сите свои противници, т.е. и Србите и нас, ги викаа Срби. Малку по малку тие не прекрстија од Бугари на Срби. Истото тоа се поддржа од признавањето на суверенитетот на Душана во Македонија и од улогата на нашите големци во неговата држава. Ние станавме за надворешниот свет Срби, после истапивме како српски поданици и најпосле името Србин фати да означува Македонец, не Грк, не Влав и не Албанец.

Едно нешто не го зачува српското име во Македонија; тоа е карањето помеѓу крал Марко и кнез Лазар. Последниов истапи како противник на Турците со името Србин и со тоа Турците го врзаа со поимот Србин и Србија денешното кралство и неговите жители. Марко и неговите поданици во очите на Турците не можеа да бидат Срби, зашто не им се спротивија и не покажаа таква воинственост против нив, каква што покажаа кнез Лазар и неговите поданици.

И така, до идењето на Турците кај нас ние трипати бевме прекрстени:

1. Словени, 2. Бугари, 3. Срби.

Но, со тоа не се сврши се. Дојдоа Турците: се зафати борба помеѓу христијанството и муслиманството, борба помеѓу крстот и полумесецот. Но, со тоа не се пресече борбата помеѓу словенството и грцизмот. Турското господство на Балканскиот Полуостров беше историски период кога потчинетите мислат да го зачуваат нивното историско наследство. Се разбира оти се зачува само она што можеше да се зачува и што не сакаа да ни го земат, зашто не им беше нужно и не беше опасно за нив. Турците ни ја зедоа земјата и си ја разделија меѓу нив. Ние се примиривме со таа загуба. Фатија да ни земаат наши деца, да ги потурчуваат и да прават од нив јаничари. И тука молчевме. Турците видоа зорт додека да ја покорат Србија и името Србин означувало за нив разбојник. Ние свивме глава и не се викавме Срби за да не го налутиме агата. Тој не сакал да се викаме и Бугари; и Бугари не се викавме. Турчинот ќе ни дојдеше во куќата, ќе се најадеше, ќе се напиеше и ќе ни речеше: Бре ѓаур! ај донеси ми тоа и тоа! - ќе му одговоревме: Сега, беим! Ако не прашаше некој Турчин што сме - ќе му одговоревме дека сме или „каури", т.е. неверници, или „раја на царот". Со други зборови, ние пред Турците се

кажувавме така како што нема да се налути агата. Пред Турците ние сме „каури" и „раја", и „каури" фативме да се викаме и меѓу нас. Во народните песни не еднаш се употребува името „каурин" и „рајатин", и „земја каурска" или „земја рајатска" во етнографско значење.

Значи, Турците од нас направија народ „каурски" и „рајатски", термини засновани врз нашата пониженост пред Турците, врз религиозната разлика помеѓу нас и нив и врз нашата општествена положба.

Но освен Турците, по загубувањето на нашата слобода, наши „воспитачи" и господари станаа Грците.

Ние видовме во Грците духовни господари и верски началници. Ние бевме и спрема нив исто така принизени, како и спрема Турците. Грците со црквата не експлоатираа нас и сакаа под турското владеење да го направат она што не можеа до него. За да не претопат нас, тие одбегнуваа да не викаат со народното име. Тие ни велеа дека сме биле ние христијани, а ние тврдевме: А бре брате, христијани сме, ами што сме! Кога ќе се налутеа на нас и ќе не наречеа тврдоглави Бугари, ние пак ќе речевме: Е па така си е: вистина, христијани сме, ама не сме образовани како Грците! Нашите глави не разбираат; ние сме Бугари. Со еден збор, во турско време ние потврдувавме и се согласувавме со се што ќе ни речеа Турците и Грците. Но Турците со тоа што не нарекоа нас: рајати и ѓаури, гледаа на нас како на луѓе не од извесна народност, а што се во извесен однос спрема нив, господарите и правоверните. Во истата смисла ги употребувавме и ние, однесувајќи се кон себе, тие имиња. Значи, Турците во нивната држава не признаваа народности. Исто така не знаевме за нив и ние. Грците исто така не ги разликуваа словенските народности и сите Словени, особено тој дел од нив што им причини најголеми непријатности и се наоѓаше во турско време под нивната заштита, тие го презираа и го наречуваа со презреното за нив име „Бугари". Но тоа име го искажуваше презирот на Грците, а не и достоинства на Бугарите, затоа се придружуваше со зборот тврдоглави или „хондрокефалос".

И така дојдовме до националното наше име што го имаат носено нашите татковци, дедовци и најблиски прадедовци. Но видовме оти онде имаме работа не со едно, ами со цели 4 имиња, коишто означуваат дека до пред неколку години немало точно определено народно самосознание. Името Бугарин, кака што се гледа, до половината на 19 век немало за нашите прадедовци поголемо значење од имињата: христијанин, рајатин и каурин. До тогаш ние знаевме дека има и дека имало каурски, рајатски и христијански земји и држави. Но ние се сметавме за каури, христијани и рајати и помниме дека сме имале наша каурска и рајатска царштина, но сме ја загубиле на Косово Поле, кога им се налутил господ на нашите прадедовци. Таму, т.е. на Косово Поле рекол господ да си ја загубиме царштината за казна затоа што не сме ја чувале верата чиста. Таму нашите каурски царови извадиле голема војска да се бие со Турчинот, но како рекол господ да ја загубиме царштината, од сите парчиња на кои бивале раздробувани Турците никнувале нови Турци. Кога го виделе тоа царовите, рекле оти господ сака каурите да ја загубат царштината и да му се

потчинат на Турчинот. Така Турците ни го презеле царството. На Косово паднале двајца царови.

По таквото „јасно" претставување кај народот македонски за неговата „бугарска" народност, може ли да станува збор за бугарско национално самосознание кај Македонците?

Ако е така, ќе приговори бугарската партија од Македонци, тогаш што означува црковното прашање, во кое Бугарите и Македонците одеа рамо за рамо и последниве се викаа и работеа со името Бугари?

Еве што означува: Македонците беа крстувани со национални имиња со кои тие се разликуваат од другите соседни со нив народности, т.е. од Турците и од Грците, па и од Власите. Првите не го трпеа името Србин поради српскиот отпор при завојувањето на Балканскиот Полуостров. Во Турција до руско-турските војни зборовите „Срб-ѓаур" треба да го означувале тоа што сега го означуваат зборовите „москов ѓаур". Се разбира оти не само што самите не се викале Срби, туку им било непријатно да се викаат и од други така. Така не ги викаа ни Грците, зашто последниве не видоа големи лошотии од Србите. Па и немало зошто: името Србин погостува во Македонија како политички термин само малку време. Тоа и се заборави скоро, без туѓо пријатно потсетување за него. Од турско гледиште и не е право Македонците сите одред да се викаат „Срб-ѓаури", зашто тие им се предадоа на Турците. А ако се испразни од Македонија името Србин, тогаш ќе остане за Македонците само името Бугарин што беше политички и етнографски термин уште до турското завојување. Тој термин не беше лош од турско гледиште, а од грчко тој беше многу удобен, зашто со него најубаво можеше да биде искажан презирот и омразата на Грците кон нас. Ете зошто ние, меѓу другото, се признавме за Бугари, т.е. тврдоглавци.

Значи, нас со Бугарите нѐ врзуваше едно заедничко име, еднаков однос кон нас од страна на Грците и Турците, еднаква жед за слободен од фанариотите и Турците живот. Таа опшност не побуди заедно да се бориме со општите непријатели. Но таа опшност не е нешто што почива врз некакви заеднички спомени и заеднички историски задачи што да се сознаваат и да се имаат сознавано од нас и од Бугарите еднакво. Нашата опшност е проста случајност. До крајот на првата 1/4 на 19 столетие се ослободија од Турците сите балкански земји, освен Бугарија, Тракија, Македонија, Босна и Херцеговина. Првите три географски беа многу близу и еднакво се третираа од Турците и Грците. Последните две беа одделени од првите три и беа во поинакви односи кон Турците и Грците. Затоа првите три штом се разбудија фатија да живеат со заеднички идеали, а вторите две со други, пак заеднички.

Но, ако при националното разбудување на Македонците имавме друг вид на политичката карта на Балканскиот Полуостров, тогаш Македонците ќе работеа сосема поинаку. Ако беше Бугарија со Тракија слободна, а Србија заедно со Македонија поживееше 50 години при едни исти услови, тогаш

Македонците ќе работеа заедно со Србите, а не со Бугарите. Исто така Македонците можеа да работат и заедно со Грците, да можеа Грците да работат поумно и да беа само Грција и Македонија под Турција околу 50 години, кога сите други балкански земји би биле слободни.

Бугарското име во Македонија, значи, е резултат на лошото третирање на Македонците од страна на грчкото духовенство. Грците ја уништија Охридската архиепископија затоа што се спомнуваше името „бугарска", како историски релиљуиум, но го употребуваа името Бугарин за да го овоплотат во него својот презир кон се словенско. И имено тоа овоплотување на грчкиот презир кон нас и е причината да се викаме „Бугари", а не историските традиции. Последниве, напротив, ништо не ни зборуваат за Бугарите, а повеќе за српското име во Македонија. Значи, Грците не крстиле „Бугари", без да не прашаат нас, и ние, немајќи време да гледаме и да му најдеме мана на името, си го усвоивме.

Ако е така, а инаку и не може да биде, тогаш јасно е оти името Бугарин не зборува уште за бугарска народност во Македонија. Тоа име сега вештачки се поддржува во Македонија, како што и се насадува таму во најново време името Србин. Името Бугарин во Македонија сега нема место, зашто веќе цели 25 години како живееме ние Македонците одделен живот од Бугарите. Меѓу Бугарите и нас има многу малку заеднички интереси сега. Македонија е нужна за Бугарија, затоа последнава праќа во првата ката година милион франкови и издржува на служба многу Македонци. Бугарија пак е нужна за Македонците, зашто во неа Македонците ќе добијат место и ќе експлоатираат со нивните „бугарски" чувства. Значи, во текот на последниве 25 години односите помеѓу Бугарија и Македонија почиваат не врз почва на еднакви традиции и задачи, а на чисто трговска основа т.е. едниот го експлоатира другиот.

Значи, името Бугарин во Македонија, со кое сега експлоатираат Бугарите, никако не е национално и затоа никој од Македонците нема право со него да ги експлоатира македонските интереси во негова полза. Никој не ни има дадено право заради него да ни се набркуваат Бугарите во нашите работи. Татко ми, дедо ми, прадедо ми, ако се викале поради недоразбирање Бугари, тоа уште не значи оти и јас треба да сум како нив во мрак за мојата народност; ако се викале тие Бугари, тоа не значи оти ние ќе треба да престанеме да им веруваме на Русите за атер на разни Стамболовци и Свирчовци, наместо заедно со нашата пролеана крв ние да си го бараме правото од каде што треба, да допуштиме да ни се бркаат во работите луѓе што и самите не знаат што бараат; ако се викале моите дедовци Бугари, уште не значи дека јас имам право да ги експлоатирам македонските интереси со издавање весници, кои наместо да ги бранат интересите на нашиот народ - ги бранат бугарските и интересите на бугарскиот кнез. Нашите дедовци наречувајќи се Бугари и не мислеле оти

ние ќе правиме од тоа име капитал за да се најадеме, да се напиеме и да се облечеме со него.

Значи, кај Македонците името Бугарин е фалшива монета со која тие им плаќаат на Бугарија и нејзиниот кнез и на нивната татковина и нивниот народ. Време е да се раскрие тој фалш за да се престане да се експлоатира со него.

*

*   *

Од дотука реченото се гледа: прво, оти ако по нашите сегашни етнографски сфаќања на Балканскиот Полуостров, особено на централниот и југоисточниот негов дел, т.е. во денешна Србија, Бугарија, Тракија и Македонија имало и има само две словенски етнографски единици - српски и бугарски народ, тогаш тоа уште не значи дека нема, немало и не може да има друга словенска единица, а напротив, дека нејзиното постоење е во пределите на возможното и на реалноста; второ, дека во Македонија нема две јужнословенски народности - српска и бугарска, а напротив дека во неа има само една народност со свои особини, коишто или претставуваат нешто оригинално што се нема ни кај Србите ни кај Бугарите, како што е, да речеме, со многу особини на македонските наречја, или нешто што се има и кај Бугарите и кај Србите или коешто се има само кај Македонците по краиштата на нивната татковина и кај Србите, или пак по нив и кај Бугарите, и дека од тие особини на Македонците, како дел од словенската група народи, најмногубројни, најраспространети, заеднички за сите Македонци, значи и најважни се тие особини со кои Македонците се одликуваат од другите словенски народи: по нив Македонците фактички составуваат одделна и самобитна словенска народност, иако за неа денеска не се зборува во науката и во секојдневниот разговор; трето, дека причината за тоа игнорирање и затемнување на постоењето на македонската народност се крие во постоењето на името „Бугари" во Македонија во етнографско значење и во експлоатирањето со него од страна на Бугарите. Исто така, се запознавме со потеклото на името Бугарин во вид на етнографски термин во Македонија.

Со други зборови, ние се запознавме досега со тоа дека составувала, составува и може Македонија да составува од себе одделна етнографска единица.

Сега ни останува да видиме дали таа составувала, составува и може да составува таква единица во политички однос?

Во одговорот на овие прашања ќе треба да се продолжат расудувањата за народноста на Македонците од таму каде што ги оставивме.

Ние видовме оти во Македонија името Бугарин е последната метаморфоза во развивањето на нашето национално самосознание и дека е резултат на таа политика и општествена положба во којашто бевме поставени од завојувањето на Балканскиот Полуостров од Турците. Врз основа на сето тоа што го реков јас за

историјата на националните имиња што се имаат сменувано едно со друго, како и за причините за тие сменувања, ќе изникнат многу злоупотреби. Можеби мнозина ќе ме осудат како србофил. Можеби самите Срби на него ќе ги засновуваат своите шовинистички претензии на Македонија. Можеби, најпосле, ќе го експлоатираат Србите сето речено за изменувањето на нашето национално име за да докажат дека Македонците никогаш немале национално самосознание и не играле никаква самостојна историска улога, ами влегувале само како суров материјал во државниот организам на бугарската или на српската држава.

Меѓу другото, такви недоразбирања можат да се очекуваат, како од тоа што јас категорички ја осудив бугарската политика по македонската прашање, од кое можат да помислат дека јас сум бугарофоб и србофил, и со таа и од експлоататорската тактика на балканските Словени во македонското прашање.

Србите можат да затрубат дека Македонците се Срби, штом не се Бугари, зашто така се викале до турското доаѓање на Балканскиот Полуостров. Исто така, можеби некои Срби во моите расудувања за непостојанството на народното име кај нас ќе најдат потврда на мислите на проф. Миловановиќ, којшто докажуваше во „Дело" дека треба Македонија да се подели помеѓу балканските државички, зашто не претставувала ниту географска, ни етнографска, ни историска целина.

За првото еве што може да се рече: Македонците сите заедно се викале Срби не повеќе од педесет години, а во некои делови, и тоа во северните, нека било сто и сто педесет, но не и повеќе години. Името Србин тогаш имало повеќе државна смисла и помалку етнографска. До тогаш и во турско време го немало кај нас. И ако е така, тоа е не ли шовинистичка заслепеност да ни се наврзува сега нам на сите Македонци, па и само на северните наши сонародници, наместо бугарското име?

За тврдењето на проф. Миловановиќ дека Македонија не составувала и не составува географска, етнографска и историска целина, за кое некои можеби ќе најдат потврда во моите расудувања за изменувањето на националното име кај нас, освен тоа што е речено кога станува зборот за прашањето дали има во Македонија две словенски народности, ќе го речам уште следново:

Иако е Македонија составена од неколку котлини, разграничени со високи планини, пак таа во денешниот нејзин вид има живеано одделно од Бугарија и од Србија или самостоен живот или под други држави. Тоа е јасен доказ оти нејзината среќа не зависела само од Србија и Бугарија и оти високите планини што ги заобиколуваат македонските котлини уште не се таква опасност за заедничкиот политички живот кај нивните жители. Така Македонија во нејзиниот денешен вид, до образувањето на бугарската држава беше една полусамостојна византиска област. После таа цела потпадна под Бугарија. Кога последнава падна под Византија, Македонија беше слободна држава за извесно време и со успех се бореше против Византија и ја имаше под себе цела денешна Србија. После Македонија потпадна под Византија и во текот на неколку века во разни нејзини делови се дигаа востанија против покорителката. Кога се ослободи Бугарија и се

усили државата на Немањиќевците, во која влезе поранешниот дел од Македонија, т.е. денешна Србија, - таа, т.е. Македонија во денешната нејзина големина уште остануваше византиска земја, каде што продолжуваа да се креваат востанија против Византија, за коишто се бараше сојуз и покровителство од соседните држави. После Македонија цела влезе во државата на Немањиќевците. Во неа таа како да била привилегирана и самостојна во внатрешната политика. При крал Волкашин Македонија пак како да се одделува од другите делови на Немањиќевата држава и како да се сосредоточува околу него. Во царувањето на Марко Крале таа сосем се одделува од српските земји и се поставува во особен однос кон турско-српските односи и војни. Во турско време таа е врз истите основи под турското владеење. По Берлинскиот договор таа е сама од сите други јужнословенски земји под Турција и веќе живее таков одделен живот повеќе од 25 години.

Од овој површен поглед врз историските настани во Македонија се гледа оти горе-долу сите македонски котлини имаат една и иста историска судбина, горе-долу сите нивни жители имаат особен, одделен историски живот, неретко самостоен, или пак вклучува во себе заедничка борба за политичка слобода. Ако се прифати на вид оти таа заедничка историска судбина, тие заеднички политички борби и самостојниот политички живот е судбина на едно исто словенско население и на еден и исти народ, тогаш ќе биде јасно оти тврдењето дека Македонија не составувала географска, етнографска и историска целина е засновано не врз реалноста туку на српските сметки за Македонија.

Овој површен поглед врз историјата на Македонија ми се чини не само што покажува дека ние Македонците си имаме своја историја и дека сме народ чии судбини се развивале во врска со судбините на другите соседни нам народи, но и дека има во нашата историја многу самобитно и своеобразно, како што е, да речеме, самостојната Охридска архиепископија со нејзиното работење на полето на народното просветување. Исто така, овој историски поглед покажува дека речиси во сите времиња се забележува силно работење на народниот дух врз културно-историска основа, резултат на која се јавува образувањето на силна македонска држава од царот Самуил и богата народна литература.

А ако Македонија досега, со мали исклучоци, се развивала одделно од Бугарија и Србија, тогаш таа може да го прави тоа и во иднина, уште повеќе што пропагандите - бугарската и српската - ги употребуваат сите и дозволени и недозволени средства за да искоренат се самобитно, се чисто македонско во нашиот народен живот. Самостојниот политички развиток на Македонија е неопходност, како нешто без кое ние не ќе располагаме со доста средства да се бориме со пропагандите за да ја зачуваме од нив нашата национална самобитност.

## Неколку збора за македонскиот литературен јазик

Во четирите горни статии во оваа книга јас сакав да им ги обрнам погледите на моите сонародници на нуждата од едно кореноизменување на досегашниот процес на нашиот духовен развиток, како и на тоа дека моите погледи во тој случај не се нешто ново и безосновно, а се само чекор напред во досегашното развивање на нашето национално самосознание и дека затоа се сосем природни и основани.

Се разбира оти во една мала книга, како што е оваа мојава, не може подробно да се разгледаат сите засегнати прашања. За секое од нив би можело да се напише по една цела книга. Но сега-засега од такви подробни разгледувања за засегнатите прашања уште нема голема и неодложна потреба; затоа требаше за сите од нив да се кажат по неколку збора, зашто тие едно без друго се нејасни и неразбирливи. Освен разгледувањето на сите засегнати прашања, за да биде јасно појавувањето на книгава, сега ќе треба да се кажат неколку збора за своевременоста на книгата и нашиот литературен јазик.

Мнозина може ќе речат оти вистина добро е човек да се позамисли над прашањата засегнати во оваа книга, но сега уште не му е времето. Во оваа книга, ќе речат тие, се внесува раздор и разединување меѓу нас наместо соединување, коешто сега-засега ни е толку нужно. За македонска народност, македонска литература и литературен јазик ние ќе можеме да му мислиме само кога ќе заживееме еднаш слободен политички живот; а до тогаш нам ни треба ние да сме соединети и да го оставиме настрана националното прашање.

На тоа јас можам да го одговорам само ова: по моето мислење, сегашните, т.е. мирцштегските реформи се максимумот што можеше револуцијата да го ископча од Европа. Револуцијата напролет ќе биде најглупавото што можеме ние да го направиме. Со револуцијата напролет ќе се користат само нашите непријатели што си имаат само сметки спротивни на нашите национални интереси. Револуцијата напролет само ќе не уништи наполно нас и ќе ги уништи плодовите добиени од неа досега, зашто таа ќе биде насочена не против Турција, а против неа и реформаторските сили и затоа што тоа ќе биде не по наши сметки, а по сметките на некоја голема сила и некои мали балкански држави што ќе не натераат нас да се дигаме, а после ќе не оставаат на сретпат; најпосле, затоа што ако ние против сите аргументи на здравиот разум пак подигнеме востание, ќе бидеме само основа на дипломатска борба меѓу реформаторските држави и некоја трета, која борба ќе се сврши само со нашето поништување. Затоа ние треба да се откажеме од секоја мисла за револуција напролет, уште повеќе што реформите ќе се воведат, зашто со нив е врзана честа на две големи сили што се во состојба да постават се на своето, - и да се зафатиме за нова, т.е. културна борба, во која првото место ќе треба да го заземе прашањето за нашата народност и нашиот национално-религиозен развиток. Значи, токму сега му е

времето да се мисли за нашиот јазик, нашата национална литература и воспитувањето во национален дух. Сега настапува време за интерес за национално-религиозни прашања.

Тој интерес малку е задоцнет, но од тоа сè уште не следува дека тој си нема сега место меѓу нас и дека може да ни напакости.

Ако сме логични, тогаш треба да признаеме оти автономијата на Македонија, за која досега револуционерите се бореа, има смисла само во тој случај ако револуционерите согледуваа во нашиот народ такви квалитети и особини што се немаат кај другите балкански народи, а се само наша карактерна црта. Само согледувањето на тие своеобразни црти во карактерот, наравите, обичаите, животот, преданијата и јазикот на нашиот народ е важна причина да сме ние против делењето на нашата татковина и за нејзината автономија, зашто дележот ќе ни искорени се што ни е мило и ќе ни наврзе многу противно нешто на нашиот народен дух. Само одделното македонско национално самосознание кај нас ни дава морално право да се бориме против барањето на малите балкански држави да се раздели нашата татковина и да се бориме против пропагандите што готват почва за дележ. А ако не може да се добие автономија, треба ли ние рамнодушно да гледаме на работењето на пропагандите и да се бориме со едно ново течење што е насочено само против нив само затоа што тоа течење ќе ја ослабело најсилната пропаганда? Никако не, зашто ни една пропаганда, колку и да е таа силна, не може да ни го даде тоа што го очекуваме ние од неа. Сите пропаганди се пропаганди само на свои, но никако не и на наши интереси и од нив никогаш немало ништо особено за народот. Спасот никојпат нема да ни дојде од пропагандите, зашто ако е денеска едната посилна - утре ќе стане и другата таква, а првата ќе ослабне. Пропагандите најпосле само можат да ја достигнат својата крајна цел - дележот, коешто не го сакаат и оние што се против националниот сепаратизам. Значи, последниов не е неумесен во сегашните околности и може да ни даде само добри плодови, но не и да ни напакости.

Штом си има место националниот сепаратизам, тогаш тој треба да се појави во милоста кон се што е народно и на прво место во милоста кон народниот јазик.

Јазикот е средство со кое ние дознаваме што мисли, што чувствува и што сака нашиот собеседник. Во јазикот има одделни гласовни знакови или зборови за сите мисли, чувства и желби на еден човек, затоа јазикот на еден народ е негово духовно богатство и наследство во кое се заклучуваат отпечатени во гласовни знакови или зборови сите народни мисли, чувства и желби со коишто има живеано и живее еден народ и коишто се предаваат како нешто свето од едно поколение на друго. Да си го зачува некој својот народен јазик и да го брани како светиња, значи да му остане тој верен на духот на своите прадедовци и да почитува се што имаат тие направено за своето потомство. Да се откаже човек од својот народен јазик значи да се откаже тој и од народниот дух. Со тоа само се објаснуваат и желбите и усилбите на покорителите да ги направат поко-

рените да се откажат од својот јазик и на негово место да го научат нивниот; исто така со тоа се објаснува упорноста на покорените народи да си го зачуваат сето свое духовно народно наследство, а особено јазикот.

Таква мислост кон нашиот народен јазик треба да имаме и ние, ако сакаме да му останеме верни на духот на нашите прадедовци. Милоста кон народниот јазик е наш долг и наше право. Ние сме должни да го милуваме нашиот јазик, зашто тој е наш исто така како што е наша татковината. Првите гласови што ги имаме чуено се гласовите на нашите татковци и мајки, гласовите и зборовите на нивниот народен јазик. Преку нив ние ја добивме нашата прва духовна храна, зашто со нив се осмислуваше се што гледавме со нашите очи. Со народниот јазик ние ја освојуваме психологијата на нашите татковци и прадедовци и стануваме нивни духовни наследници, како што сме со снагата нивни телесни продолжувачи. Ако се однесуваме со презир кон народниот наш јазик, ние само им враќаме со неблагодарност на нашите родители за сето нивно духовно гледање и воспитание. - Ние имаме и право, освен долгот, да го браниме нашиот јазик и тоа право ни е свето. Секој што го напаѓа нашиот јазик ни е исто таков наш непријател како и напаѓачот на нашата вера. Верата и јазик - тоа се душата на еден народ, со изменувањето на кои еден народ прави коренен душевен преврат: тој се откажува од се поранешно и зема се ново. Тој коренен преврат, ако станува постепено во текот на цели векови не е опасен, зашто едни делови од него се однесуваат за едни поколенија, други за други поколенија, така што едни делови преминуваат по наследство, како народно наследство, и само некои се нови. Тој коренен преврат не е опасен само ако е резултат од самостојното развивање на народот.

Но ако еден народ ги изменува својот јазик и својата вера во едно кусо време и под силно туѓи влијание, самиот без свест однесувајќи се кон таа измена, тогаш тој се откажува од самиот себе си и од неговите интереси и се предава и себеси и нив на еден посилен народ, којшто ќе постапи со него и со нив како што ќе му биде потребно; Значи, да се откаже еден народ од својот јазик значи да се откаже тој и од самиот себе си и од своите интереси; значи да престане да гледа на себе со свои очи, да суди за себе и за другите со својот ум и разум, а да чека укажување за се отстрана. Еден народ што си го загубил својот јазик личи на еден човек што си го загубил патот и не знае од каде иде и на каде оди и којшто не знае зошто оди ваму, а не онаму или таму. Колку во поскоро време еден народ го изменува својот јазик, толку поопасна и очајна е неговата положба.

Опасноста што го загрозува нашиот народ и неговите интереси од страна на пропагандите, коишто ги употребуваат сите и дозволени и недозволени средства за да го исчистат од Македонија нашиот јазик и со него нашите духовни интереси и да ги насадат на нивно место нивните јазици со нивните духовни интереси не само што не задолжува нас, но и ни дава полно право да ги употребиме сите и дозволени и недозволени средства за да го зачуваме нашиот наро-

ден јазик и со него нашите народни интереси. Притоа ние не сакаме туѓо, а си го браниме своето.

Јазикот е акустички резултат од физиолошкото работење на органите на човековиот говор, на којшто му се припишува извесно значење. Главните елементи на јазикот или човековиот говор се: органите за говор, нивното физиолошко работење, слухот, психолошкото восприемање на физиолошкото работење на органите преку слухот и присоединувањето кон восприманиот резултат на физиолошкото работење на органите на говорот или гласот или зборот, некое значење. Значи, јазикот е главно физиолошко - психолошка способност на човекот и како таква зависи од се што прави да се менува човекот, т.е. со развивање на еден човек и еден народ се развива и неговиот јазик, со нивното опаѓање - опаѓа и нивниот јазик. Човекот се менува во времето и во просторот: исто така се менува и неговиот јазик. Промените во јазикот на еден народ во времето ја составуваат историјата на јазикот на тој народ, а промените негови во пространството ги составуваат неговите современи варијации или дијалекти, поддијалекти, говори, подговори итн.

Секој народен јазик си има своја историја и свои современи варијации или дијалекти, поддијалекти итн. Своја историја и варијации си има и нашиот јазик. По таа историја може да се проучи како сегашните варијации се добиени од постари и последниве од еден општ македонски јазик, а тој од една јужнословенска група итн. Исто така по неа може да се проследи на која варијација или на кој дијалект во кое време имало поголема литература.

Историјата, како на нашиот исто така и на другите јазици ни покажува оти секој дијалект, поддијалект, говор и подговор може да се употребува во литературни творби. Таа привилегија на еден дијалект, поддијалект итн. да биде орган на литературната реч - според учењето на историјата на јазиците, им се дава ним не по некакви особени естетски предимства, а по чисто практични причини, т.е. по стекот на историско-културните околности. Тие околности денеска го подигнуваат едно наречје на степен на литературен јазик, утре друго итн.

Историско-културните услови секогаш господареа во создавањето на литературни јазици, господарат тие и сега. Благодарејќи ним, во најново време се откажавме да си избереме едно од нашите наречја за наш општ литературен јазик, а наместо тоа зедовме да се учиме и да пишуваме на туѓите соседни јазици, најповеќе на бугарскиот. Благодарејќи на условите, сега ние си го избираме за општ литературен јазик централното македонско, т.е. велешко-прилепско-битолско-охридското наречје.

Кои се тие историско-културни услови што не присилуваат: прво, да си создадеме свој литературен јазик и, второ, да си го избереме имено централното наречје?

Еве кои.

Ние видовме колку се народните интереси тесно врзани со јазикот, а последниов со карактерот и духот народен. Ние гледаме сега оти три национал-

ни и религиозни пропаганди во нашата татковина се борат една против друга и сите заедно се борат против нас и нашите интереси, сакајќи да им нанесат смртен удар и да си ги потчинат под себе, земајќи го со таа цел религиозното и училишното работење кај нас во свои раце преку црквата и училиштето за да ѝ нанесат смртен удар на нашата народност, ни го налагаат нам нивниот наместо нашиот јазик. Народните интереси ни налагаат, за да ги заштитиме нив, да го браниме нашиот јазик од пропагандите. Тоа бранење ќе биде успешно и ќе ги замрси сите планови на пропагандите ако биде задружно и општо. А за да биде такво, треба со општа согласност да се избере едно наречје за општ македонски литературен јазик. Согласност ќе има, ми се чини, само ако секој од нас прави избор не по некакви естетски мерила и не по чисто месни причини, ами од гледиште на општите интереси. Последниве пак налагаат: Периферните наречја да му отстапат место на централното. Како што во една држава има државен центар, којшто најдобро е да се наоѓа во средината на државата и кон којшто се собираат сите конци од државниот живот, исто така и во јазиковните или областите од сродни наречја треба да има еден центар, којшто по неговото значење треба да се однесува кон периферните наречја и говори така како што се однесува центарот и престолнината на државата кон крајните окрузи и околии. Околу централното наречје треба да се групираат сите наши научни и литературни сили за да го очистат и да го обогатат со сокровиштата од другите македонски наречја и да создадат од него еден убав литературен јазик. На него треба да се создаде една богата училишна, научна и убава литература за да може преку нив да се рашири низ цела Македонија во вид на литературен јазик што ќе ги измести од неа јазиците на пропагандите. А заедно со изместувањето на пропагандските јазици и со создавањето наш литературен јазик се изместуваат од Македонија и интересите на балканските државички и нивното место ќе го заземат создадените со јазикот македонски интереси.

И така, користа што ќе ни ја даде нашиот општ литературен јазик ни служи за мерило при избирањето наречје за таа цел и таа е главниот фактор при создавањето на нашиот нов литературен јазик.

При издигнувањето на едно наречје на степен на литературен јазик никогаш немаат играно важна улога неговите естетски својства. Тоа е едно, зашто практичните причини земаат врв над естетските, а друго, зашто последниве се релативни и повеќе субјективни. По таа причина поубави му се чинат на човека речиси само оние наречја и говори што ги слуша тој или ги има слушано почесто. Затоа и не може да се зборува за естетичност во јазикот, дијалектите и говорите.

Значи, еден Македонец од Источна или од Северна, или Јужна или Западна Македонија нема право да се противи да биде избрано централното македонско наречје за литературен јазик само затоа што не му се чинело убаво. Немаат право тие да протестираат против централното наречје и затоа што тоа е централно, како и затоа што изборот се прави од практични причини.

Сега да видиме дали избирањето на централното наречје за литературен јазик се оправдува од практично гледиште?

Битола се избира за резиденција на генералниот инспектор за Македонија и неговите советници - цивилните агенти. Таа се претвора во престолнина за Македонија. Таа нова престолнина не е далеку од старите: Преспа и Прилеп и од седиштето на до неодамна автокефалниот охридски архиепископ. Значи, централното наречје има зад себе, така да се рече, историски права. Последниве се засновуваат и врз неговата централна положба, што е како во географски така и во етнографски однос. Централен град во Македонија ни е Велес. Од тој центар географски ние само малку се оддалечуваме, идејќи преку Прилеп кон Битола и Охрид. Таквиот правец при оддалечувањето од географскиот центар се објаснува со тоа што тие краишта се од поголемо историско значење за Македонија, а од друга страна, тие се пооддалечени и од српскиот и од бугарскиот јазичен центар, составувајќи од себе македонски јазичен центар. И вистина дијалектот велешко-прилепско-битолско-охридски е јатката на македонскиот јазик, зашто на запад од него е дебарскиот (рока), на југ - костурскиот (ронка), на исток - источниот или солунскиот (р'ка) и на север - скопскиот или северниот (рука).

Создавањето литературен јазик е духовна потреба кај нас, со која се мисли да им се стави крај на злоупотребите на пропагандите со нашите интереси и со која треба да се создаде свој литературен и научен центар за да се нема нужда од Белград и Софија. А таа тешка задача ќе се постигне само ако Македонецот од Северна Македонија му подаде рака на својот брат од Јужна Македонија и оној од Западна. Подадените раце ќе се прекрстат околу Прилеп-Битола.

И така: стремежот на Македонците да си создадат свој културен центар; тоа што сега Битола се прави престолнина на Македонија; што Битола, Охрид, Прилеп се историски места за Македонците; како и тоа што составуваат тие географски и јазичен центар, - сите заедно прават да се прифати како општ македонски литературен јазик централното македонско наречје.

Откако ќе се избере наречјето што има да биде македонски литературен јазик, ќе треба да се разгледа и, прашањето за македонскиот правопис.

За правописот како и за правецот на нашето културно развивање, ќе треба тука да се направат неколку забелешки. Правописот на еден јазик, како и изработувањето на еден литературен јазик, може да оди постепено и полусвесно. Еден човек од еден народ што нема писменост може да ја научи азбуката од еден народ покултурен од неговиот. Тој човек може да ја употребува туѓата азбука и за гласови од неговиот јазик или да ги изложи своите мисли со помошта на туѓа азбука. Но ако во неговиот јазик има гласови што ги нема во јазикот од којшто се позајмува азбуката, тогаш позајмувачот на туѓата азбука ќе направи некои изменувања и дополнувања на неа, со кои ќе биде означена разликата во гласовите меѓу двата јазика. Таа позајмена и преработена азбука се предава од колено на колено и со предавањето се изменува и сѐ дотерува до својствата на

јазикот на позајмувачите. Така постепено и неосетно се изработуваат азбуките кај понекултурните народи од допир со покултурни народи. Но таквата постепеност има место ако два соседни народи се во нееднакви политички услови, тоа значи, едниот, т. е. покултурниот народ господарува, а другиот, понекултурниот народ е заробен или, најмалку, нема полна политичка слобода. Но, инаку одат работите ако двата народа имаат свои држави. Во таков случај позајмувањата, особено културните, станувaат посвесно и поскоро. Така христијанството и писменоста кај нас Македонците се имаат зафатено најрано од сите словенски народи. Тие се распространуваа со векови и одеа одоздола нагоре. Затоа во историјата ништо не се зборува за покрстувањето на нашиот народ. Но, со покрстувањето секојпат има идено и писменоста. Со премолчувањето на нашето покрстување се премолчува и процесот на образувањето на нашата писменост.

И така нашето духовно преродување и просветување кај нас, па и изработувањето на нашата писменост, поради географските и историските услови, има земено во првата илјадагодишнина по р.(аѓањето) Хр.(истово) инаков од, а кај другите православни Словени. Кај нас тоа се извршува постепено и незабележено, кај нив брзо и со извесна тенденција.

Од турското завојување на Балканскиот Полуостров стана една промена. Турското господство ни ги пресече сите врски со нашата старина: Најтешко се одрази тоа на Македонија, како централна провинција, па затоа во тоа време кога кај другите православни Словени постепено се изработуваше писмениот јазик и правописот ние се повеќе се обезличувавме и речиси сосем се откажавме од нашиот јазик како орган на литературната реч. Одвреме-навреме во текот на 19 век ние имаме обиди да се пишува на македонски, но поради некои историски причини тие обиди не се овенчаа со успех каков што би можело да се очекува од нив.

Литературните обиди на македонските пишувачи во 19 век, за жал, немаа такво значење за да добијат следбеници, затоа ако и сега во 20 в. гледаме некои обиди да се пишува на македонски, тоа не се прави свесно и од некакви патриотски влечења и цели, ами само за забава; Во тоа се состои разликата на нашата, т.е. македонската духовно-национална преродба од онаа на другите православни словенски народи, со други зборови: како што понапред ние постепено и први се просветувавме со христијанството и со писмото, а другите Словени - по нас и набрзина, така пак сега, во времето кога сите православни Словени постепено си изработија свои литературни јазици, свои богати литератури и постепено изработени правописи, ние останувaме поназад од сите, тукуречи без литературни традиции - не затоа што ги немаме, а зашто го заборавaме своето изучувајќи го туѓото.

Ние сега со брзина ќе треба да го разработиме нашиот литературен јазик, да го установиме нашиот правопис и да создадеме една наша литература што ќе им одговара на сите наши потреби. Со нашата сегашна национална преродба

ние им се спротивставуваме на другите православни Словени, како што се спротивставивме и понапред: тогаш бевме први во духовната преродба што кај нас беше бавна, а кај нив брза, сега наопаку: тогаш тие нас сакаа да не достигнат и работеа со извесна тенденција и брзина, сега наопаку.

Во зависност од тоа како се има развивано еден народ, и неговиот јазик и правописот може да биде различен. Ако еден народ само постепено си го изработува своето писмо и него го преработува и притоа во неговата историја нема такви настани што ја преполовуваат и прават цела пропаст помеѓу едната, т.е. старата, и другата или новата половина, -писмениот јазик и правописот содржат во себе многу такви особини што немаат реална вредност во гласовите во сегашната состојба на јазикот. Но, ако во историјата на културниот развиток на еден народ има два периода, меѓу коишто има еден како трети, но којшто е период на застој и е како непреодна стена меѓу нив, - тогаш во новиот период на развитокот на националното самосознание имаме преродба на народниот дух, коешто станува вистина врз стара основа, но во него влегуваат многу нови начела, во согласност со духот на времето и со специјалните потреби на народниот живот и неговите пројави. Таа преродба се одбележува и во книжевниот јазик и правописот: како едниот така и другиот се горе-долу слободни од некои традиции што не се согласни со современата состојба на разговорниот јазик.

И така, историјата на културниот развиток на народите, во согласност со нејзиниот од, содејствува: или за чисто етимолошки или историски правопис, или за мешан - етимолошко-фонетски или историско-фонетски, или најпосле за чисто фонетски правопис. Трите вида правописи зависат од поголемата или помалата приврзаност кон старата или кон новата состојба на еден разговорен или литературен јазик. Едниот од трите правописа се усвојува за еден литературен јазик кај еден народ што се преродува главно во зависност од таа тенденција што владее при народното преродување.

Штом е така, тогаш и нашиот правопис и правецот на нашиот литературен јазик ќе треба да биде во полна зависност од таа тенденција што ќе не раководи нас при нашата национална преродба. Каква може да биде таа тенденција се гледа од оваа книга. Но јас ќе си дозволам да повторам. Таа е: прво, Македонија да се неутрализира за Бугарија и Србија и да се оддалечи еднакво од двете држави, и второ, таа треба да се обедини врз јазична основа. Овие принципи ќе го раководат и правописот.

На тие два принципа одговара: 1. прилепско-битолското наречје за литературен јазик, како еднакво далечно и од српскиот и од бугарскиот јазик и централно во Македонија, 2. фонетскиот правопис со употребените писмени знаци во оваа книга и со мали отстапки на етимологијата, и 3. речничкиот материјал да е збир од сите македонски наречја.

Кон изданиево........................................ 3

## ЗА МАКЕДОНСКИТЕ РАБОТИ

Предговор ............................................7

Што направивме и што треба да
правиме во иднина? ..............................13

Има ли потреба за македонски национални
научнолитературни друштва?...................43

Националниот сепаратизам:
земјиштето на кое се има развиено
и ќе се развива за напред.........................59

Составувала ли, составува ли и може ли
Македонија да составува од себе одделна
етнографска и политичка единица? .........81

Неколку збора за македонскиот
литературен јазик ................................101

Prazna